FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# Пристапување во
# ЕВРОПСКАТА УНИЈА:

МСЕТ

# ЗА ШТО ЌЕ ПРЕГОВАРАМЕ?



# ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА:

# ЗА ШТО ЌЕ ПРЕГОВАРАМЕ?

ВТОРО ИЗДАНИЕ

**Скопје, 2010**

Пристапување во Европската унија: За што ќе преговараме?

Издава:
Фондација Институт отворено општество – Македонија

За издавачот:
Владимир Милчин, извршен директор

Автори:
Македонски центар за европско образование

Ликовно-графичко обликување:
Бригада дизајн

Печат:
Скенпоинт

Тираж: 1000 примероци

# СОДРЖИНА:


ПОГЛАВЈЕ 1 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ 7

ПОГЛАВЈЕ 2 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ 11

ПОГЛАВЈЕ 3 СЛОБОДА НА ДВИЖЕЊЕ НА УСЛУГИ 17

ПОГЛАВЈЕ 4 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ 23

ПОГЛАВЈЕ 5 ЈАВНИ НАБАВКИ 27

ПОГЛАВЈЕ 6 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА 31

ПОГЛАВЈЕ 7 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СПОПСТВЕНОСТ 37

ПОГЛАВЈЕ 8 ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНЦИЈА 41

ПОГЛАВЈЕ 9 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ 47

ПОГЛАВЈЕ 10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ 51

ПОГЛАВЈЕ 11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ 55

ПОГЛАВЈЕ 12 ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА 61

ПОГЛАВЈЕ 13 РИБАРСТВО 67

ПОГЛАВЈЕ 14 ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА 73

ПОГЛАВЈЕ 15 ЕНЕРГИЈА 77

ПОГЛАВЈЕ 16 ДАНОЦИ 83

ПОГЛАВЈЕ 17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА 87

ПОГЛАВЈЕ 18 93
СТАТИСТИКА

ПОГЛАВЈЕ 19 97
СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ

ПОГЛАВЈЕ 20 101
ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

ПОГЛАВЈЕ 21 105
ТРАНСЕВРОПСКИ МРЕЖИ

ПОГЛАВЈЕ 22 109
РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА

ПОГЛАВЈЕ 23 115
СУДСТВО И ТЕМЕЛНА ПРАВДА

ПОГЛАВЈЕ 24 119
ПРАВДА, БЕЗБЕДНОСТ И СЛОБОДА

ПОГЛАВЈЕ 25 125
НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

ПОГЛАВЈЕ 26 129
ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

ПОГЛАВЈЕ 27 133
ЖИВОТНА СРЕДИНА

ПОГЛАВЈЕ 28 137
ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЗДРАВЈЕ

ПОГЛАВЈЕ 29 143
ЦАРИНСКА УНИЈА

ПОГЛАВЈЕ 30 150
НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ

ПОГЛАВЈЕ 31 155
НАДВОРЕШНА , БЕЗБЕДНОСНА И ОДБАНБЕНА ПОЛИТИКА

ПОГЛАВЈЕ 32 159
ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

ПОГЛАВЈЕ 33 163
ФИНАНСИСКА И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ

ПОГЛАВЈЕ 34 167
ИНСТИТУЦИИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

ПОГЛАВЈЕ 35 173
ЗА ДРУГИТЕ ПРАШАЊА

# ВОВЕД

Македонскиот центар за европско образование (МЦЕО) работи на поттикнување на процесот на интеграција на Република Македонија во Европската унија преку професионална обука, консултанство, регионална соработка, лобирање за промени и развој на применети политики. Голем дел од активностите на МЦЕО се однесуваат на промоција на европските вредности и на придобивките од членството на Европската унија.

Оваа брошура е изработена за потребите на проектот „Акција за Европа", реализиран во партнерство со Фондацијата Институт отворено општество – Македонија (ФИООМ) и Младинскиот образован форум (МОФ), кој предвидува промоција на ЕУ на локално ниво преку дебати и обуки.

Целта на брошурата е да го запознае просечниот македонски граѓанин за реформите што Република Македонија мора да ги спроведе за да стане членка на ЕУ. Во неа се разгледуваат европските секторски политики, поделени по соодветни поглавја, како и обврските што Република Македонија ги има преземено со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

При конципирањето на оваа брошура, МЦЕО користеше дел од искуствата и промотивните материјали што државите од Средна и Источна Европа ги изготвуваа за промоцијата на ЕУ пред своите граѓани, особено брошурите и промотивните материјали на Република Хрватска како држава во процес на пристапување во членство во ЕУ.

Со надеж дека оваа брошура ќе ви помогне полесно да го сфатите процесот низ којшто Република Македонија треба да помине пред да стане членка на ЕУ, ве потсетуваме дека МЦЕО и натаму ќе ви биде на располагање доколку имате дополнителни прашања.



Андреја Стојковски
Претседател
Македонски центар за европско образование

# СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ



# ПОГЛАВЈЕ 1

## СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 15**

**Заедницата и Република Македонија постапно ќе воспоставуваат слободна трговска зона, за период што ќе трае максимум 10 години, со самото стапување во сила на оваа Спогодба, согласно одредбите на истата и во согласност со одредбите на ГАТТ од 1994 година и на СТО. Притоа тие треба да ги земат предвид конкретните барања наведени подолу.**

**Во трговијата помеѓу двете Страни за класификацијата на стоките ќе биде применета Комбинираната номенклатура за стоки.**

**Основните царински стапки за секој производ, за којшто ќе се применуваат последователни намалувања наведени во оваа спогодба, ќе бидат оние што се применливи ерга омнес на денот пред потпишувањето на Спогодбата.**

**Доколку по потпишувањето на Спогодбата се примени намалување на царините на ерга омнес основа, а особено намалувања што се резултат на преговорите за царини со СТО, ваквите намалени царински стапки ќе бидат заменети со основните царински стапки**

Добивањето датум за почеток на преговори на Република Македонија е најактуелната тема во државава. Има триесет и пет поглавја за преговори во коишто Македонија мора да го усогласи своето законодавство со она на Европската унија. По завршувањето на аналитичкиот преглед и оценката на усогласеноста на законодавството по поглавјата (таканаречениот „screening" процес), Европската комисија изработува извештај во кој дава препораки за натамошните преговори. Врз основа на тие извештаи државите-членки на ЕУ одлучуваат за отворање на преговори за секое поглавје поединечно или паралелно за повеќе поглавја.

Единствениот пазар е едно од најголемите постигнувања во заедничкото функционирање на Европската унија, а се состои од пет слободи: слободно движење на стоки, луѓе, услуги, капитал и знаење меѓу државите-членки. Стратегијата за воспоставување на единствениот пазар е прифатена во 1985 година. Оттогаш па се до 1993 година, кога единствениот пазар е конституиран, поминал низ разни фази од развојот со кои се отстранети многу технички и административни ограничувања, како и мерки на националниот пазар за заштита на домашните производи.

Поглавјето на преговори со наслов Слободно движење на стоки се однесува на низа специфични прашања кои се неопходни за создавање и за функционирање на заедничкиот пазар.

## Што значи слободното движење на стоки?

Слободното движење на стоки дава еднаква можност за пристап кон пазарот на истоврсни производи со потекло од различни држави-членки на Европската унија без законски пречки и без ограничувања на количеството. Корист од тоа имаат и производителите и потрошувачите: производителите поради ширењето на пазарот за пласман на нивните производи, а потрошувачите бидејќи им се нуди поголем избор на производи со пониска цена, што е последица на поголемата конкуренција. Така на пример, производите од Чешка или Унгарија може да се пласираат на германскиот пазар под исти услови како и германските производи.

## Кои услови мора да ги исполни продавачот за неговиот производ да ги задоволи барањата на пазарот?

Во Европската унија се востановени единствени технички прописи коишто мора да ги исполни секој производ, а нив секоја држава-членка ги презема во своето национално законодавство. Детално се утврдени прописите за производите со поголем ризик: хемикалии, лекови, козметички производи, текстил, обувки, дрво, кристално стакло и моторни возила. За другите производи се дефинирани само минималните услови што производот мора да ги исполни пред да биде пласиран на пазарот. Одредени технички услови се пропишуваат, на пример, за безбедноста на играчките, машините, градежните производи, дигалките, медицинските и плинските уреди итн. Пример за тоа е Правилник



за здравствена исправност на даден вид производ: за детските играчки кои се пуштаат во промет се пропишува забрана за загрозување на здравјето и безбедноста на децата, а играчките во рамките на декларацијата - и тоа на самата играчка или на амбалажата - треба да имаат трајно видливо означување за предупредување за можните опасности, што посебно се однесува на играчки наменети за деца до три години. Исто така играчките мора да содржат меѓународен знак за тоа на која возрасна група се наменети, односно за која не се предвидени (вообичаено: за деца до 3 години), а пропишани се и видови материјали кои може да се користат во изработката. Одредби слични на овие се одредени за сите други производи.

Посебни мерки и ограничувања важат само во случај на движење на културни добра (на пример уметнички добра) и оружје.

## Што е со стоките за чие производство постојат изедначени правила на ниво на целата Европска унија?

Во овој случај се применува принципот на взаемно признавање. Државата-увозник на производите на својот пазар настапува според законите кои за тој производ ги пропишала државата во која производот е произведен. Германија, на пример, своевремено забранила увоз на пиво од Белгија бидејќи содржи адитив кој германските пива го немаат. По спроведената судска постапка, Европскиот суд на правдата пресудил во корист на Белгија, бидејќи ниту една држава-членка на ЕУ којашто има сопствени стандарди за производи не може да бара и другите членки да ги применуваат нивните стандарди, туку мора да ги почитува стандардите кои за тој производ ги пропишала земјата на неговото потекло. Пристапот на производите од други држави-членки на националниот пазар државата може да го услови или забрани само во смисла на заштита на јавниот морал, јавната безбедност, јавниот интерес, животот и здравјето, заштита на националното богатство (уметничко, историско, археолошко), заштита на животната средина итн.

За исполнување на наведените услови државите-членки мора да имаат соодветни институции (заводи за стандардизација, акредитација, метрологија, агенции, инспекциски служби итн.) и доволен број на експерти за оценување на таканаречената сообразност на производите со техничките барања и норми, со што би се осигурало ефективно функционирање на заедничкиот пазар. Иако ова е заживеано пред повеќе од десетина години, донесувањето на прописи и мерки поврзани со единствениот пазар трае и ден денес.

ПОГЛАВЈЕ 2



# СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ

# ПОГЛАВЈЕ 2

## СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 44**

**Во зависност од условите и модалитетите кои се применуваат во секоја држава-членка:**

- **Работниците кои се државјани на Република Македонија и кои се легално вработени на територијата на државата-членка ќе бидат ослободени од секаква дискриминација по национална основа, а што се однесува до работните услови, надоместоците или отпуштањето, со нив ќе постапува како со своите државјани;**
- **Сопругот/сопругата или децата на работникот кој е легално вработен на територијата на државата-членка кои легално престојуваат, со исклучок на сезонските работници и работниците кои потпаѓаат под билатералните договори, во смисла на Член 45, доколку не е поинаку определено со тие договори, ќе имаат слободен пристап до пазарот на работна сила на таа држава-членка, за периодот колку што е одобрено вработувањето на работникот.**

**Република Македонија во зависност од условите и модалитетите во таа држава, ќе постапува како што е наведено во став 1 за работниците кои се државјани на државата-членка и кои се легално вработени на споменатата држава, како и со нивните сопружници и деца кои легално претстојуваат во споменатата држава.**

Слободата на движење на работниците е еден од основните принципи на ЕУ и една од петте слободи на внатрешниот пазар. Истовремено, оваа слобода е една од најважните права на Заедницата. Слободата на движењето на работниците е поврзана со низа прашања како што се слободата на движењето и одмор во текот на вработувањето во друга држава-членка и со сите гранки на социјално осигурување како што се пензиското осигурување, здравственото осигурување, осигурувањето во случај на невработеност и правото на семејни надоместоци.

1. Поглавјето 2 ги опфаќа следниве подрачја:
2. Пристап на пазарот на труд - вклучувајќи го ЕУРЕС
3. Координација на системот на социјално осигурување - вклучувајќи ја и Европската здравствена книшка.

### Кои права ги има државјанин на држава-членка на ЕУ при вработување во друга држава-членка на ЕУ?

Според одредбите опишани во правните прописи на ЕУ, работникот кој се сели во друга држава-членка има одредени права. Тие права, главно, значат:

- Право на работа без работна дозвола (освен работниците од новите држави-членки кои се опфатени со период на транзиција)
- Еднаквост на постапките при вработувањето како со државјаните на државата-членка во која се извршува работата
- Право на еднакви социјални привилегии какви што имаат и државјаните на државата-членка во која се вработува работникот
- Право на членовите на семејството да му се придружат на работникот и да добиваат семеен надоместок
- Целосна координираност на системот на социјална безбедност (пензиски права и придонес за социјално осигурување)
- Взаемно признавање на квалификации.

Една од целите на наведените права е и поттикнувањето на мобилноста на работната сила меѓу државите-членки на ЕУ, што е важен фактор во остварување на внатрешниот пазар.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 45**

**Водејќи сметка за ситуацијата на пазарот на труд во државите - членки, предмет на нивното законодавство и во согласност со правилата кои се во сила во државите - членки, во областа на мобилноста на работниците:**

- **постојните олеснувања при вработување на работници од Република Македонија што ги даваат државите-членки со билатерални договори треба да бидат запазени и по можност унапредени;**
- **другите држави-членки ќе ја испитаат можноста да склучат слични спогодби.**

**Советот за стабилизација и асоцијација ќе ги испита и другите можности, вклучувајќи го пристапот за професионална обука согласно важечките правила и процедури во државите-членки и водејќи сметка за ситуацијата на пазарот на труд во државите - членки и во Заедницата.**

И покрај загарантираните права, работната сила во ЕУ има мала просторна и професионална подвижност. Денес само 2% од работната популација на ЕУ работи во друга држава-членка на ЕУ. Според тоа, загарантираната слобода на движење на работниците и експертите во ЕУ не е искористена во голема мерка. Согледувајќи дека нискиот степен на мобилност на работната сила на ЕУ има негативни последици на стопанскиот раст, вработеноста и на стручната оспособеност на работната сила, Европската унија настојува да ги отстрани споменатите пречки со различни мерки со цел да се подобри состојбата со вработеноста и да се мотивира мобилност на работната сила. Донесувањето на Акциски план за стручно оспособување и мобилност и воспоставувањето на портал со информации за движењето на работниците во рамките на ЕУ заради полесно вработување се само некои од преземените мерки. Освен на ниво на ЕУ, се спроведуваат мерки и на национално ниво, на пример поттикнување на активности на секторско вработување (Австрија), посебна поддршка за поттикнување на мобилност на невработените (Германија и Шведска), промовирање мобилност во рамките на јавната администрација (Данска и Португалија) итн.



**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 46**

Ќе се постават правила за координација на системот на социјална сигурност на работниците државјани на Република Македонија кои се легално вработени на територијата на државата-членка или за нивните семејства кои престојуваат легално. За таа цел, одлуката на Советот за стабилизација и асоцијација не треба да влијае врз кои било права или обврски од билатералните договори, доколку тие обезбедуваат поповолен третман што ќе ги определи следниве одредби:

– сите периоди на осигурување, вработување или престој остварени на територијата на различни држави-членки ќе се соберат заради обезбедување пензија и ануитети по основ на староста, инвалидитетот и смртта и заради медицинска нега за тие работници или нивните членови од семејството.
– сите пензии или ануитети по основ на старост, смрт, повреди на работа или професионални болести, или инвалидитет што може да се јави како нивен резултат, со исклучок на неконтрибутивните бенефиции, ќе бидат слободни за пренесување на ниво што се применува во законот на должникот на државата или државите-членки;
– работниците, за кои се однесува тоа, ќе примаат семејни додатоци за членовите од нивните семејства како што е дефинирано погоре.

Република Македонија на работниците кои се државјани на државите- членки и кои се легално вработени на нејзината територија како и на членовите од нивните семејства кои легално престојуваат таму, ќе им додели третман сличен на оној кој е наведен во втората и третата алинеа од став 1.

## Период на транзиција – ограничување за новите држави-членки

ЕУ традиционално поставува одредени ограничувања во слободното движење на работниците од новите држави-членки, во форма на период на транзиција. Грција, на пример, имала преоден период од 6 години за движење на нејзините работници, кои во тој период имале обврска да поседуваат дозволи за работа и престој, исто како и недржавјаните на ЕУ. Сличен период на транзиција бил одреден и за Шпанија и Португалија во траење од седум години, во текот на кој на работниците на тие земји им бил ограничен слободниот пристап до вработување. Слободата на нивното движење е остварена постепено. Историјата на проширувањето на ЕУ покажала дека стравот од големи миграции на работници од новите држави-членки на пазарот на работниците на старите држави-членки е неоснован. Напротив, се докажало дека емиграцијата по проширувањето на ЕУ повеќе покажува пад отколку

пораст. И покрај тоа, одредени држави-членки на ЕУ и натаму поставуваат барање за периоди на транзиција (најчесто во траење од 7 години) за слободното движење на работниците од државите-членки за одредени занимања, зависно од побарувачката на одредени работни места. Во последното, петто проширување на Унијата, одредени се периоди на транзиција за сите нови држави-членки, освен за Кипар и Малта.

Напомена: Одлуката за период на транзиција ја донесува секоја држава-членка на ЕУ посебно, во зависно од состојбата на националниот пазар на труд и од побарувачката за работници во одредени занимања.

Во иднина, по влегувањето на Македонија во ЕУ, доколку се од-реди период на транзиција и за Македонија, ќе се применува правилото за предност на Заедницата. Тоа значи дека работодавачите од старите држави-членки ќе имаат обврска при вработување да им дадат предност на работниците од државата-пристапничка (во случајот Македонија) пред работниците од трети земји. Старите држави-членки ќе имаат обврска при вработување да им дадат предност на работниците од државата-пристапничка (во случајот Македонија) пред работниците од трети земји. И покрај загарантираните права, работната сила во ЕУ има мала просторна и професионална подвиж- ност. Денес само 2% од работната популација на ЕУ работи во друга држава-членка на ЕУ.

Во Поглавјето 3 сепак постојат исклучоци: не ги опфаќа финансиските услуги, земјоделските и транспортните.




NESTUM
NESTUM

# СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА УСЛУГИ



# ПОГЛАВЈЕ 3

## СЛОБОДА НА ДВИЖЕЊЕ НА УСЛУГИ

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 52**

**За да им се олесни на граѓаните на Република Македонија или на Заедницата да воспоставуваат и да извршуваат регуларни професионални активности во Заедницата, односно во Република Македонија, Советот за стабилизација и асоцијација ќе испита кои чекори се неопходни за заемно признавање на квалификациите. Тој може да ги преземе сите потребни мерки за таа цел.**

Слободата на обезбедување услуги е една од петте основни слободи кои овозможуваат функционирање на единствениот пазар на Европската унија (освен обезбедувањето на услуги тука спаѓа и слободното движење на стоки, луѓе, капитал и знаење). Законската рамка која овозможува слободно движење на услугите, а опфаќа и право на деловни ентитети, се разгледува во рамки на Поглавјето 3 од преговорите.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 55**

**Страните, во согласност со следните одредби, се обврзуваат да преземат неопходни чекори за да овозможат забрзана понуда на услуги од компании или од државјани на Заедницата или на Република Македонија кои се основани во другата Страна за лицето за кое се наменети услугите.**

**Во чекор со процесот на либерализација, споменат во став 1, Страните ќе дозволат привремени движења на физички лица кои обезбедуваат услуги или кои работат за обезбедувачот на услуги како клучен персонал, како што е дефинирано во член 53, вклучувајќи стручни лица кои се претставници на компании од Заедницата или од Република Македонија или државјани и бараат привремен влез со цел да преговараат за продажба на услуги или да склучат договори за продажба на услуги за обезбедувачот на услуги, во кои овие претставници нема да бидат ангажирани во директната продажба на услугите на јавноста или за себе.**

**Во втората фаза од преодниот период, Советот за стабилизација и асоцијација ќе презема мерки неопходни за прогресивно имплементирање на одредбите од ставот 1. Ќе се има предвид постигнатиот напредок на приспособување на законодавството на Страните.**

СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

**Член 56**

**Страните нема да преземаат какви било мерки или активности преку кои ќе се создадат услови за понуда на услуги од државјани на Заедницата и на Република Македонија или компании кои се основани на другата Страна, од онаа на која припаѓа лицето за кого се наменети услугите, кои се значајно порестриктивни во споредба со состојбата на денот на стапувањето во сила на Спогодбата.**

**Ако едната Страна согледа дека воведените мерки од другата Страна, по стапувањето во сила на Спогодбата, резултираат со состојба која е значајно порестриктивна во однос на понудата на услуги во споредба со состојбата на денот на стапувањето во сила на Спогодбата, може првата Страна да побара од другата Страна да започнат консултации.**

## Што е право на основање претпријатија, а што слобода на обезбедување услуги?

За слободата на основање претпријатија зборуваме во случај на трајно проширување на дејноста од една држава-членка на ЕУ во друга, започнување на самостојна дејност или основање на трговско друштво, додека слободата на обезбедување услуги се однесува на привремено или повремено обезбедување услуги надвор од границите на матичната држава.

Државите-членки мора да ги усогласат националните закони кои го ограничуваат правото на основање претпријатија и слободното обезбедување услуги во разни дејности, како што се уметничките, здравствените, правните, градежните и другите услуги и да обезбедат еднакви услови за сите без оглед на државјанството. Ограничувањата при основањето претпријатија или обезбедувањето услуги во форма на самовработување се можни во само строги определени случаи и мора да важат еднакво за сите, независно од државјанството или местото на престој.

## Признавање на професионалните квалификации

Поглавјето 3 содржи посебна директива за признавањето на стручните квалификации. Во неа се содржани одговори на голем број прашања со коишто граѓаните секојдневно се среќаваат: кога и под кои услови во една држава-членка ќе се признае одредена стручна квалификација стекната во друга држава-членка, дали имателот на некој сертификат или диплома ќе мора да полага дополнителни испити за проверка, дали ќе мора да одработи одреден стаж за признавање на неговите квалификации и сл.

Во однос на меѓусебното признавање квалификации, за неколку занимања квалификациите се признаваат автоматски, под услов државите-членки да прифатиле одредени минимални образовни стандарди за наведената професија. Овде станува збор за лекари, стоматолози, ветеринари, медицински сестри, фармацевти и архитекти. На лицата кои се занимаваат со овие професии мора да им се признаат квалификациите стекнати во нивните земји, со што би можеле да ја извршуваат дејноста каде било во ЕУ.

Со цел државите-пристапнички во ЕУ да се приспособат на законодавството во однос на слободното движење на услуги, стручните програми за образование мора да се усогласат со европските. Една од мерките за приспособување на единствениот систем на квалификации на ЕУ претставува и Болоњскиот процес кој се однесува на високото образование, а се разгледува во рамки на Поглавјето 26 - Образование и култура.

Во Поглавјето 3 сепак постојат исклучоци: не ги опфаќа финансиските услуги, земјоделските и транспортните.

## Поштенски услуги

Поштенските услуги во Германија не ги нуди исклучиво Дојче пост (Deutsche Posta) или во Франција Ла Посте (La Posteu). Европската комисија упатила предлог со којшто до јануари 2011 година пазарот на поштенски услуги во потполност би ја отворил вратата на конкуренцијата. Според предлог-одлуката, досегашнитефирмикоинуделе поштенски услуги во своите држави веќе нема да имаат монопол на поштенските пратки чија маса е помала од 50 грама. Сите држави-членки ќе имаат обврска да обезбедат распределба на тие работи меѓу повеќе понудувачи на услуги, се со цел да ги подобрат идните квалитети на поштенските услуги за граѓаните на ЕУ и со намера преку целосна либерализација на поштенските услуги да се намалат трошоците на потрошувачите и на претпријатијата.

Секторот на поштенските услуги е од исклучителна важност за деловните субјекти и за потрошувачите и се смета за услуга од општ стопански интерес. Пазарите на поштенските услуги се многу динамични и брзо се развиваат, следејќи го развојот на комуникациите и електронската трговија.

Се проценува дека на територијата на целата Европска унија давателите на поштенски услуги дистрибуираат речиси 135 милијарди пратки годишно, од што остваруваат годишен промет од 90 милијарди евра, што претставува речиси 1% од БДП на ЕУ. Целта на Европската комисија е да создаде заеднички пазар за поштенски услуги и да се обезбеди квалитет на услугите, постепено отворајќи пазарно натпреварување во тој сектор.

## СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

**Член 57**

Во однос на понудата на транспортните услуги помеѓу Заедницата и Република Македонија, ќе се применуваат следниве одредби:

1. Во однос на сувоземниот сообраќај, односот помеѓу Страните е регулиран со Спогодбата меѓу Европската заедница и Република Македонија во областа на сообраќајот, која стапи во сила на 28 ноември 1997 година. Страните ја потврдуваат важноста за доследната примена на Спогодбата.
2. Во однос на меѓународниот поморски транспорт Страните се обврзуваат ефективно да ги применуваат начелата на нерестриктивен пристап кон пазарот на сообраќај на комерцијална основа.
   **а**) Горенаведените одредби не ги ограничуваат правата и обврските според Кодексот на однесување на ОН за Конференцијата на превозниците, како што се применети од едната или другата Страна од оваа Спогодба. Превозниците кои не учествуваат во Конференцијата ќе можат слободно да конкурираат со превозниците од Конференцијата се додека се придржуваат на начелата на фер конкуренција врз комерцијална основа;
   **б**) Страните ја потврдуваат својата заложба за обезбедување слободна конкуренција како многу важна карактеристика на сувоземната и водната транспортна трговија со кабасти товари;
3. Применувајќи ги одредбите од став 2, Страните:
   **в**) нема да воведуваат клаузули за поделба на товарот во идните билатерални договори со трети страни, во други освен во овие исклучителни околности каде што линиските превозни компании од едната до другата Страна на оваа Спогодба не ќе има на друг начин ефективна можност да крстарат за трговски цели до и од третата заинтересирана држава;
   **г**) во идните билатерални договори за трговија со суви и течни непакувани производи, ќе забранат аранжмани за поделба на товарот;
   **д**) ќе ги укинат со стапувањето во сила на оваа Спогодба, сите унилатерални мерки и административни, технички и други пречки кои би имале рестриктивен или дискриминаторски ефект врз слободната понуда на услуги во меѓународниот поморски транспорт.

3\. Со цел да се обезбеди координиран развој и прогресивна либерализација на транспортот меѓу Страните адаптиран на нивните реципрочни комерцијални потреби, условите за заемен пристап на пазарот на воздушниот транспорт ќе бидат уредени со специјални Спогодби кои ќе бидат предмет на договор меѓу Страните по стапувањето во сила на оваа Спогодба.

4\. Пред склучувањето на Спогодбите, споменати во став 4, Страните нема да преземат какви било мерки или активности кои се порестриктивни или дискриминаторски во споредба со состојбата што постоела пред стапувањето во сила на оваа Спогодба.

5\. Во текот на преодниот период, Република Македонија треба да ја прилагоди својата легислатива, вклучувајќи ги административните, техничките и другите норми, кон оние во Заедницата во областа на воздушниот и копнениот транспорт кои служат за целите на либерализација на услугите и заемен пристап кон пазарите на Страните и за олеснување на движењето на патници и стоки.

Во чекор со општиот напредок при постигнувањето на целите од ова Поглавје, Советот за стабилизација и асоцијација ќе ги испита начините на создавање услови неопходни за унапредување на слободно обезбедување на воздушни и копнени транспортни услуги.



ПОГЛАВЈЕ 4

# СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ

# ПОГЛАВЈЕ 4

## СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 58**

**Страните се обврзуваат, во согласност со одредбите од членот VIII од Спогодбата за Меѓународниот монетарен фонд, да дозволат, во слободно конвертибилна валута, какви било плаќања и трансфери на тековната сметка на платните биланси меѓу Заедницата и Република Македонија.**

Во основите на функционирањето на единствениот пазар на Европската унија спаѓаат пет основни слободи:

- Слободно движење на стоки
- Слободно движење на луѓе
- Слободно движење на услуги и право на основање претпријатија
- Слободно движење на капитал
- Слободно движење на знаењето

### Што е слободното движење на капитал?

Слободното движење на капитал овозможува проток на средства во рамки на Европската унија, ја олеснува прекуграничната трговија, помага во мобилноста на работниците, го олеснува прибирањето на капитал потребен за започнување на бизнис и овозможува раст на економските субјекти и функционирање на интегрираниот, отворениот и ефикасниот внатрешен пазар, што е од интерес за сите граѓани на ЕУ.

Поглавјето 4 пропишува правила за слободно движење на капиталот меѓу државите-членки на ЕУ, а тие опфаќаат забрана на сите рестрикции во движењето на капиталот и плаќањата, како внатре во државите-членки на Европската унија, така и меѓу државите-членки и трети земји. Притоа постојат одредени исклучоци кои првенствено се поврзани со даноците, спречувањето на перењето пари, финансирањето на тероризам и сл.

Ова поглавје на законската легислатива содржи и правила за прекугранични вложувања во секторот на финансиски услуги и правото на сопственост на недвижности надвор од националните граници, а во рамките на Унијата.

### Можности за граѓаните, претпријатијата и трговските друштва во ЕУ

Слободното движење на капиталот на граѓаните им овозможува извршување на широк спектар на дејности во странство:

- Отворање на банкарски сметки во странски банки
- Купување на акции во странски компании
- Инвестирање

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 59**

**Во однос на трансакциите на капиталната и финансиската сметка од платниот биланс, по стапувањето во сила на Спогодбата, Страните треба да обезбедат слободно движење на капитал за директни инвестиции во претпријатија формирани во согласност со законите на државата домаќин и инвестиционите вложувања во согласност со одредбите од Поглавјето II од Глава V и ликвидација или репатријација на овие инвестиции и на профитот што потекнува од нив.**

**Во однос на трансакциите на капиталната и финансиската сметка на платниот биланс, по стапувањето во сила на оваа Спогодба, Страните треба да обезбедат слободно движење на капитал за кредитите врзани за комерцијални трансакции или за обезбедување услуги во кои учествува жител на една од Страните, и врзани за финансиските заеми и кредити со рок на доспевање подолг од една година.**

**По започнувањето на втората етапа, тие исто така треба да обезбедат слободно движење на капитал поврзан со портфолио инвестиции и кредити со рок на доспевање помал од една година.**

**Без ограничување врз ставот 1, Страните не треба да воведат никакви нови ограничувања за движењето на капитал или за тековните плаќања меѓу жителите на Заедницата и на Република Македонија, а постојните аранжмани не треба да ги направат порестриктивни.**

**Без ограничување на одредбите од член 58 и од овој член, каде во исклучителни околности, движењето на капитал меѓу Заедницата и Република Македонија може да предизвика, или се заканува да предизвика, сероиозни потешкотии за операциите во врска со политиката на разменските курсеви или за монетарната политика во Заедницата или во Република Македонија, Заедницата и Република Македонија, соодветно, можат да преземат самозаштитни мерки во однос на движење на капиталот меѓу Заедницата и Република Македонија за период кој не е подолг од шест месеци, доколку ваквите мерки се стриктно неопходни.**

**Страните треба меѓусебно да се консултираат во поглед на олеснување на движење на капиталот меѓу Заедницата и Република Македонија, со цел да се промовираат целите на оваа Спогодба.**

- Купување недвижности

За претпријатијата оваа слобода ги подразбира следниве работи:

- Можност за инвестирање и стекнување право на сопственост врз странски трговски друштва
- Остварување на активна улога во нивното управување

Слободното движење на капиталот на трговските друштва кои се занимаваат со финансиски услуги им овозможува успешно извршување на прекугранични активности. Ефикасноста на секторот на финансиски услуги би била нарушена во случај на постојана рестрикција на движењето на капиталот меѓу државите-членки на ЕУ.

## Приспособување на државата во процес на пристапување кон правилата на слободно движење на капиталот

Македонија како кандидат за членство во ЕУ според Спогодбата за стабилизација и асоцијација има обврска да обезбеди слободно движење на капитал за директни инвестиции во претпријатија формирани во согласност со законите на земјата домаќин, слободно движење на капитал за кредитите врзани за комерцијални трансакции, а исто така не треба да се воведат никакви нови ограничувања за движењето на капитал или за тековните плаќања меѓу жителите на ЕУ и на Република Македонија.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 60**

**Во текот на првата фаза, Страните треба да преземат мерки со кои се овозможува создавање неопходни услови за натамошна постапна примена на правилата за слободно движење на капиталот на Заедницата.**

**До крајот на првата фаза, Советот за стабилизација и асоцијација треба да ги испита начините кои овозможуваат целосно да се применат правилата на Заедницата за слободно движење на капиталот.**



ПОГЛАВЈЕ 5

# ЈАВНИ НАБАВКИ

# ПОГЛАВЈЕ 5

## ЈАВНИ НАБАВКИ

### Накратко за јавните набавки

Познато е дека низ системот на јавни набавки се трошат огромни средства кои претставуваат значаен процент од бруто домашниот производ годишно. Имено, според официјалните податоци од Бирото за јавни набавки во Република Македонија во 2008 година се склучиле договори за јавни набавки во висина од 27.553.199.555,67 денари, што е 7% од бруто домашниот производ за истата година.

Директивите поврзани со јавните набакви содржани во Поглавјето 5 имаат за цел да им обезбедат на давателите на услуги и на испорачателите на стоки можност за натпревар на јавните конкурси во државите-членки на Европската унија. Функционирањето на ефикасен систем на полето на јавните набавки е неопходно за остварување на целите на слободниот пазар и за создавање услови за натпревар на пазарот.

Законската легислатива на ЕУ која се однесува на јавните набавки се темели и на општи начела кои произлегуваат од Договорите за Европската заедница како што се транспарентноста, еднаквиот третман, слободата на пазарен натпревар и недискриминацијата.

### Како државите се приспособуваат кон системот на јавни набавки на ЕУ?

Директивите кои ја уредуваат областа на јавните набавки мора да се пренесат во националното законодавство на начин на којшто тоа одговара на националните специфичности, но тие мора да се применуваат. Директивите овозможуваат примена преку националните законодавства, јакнење на стопанскиот развој и ефикасноста, и тоа во духот на единствениот пазар на Европската унија.

За спроведување на прописите за јавните набавки државите треба да организираат соодветна административна структура на централно ниво со цел да се осигураат клучните функции на утврдување на политиката, информирањето, контролата и статистиката, како и веродостојни контроли на сите подрачја поврзани со јавните набавки. Институциите креирани за таа намена водат сметка за спроведувањето на сите фази на постапките на јавни набавки, нивното траење, а обезбедена е и правна заштита (пример, поднесување жалби на конкурси и сл.)

При водење на конкурс за јавна набавка може да се заштеди време ако се воведат електронски набавки т.е. користење на компјутерски програмски пакети во системот на јавни набавки.

Како се планира постапката за јавна набавка, како се оценуваат понудувачите и кои се условите за огласување на повик за јавен конкурс? Поголемиот дел од луѓето се неинформирани на таа тема. Ефикасното управување со набавките се постигнува и со информирање на јавноста за операциите на набавките – постоечките закони, повиците за тендери, известувањата за доделување на договори итн.

Заради скратување и поевтинување на постапката за јавни набавки, во повеќето развиени земји постои централни тело за набавки кое се користи за набавување на едноставни стоки или услуги како на пример набавка на хартија за

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 72**

**Јавни договори**

**Страните сметаат дека посакувана цел е постапката за доделување јавни договори да се води врз основа на недискриминација и реципроцитет, особено во рамките на СТО.**

**На компаниите од Република Македонија, без оглед на тоа дали се основани во Заедницата или не, со стапувањето во сила на оваа Спогодба ќе им биде даден пристап за конкурирање за склучување договори според постапките на Заедницата во согласност со правилата за набавки во Заедницата, со третман којшто не е понеповолен од оној даден на компаниите од Заедницата.**

**Горенаведените одредби исто така ќе се применуваат за договори во комуналниот сектор веднаш штом Владата на Република Македонија ќе ја усвои законската регулатива со којашто ќе ги воведе правилата на Заедницата во оваа област. Заедницата периодично ќе испитува дали Република Македонија навистина ја вовела таквата законска регулатива.**

**На компаниите од Заедницата кои не се основани во Република Македонија, најдоцна пет години по стапувањето во сила на оваа Спогодба, ќе им биде даден пристап до постапките за склучување договор во Република Македонија, во согласност со Законот за јавни набавки, со третман којшто не е понеповолен од оној предвиден за компаниите на Република Македонија.**

**Компаниите на Заедницата регистрирани во Република Македонија, според одредбите од Поглавјето II од Главата V, по стапувањето во сила на оваа Спогодба, ќе имаат пристап до постапките за склучување договор со третман којшто не е понеповолен од оној предвиден за компаниите од Република Македонија.**

**Советот за стабилизација и асоцијација периодично ќе ги испитува можностите на Република Македонија да обезбеди пристап во постапките за конкурирање во Република Македонија за сите компании на Заедницата.**

**Во однос на основање, работење, давање услуги меѓу Република Македонија и Заедницата, како и на вработување и движење на работна сила поврзани со исполнувањето јавни договори, ќе се применуваат одредбите од Членовите 44 до 67.**



печатење. Освен јавните набавки, ова Поглавје ги опфаќа и прашањата за концесија и на јавно-приватните партнерства. Со директивите на ова Поглавје се дефинирани обврските кои мора да ги почитуваат телата на јавните набавки и да изберат економски оператори на кои им се доделуваат концесии.

## Јавен тендер и корупција

Според податоците од земјите на ЕУ, најмногу коруптивни активности во системот на јавни набавки се случува во фазата по завршувањето на јавниот тендер и по склучувањето на договорот. Тоа значи дека во постапката на јавен тендер се оди со однапред договорена најниска цена, а подоцна се договараат суми до реалната, па дури и до повисоки цени.

Решението на тој проблем лежи во донесување и примена на квалитетна законска рамка и примена на национални мерки за борба против корупција во администрацијата во областа на јавните набавки.

ПОГЛАВЈЕ 6

# ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

# ПОГЛАВЈЕ 6

## ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 47**

**За целите на оваа Спогодба:**

а) „Компанија на Заедницата” или „компанија на Република Македонија” соодветно, значи компанија што е основана во согласност со законите на државата-членка или на Република Македонија соодветно и која има регистрирана канцеларија, централна управа или главно седиште на дејствување во Заедницата или во Република Македонија соодветно.

Сепак, доколку компанијата што е основана во согласност со законите на државата-членка или на Република Македонија соодветно, има само регистрирана канцеларија на територијата на Заедницата или на Република Македонија соодветно, таа ќе се смета за компанија од Заедницата или од Република Македонија соодветно, доколку нејзиното работење содржи реални и трајни врски со економијата на една од државите-членки или на Република Македонија соодветно;

б) „Подружница” на компанија значи компанија што е ефективно контролиран од првата компанија;

в) „Претставништво” на компанијата ќе значи деловно место кое нема својство на правно лице, кое покажува постојаност, како што е проширување на матичното тело, има менаџмент и е материјално опремено за да води деловни преговори со трети Страни така што третата страна, иако

знаејќи дека подоцна, доколку е потребно, ќе има правна поврзаност со матичното тело, централата која е надвор, нема да работи директно со тоа матичното тело туку може да го пренесе бизнисот на местото каде што тој се извршува;

г) „Основање” значи:

I) што се однесува до државјаните, право на преземање деловни активности во одредени компании кои тие ефективно ги контролираат. Деловните активности на државјаните нема да опфатат барање за или вработување на пазарот на труд, ниту пак со тоа им се доделува право на пристап на пазарот на труд од другата Страна.

II) што се однесува до компаниите од Заедницата или од Република Македонија право да преземаат економски активности преку основање подружници или претставништва во Република Македонија или во Зедницата соодветно;

д) „Работење”значи спроведување економски активности;

ѓ) „Економски активности” во начело вклучуваат активности од индустриски, трговски и професионален карактер како и занаетчиски активности;

е) „Државјанин на Заедницата” и државјанин на Република Македонија соодветно значи лице кое е државјанин на една од државите-членки или на Република Македонија;

ж) што се однесува до меѓународниот поморски превоз, вклучувајќи ги и интермодалните операции на пловните објекти, државјаните од државите-членки или од Република Македонија утврдени надвор од Заедницата или од Република Македонија соодветно, и бродските компании основани надвор од Заедницата или од Република Македонија и контролирани од државјаните на државите-членки или од Република Македонија соодветно, ќе бидат исто така корисници на одредбите од ова Поглавје и Поглавјето III доколку нивните бродови се регистрирани во таа држава-членка или во Република Македонија соодветно во согласност со нивните законодавства.

з) „Финансиски услуги” значат активностите што се опишани во Анекс VI. Советот за стабилизација и асоцијација може да го прошири или да го измени опфатот на овој Анекс.

Поглавјето 6 се однесува на основањето и работењето на трговските друштва во државите-членки на Европската унија. Опфаќа три дела: закон за трговски друштва во потесна смисла, сметководство и ревизија.

## Закон за трговски друштва

Законот за трговски друштва во потесна смисла подразбира правила за основање, регистрација, домашно и прекугранично спојување и делење на претпријатија и правниот статус на странските компании.

Законите за трговските друштва во државите-членки на ЕУ ги уредуваат, меѓу другото, и дејностите на странските трговски друштва и трговци поединци (со седиште надвор од таа држава) на националните територии. Странските трговски друштва и трговците поединци, по правило, се еднакви со домашните лица во водењето на бизнисите, а секое од нив е запишано во трговскиот регистар на надлежниот суд според нивното седиште.

Според одредбите на ова Поглавје, на основачите на трговските друштва им е призната слободата на основање друштва во која било држава-членка без оглед на тоа каде реално се наоѓа седиштето. Државите-членки го нудат својот закон за трговски друштва како производ на единствениот европски пазар.

Важноста на консолидирањето на законодавството со она на ЕУ, во смисла на правата на трговските друштва за државите-кандидати за членство во ЕУ се гледа во натпреварувањето на законодавците во правното уредување на трговските друштва, кое би можело да доведе до поголема ефикасност, а можеби и до поголема конвергенција на правата на друштвата од оние кои настануваат со тесни политички компромиси.

## Меѓународни сметководствени стандарди и ревизија

На ниво на Европската унија прифатен е систем на финансиско известување кој опфаќа правила за годишните извештаи, за меѓународни

**Член 48**

**Република Македонија по стапувањето во сила на оваа Спогодба:**

i. во однос на основањето компании на Заедницата, ќе додели третман кој не е помалку поволен од оној кој им го доделува на своите компании или на компаниите од која било трета држава, доколку тој е поповолен, и;

ii. **во однос на работењето на подружниците и претставништвата на компаниите од Заедницата во Република Македонија, штом ќе се основаат, ќе им се додели третман кој не е помалку поволен од оној кој им го доделува на своите компании или претставништва или на која било подружница и претставништво на компании од која било трета држава доколку тој е поповолен.**

**Република Македонија нема да донесува нови регулативи или мерки кои воведуваат дискриминација за основањето компании на Заедницата на нејзината територија или што се однесува до нивните активности, ако се веќе основани во споредба со нејзините компании.**

**Заедницата и државите-членки од денот на стапувањето во сила на оваа Спогодба:**

i. **во однос на основањето компании од Република Македонија ќе им се додели третман кој не е помалку поволен од оној што им го доделува на своите компании на државите-членки или на компаниите од трети држави, доколку тој е поповолен;**

ii. **во однос на работењето на подружниците и претставништвата на компаниите од Република Македонија, основани на нејзина територија, ќе им се додели третман кој не е помалку поволен од оној што им го доделуваат државите-членки на своите компании и претставништва или на било која подружница и претставништво на компании од било која трета држава, доколку тој е поповолен.**

**Пет години по стапувањето во сила на оваа Спогодба, во согласност со релевантната практика на Европскиот суд на правдата и состојбите на пазарот на труд, Советот за стабилизација и асоцијација ќе испита дали да ги прошири горенаведените одредби за основање од страна на државјаните на обете Страни од Спогодбата за да ги преземат активностите како самовработени лица.**

**Независно од одредбите на овој член:**

а) **Подружниците и претставништвата на компаниите од Заедницата ќе имаат право да користат и да изнајмуваат недвижности во Република Македонија од денот на стапувањето во сила на оваа Спогодба;**

б) **Подружниците на компаниите од Заедницата ќе имаат и право да се стекнуваат и да ги користат правата за недвижностите како и компаниите од Република Македонија што се однесуваат на јавните добра/добрата од заеднички интерес, вклучувајќи ги и националните ресурси, земјоделското земјиште и шумите, истите права што ги уживаат и компаниите од Република Македонија онаму каде што тие права се неопходни за спроведување на економски активности за кои се основани;**

в) **На крајот на првата фаза од преодниот период, Советот за стабилизација и асоцијација ќе ја испита можноста за проширување на правата под (б) на претставништвата на компаниите од Заедницата.**

финансиски стандарди на известување, како и правила за задолжителна ревизија. Во областа на сметководството, државите-кандидати за членство во Унијата ќе мора да ги прифатат меѓународните сметководствени стандарди кои се од пресудна важност за функционирањето на единствениот пазар на Европската унија.

При основањето и работењето на трговските друштва, сметководствените активности и внатрешната и надворешна ревизија, сите државите-членки мора да применуваат единствени правила кои нема да ги дискриминираат другите државјани на ЕУ во однос на државјаните на својата земја т.е. да се овозможи слободно движење на работници, давање услуги и пазарен натпревар.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 86**

**Мали и средни претпријатија**

**Страните ќе имаат за цел да ги развиваат и зајакнат малите и средни претпријатија (МСП) во приватниот сектор, основањето нови претпријатија во области кои нудат потенцијал за развој и соработка меѓу МСП од Република Македонија и Заедницата.**

Подетални информации во врска со оваа тема (закони, предлози на закони и сл.) се достапни на службените Интернет страници на Европската унија. http://eur-lex.europa.eu/en/index.htm




6


BUSINESS
SUCCESS
PROFIT

ПОГЛАВЈЕ 7

# ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ



# ПОГЛАВЈЕ 7

## ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Во современиот свет има многу начини и мерки на заштита во случај некој нешто да ви украде, уништи итн. Својата сопственост ја штитиме со криење, затворање, ставање под надзор или со чување, а заштитата (и санкционирање на оттуѓувањето или уништувањето на туѓата сопственост) е и законски дефинирана. Споменатите начини и методи се однесуваат на материјалните добра, но што е со оние добра кои е невозможно да се заштитат со криење, затворање или со други мерки на физичка заштита? Нематеријалните добра чија вредност се состои во умножувањето, употребата и прикажувањето пред други луѓе, се заштитени со правата на интелектуалната сопственост. Законот за интелектуална сопственост подразбира заштита на авторското и на другите сродни права на таа индустриска сопственост. Неовластената употреба или умножување на предмети со интелектуална сопственост претставува кршење на законот и истото се санкционира, а правото на сопственикот на располагање, употреба и стекнување на корист се штити со средствата и со институциите на правниот систем.

### Авторско право и авторско дело

Авторското право се однесува на правото на авторот да располага со своите книжевни, научни или уметнички дела и со делата од другите креативни области. На личноста авторското право и

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 71**

**Интелектуална, индустриска и трговска сопственост**

**Во согласност со одредбите од овој член и Анекст VII, Страните ја потврдуваат важноста што ја придаваат на обезбедување соодветна и ефективна заштита и спроведување на правата на интелектуална, индустриска и трговска сопственост.**

**Република Македонија ќе ги преземе сите неопходни мерки со цел да гарантира, не подоцна од пет години по стапувањето во сила на оваа Спогодба, степен на заштита на интелектуални, индустриски и трговски сопственички права, слични на оние кои постојат во Заедницата, вклучувајќи и ефективни средства за остварување на тие права.**

**Република Македонија се обврзува да пристапи, во текот на погоре наведениот период, кон мултилатералните конвенции за интелектуални, индустриски и трговски сопственички права наведени во Анекс VII.**

**Доколку се појават проблеми во областа на интелектуалната, индустриската и трговската сопственост кои имаат влијание на трговските услови, тие ќе бидат итно соопштени на Советот за стабилизација и асоцијација, на барање на една од Страните, со цел постигнување заеднички прифатливи решенија.**

припаѓа со самото креирање на делото, што значи дека за да го стекне тоа право не мора претходно да го пријави, ниту пак да го регистрира. Еден од примерите на авторско дело е сценариото. За да може сценариото да се користи, потребно е одобрување на авторот и потпишување на договор за користење на делото.

Целта на европските прописи во поглед на заштитата на европските права е приспособување на националните прописи на државите-членки со што на најдобар можен начин би се следел технолошкиот развој, но и на меѓународните обврски прифатени во рамките на Светската организација за интелектуална сопственост. Правилата ги уредуваат следниве области:

- Правна заштита на компјутерски програми
- Времетраење на заштитата на авторското право и на сродните права
- Авторски права и сродни права во информатичкото општество, право на изнајмување и право на позајмување
- Право на следење во корист на оригиналниот автор на ликовното дело
- Авторско право и сродни права во однос на сателитската радиодифузија и кабелската ретрансмисија
- Правна заштита на топографијата на полупроводнички производи и
- Правна заштита на бази на податоци.

## Индустриска сопственост

Индустриската сопственост опфаќа права со кои производителите од конкуренцијата ги штитат своите бизнис интереси, положбата на пазарот и средствата вложени во истражување, развој и промоција на производите.

Индустрискиот дизајн го штити новиот надворешен облик или изгледот на производите. Други мерки на заштита на поединечните аспекти и својства на производите се и патентот со кој се штити ново решение на некој технички проблем и трговската марка која служи за разликување од слични производи или услуги кои веќе постојат на пазарот. Законската легислатива на ЕУ одредува заедничка почетна точка за заштита на индустрискиот дизајн и воспоставува заеднички систем за индустриски дизајн на Заедницата (РЦД) и трговска марка на Заедницата (ЦТМ).

Оваа низа на усогласени правила се однесува на заштитата на трговските марки и на индустрискиот дизајн и на делумно усогласениот режим за патенти. Спомenatите правила, меѓу другото, ги дефинираат и условите за давање на присилна лиценца на патентот за производство на фармацевтски производи кои се наменети за извоз во земји со проблеми во јавното здравство.

## Сакате ли да и го претставите својот изум на јавноста

Пред какво било претставување на изумот на јавноста, задолжително треба да се поднесе пријава за патент, бидејќи со откривањето на изумот на јавноста пред поднесување на споменатата пријава тој го губи својството на новост и заштитата веќе е невозможна. Откривањето на изумот ги подразбира сите облици на негово претставување на јавноста: усна или писмена објава на стручни и научни трудови, пуштање на изумот во промет, рекламирање, изложба, презентација итн. Освен тоа, препорачливо е за изумот пред поднесувањето на пријавата да знаат само оние коишто мора (соработници во развивањето на



изумот) и службениците на патентното право кои се обврзани да ја чуваат тајноста по службена должност.

За имплементација на наведените правила кои се однесуваат на интелектуалната сопственост, Европската унија од државите-членки бара и постоење на соодветен ефикасен систем за казнување на кршењето на тоа право преку примена на казни против фалсификување на стоки и пиратство, што истовремено позитивно влијае на носителите на правата на интелектуална сопственост.

ПОГЛАВЈЕ 8

# ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНЦИЈА

# ПОГЛАВЈЕ 8

## ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНЦИЈА

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 39**

**Државни монополи**

**Република Македонија прогресивно ќе ги приспособи сите државни монополи од комерцијален карактер за да се обезбеди дека, до крајот на петтата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба, нема да има дискриминација меѓу државјаните на земјите-членки и на Република Македонија во поглед на условите под кои производите се набавуваат и се пласираат на пазарот. Комитетот за стабилизација и асоцијација ќе биде информиран за мерките што се преземаат за постигнување на оваа цел.**

### Спроведување на политиката на конкуренција

Европската комисија утврдила дека од 1994 до 2002 година, 14 претпријатија во Холандија ја наместиле цената на катранот поради што се казнети со 267 милиони евра. Членовите на картелот го сочинувале осум производители и шест градежни компании кои меѓу себе ги наместиле цените. Самиот картел функционирал осум години, се додека холандските власти не забележале дека катранот во земјата е далеку поскап од катранот во остатокот од заедничкиот пазар на ЕУ. Членовите на картелот ја договориле цената на значително повисоко ниво отколку на европскиот пазар, со цел подоцна да добиваат поврат на средства и максимални попусти за разлика од градежниците надвор од тој круг. Цената ја платиле даночните обврзници, бидејќи автопатите (со користење на катран) во Холандија се градат од државниот буџет. Кршењето на законот на внатрешниот пазар е санкционирано со висока парична казна. За повреда на правилата на конкуренција рекордна казна е изречена на компанијата Мајкрософт во износ од половина милијарда евра.

Правењето картели е само еден од примерите на нарушување на политиката на конкуренција на Европската унија. Европската комисија го следи и санкционира секое однесување на трговските друштва со кое се нарушува пазарната конкуренција. Правилата во врска со оваа тема се разгледуваат во Поглавјето 8, кое содржи правила за спречување на постапките кои негативно влијаат на пазараната конкуренција во ЕУ. Важно е да се нагласи како државите-членки во спроведувањето на оваа политика имаат обврска во целост да соработуваат со Европската комисија.

### Што се ограничувачки спогодби?

Најчест облик на ограничувачки спогодби меѓу претпријатијата се т.н. картели. Картелите, по правило, се тајни договори, усни и неформални,

склучени меѓу конкурентите на пазарот со цел да отстранат каква било пазарна конкуренција меѓу нив и да остварат дополнителна заработувачка која не е резултат на нивното успешно работење на пазарот. Вообичаено, членовите на картелот се договараат за цените, количествата за производство, за попустите во цените, за изборот на купувач кого ќе го опслужуваат со стока и за изборот на подрачјето кое ќе биде опслужувано. Поради негативните последици, ваквите спогодби се забранети.

Спогодбите кои ги склучуваат претпријатијата кои не дејствуваат на исто ниво на производство односно дистрибуција, на пример меѓу производител и дистрибутер на производи или меѓу добавувач на суровини и производител, исто така може да доведат до ограничување на пазарната конкуренција, посебно во случај кога тие спогодби содржат ограничувања кои доведуваат до создавање пречки за влез на пазарот на нови учесници односно конкуренти.

Сепак, доколку спогодбата ги исполнува пропишаните услови, истата може да биде дозволена, но позитивните последици од таа спогодба јасно мора да ги надминат негативните последици на пазарната конкуренција.

## Злоупотреба на доминантната положба

Претпријатијата може да ја злоупотребуваат доминантната положба и да наметнуваат неправедни куповни и продажни цени, ограничувајќи го производството или движењето на штета на потрошувачите, применувајќи нееднакви услови за исти работи кај различни претпријатија, со што се нарушува лојалната конкуренција. Наведените незаконски постапки исто така подлежат на судска ревизија на Европскиот суд на правдата и се санкционираат парично.

## Концентрација (Спојувања)

На прв поглед можеби не е забележливо кои би биле негативните последици на спојувањето или преземањето на едно претпријатие од страна на друго. Европската комисија го забранува концентрирањето на претпријатијата ако постои опасност дека тоа значително би ја нарушило пазарната конкуренција. Намалувањето на конкуренцијата доведува до натамошни негативни последици, пред се за потрошувачите: се јавува намалување на конкуренцијата во цените, изборот на производи на пазарот е намален, а мотивацијата за иновации во производството паѓа на пониско ниво.

## Државна помош

За да се заштитат домашните производители, националните власти понекогаш им доделуваат државна помош на домашните претпријатија, со што би поттикнале одредени економски активности или би ја заштитиле националната индустрија. Државната помош може да се јави во облик на поволни кредити, субвенции, отпис на долгови, бесплатен пристап до инфраструктура и сл. Европската комисија забранува ваков вид на поддршка бидејќи за функционирање на слободниот пазар исклучително е важно сите субјекти на пазарот да се натпреваруваат под еднакви услови. Малите износи на помош (до 200.000 евра во период од 3 години) не влијаат на трговијата меѓу државите-членки и може да се доделуваат за сите намени, освен за поттикнување на извозот, производството на челик, во функција на прометот и кај претпријатија со тешкотии во функционирањето.

Член 69

Конкуренција и други економски одредби

Следниве постапки се некомпатибилни со правилното функционирање на Спогодбата, се' додека тие може да имаат влијание на трговијата меѓу Република Македонија и Заедницата:

i. сите договори меѓу претпријатија, одлуки на асоцијации на претпријатија и заемна практика меѓу претпријатија кои како своја цел или последица имаат или претставуваат спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата;
ii. злоупотреба на едно или повеќе претпријатија на доминантната позиција на територијата на Република Македонија или на Заедницата во целина или на нејзин поголем дел;
iii. која било јавна помош што ја нарушува или се закaнува да ја наруши конкуренцијата преку фаворизирање одредени претпријатија или одредени производи.

Каква било практика што е спротивна на овој член ќе биде оценета врз основа на критериумите што произлегуваат од примената на правилата на членовите 81, 82 и 87 од Договорот за основање на Европската заедница.

Заради примена на одредбите од став 1(iii), Страните се согласни дека, во текот на првите 4 години по стапувањето во сила на оваа Спогодба, сета јавна помош доделена на Република Македонија ќе биде оценувана, земајќи го предвид фактот дека Република Македонија ќе биде третирана како област идентична на оние области на Заедницата опишани во членот 87(3)(а) од Договорот за основање на Европската заедница.

Секоја Страна ќе обезбеди транспарентност во областа на јавната помош, меѓу другото, преку годишни извештаи на другата Страна за вкупната сума и дистрибуцијата на дадената помош и преку обезбедување, ако се побара, информација за шемата на помошта. По барање на една од Страните, другата Страна ќе обезбеди информации за поединечни индивидуални случаи на јавна помош.

Секоја Страна ќе обезбеди одредбите од овој Член да се применуваат во текот на петте години по стапувањето во сила на оваа Спогодба.

- Во однос на производите споменати во Поглавјето II од Глава IV:
- нема да се применува параграф 1(iii)

секоја практика што е во спротивност со став 1(i) ќе бидат оценета според критериумите што ги воспоставила Заедницата врз основа на членовите 36 и 37 од Договорот за основање на Европската заедница и според посебните инструменти на Заедницата усвоени на оваа основа.

Доколку Република Македонија или Заедницата сметаат дека одредена практика е некомпатибилна во смисла на став 1, и:

- доколку таквата практика предизвикува или се заканува да предизвика сериозна штета на интересите на другата Страна или материјална штета на своето домашно стопанство, вклучувајќи ги и услугите, таа може да преземе соодветни мерки по консултирањето во рамките на Советот за стабилизација и асоцијација или по изминување триесет работни дена по упатувањето на прашањето за таква консултација.

Во случај на практики кои се неусогласени со став 1(iii), доколку се применува Спогодбата на СТО при таков случај, таквите соодветни мерки можат да бидат усвоени само во согласност со постапките и според веќе дадените услови или соодветната законска регулатива на Заедницата.

Страните ќе разменуваат информации, имајќи ги предвид ограничувањата што ги наметнува професионалната и деловната доверливост.



**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 70**

**Во однос на јавните претпријатија или на претпријатијата на кои им се доделени посебни или ексклузивни права, секоја Страна ќе обезбеди дека од третата година по стапувањето во сила на оваа Спогодба, ќе се применуваат начелата на Договорот за основање на Европската заедница, особено Членот 86.**



ПОГЛАВЈЕ 9

# ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ



# ПОГЛАВЈЕ 9

## ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ

Во случај во иднина да сакате да основате осигурително друштво или да сакате да тргувате со акции на берза, информирајте се за законската рамка на Европската унија за оваа или за сличните теми. Предуслов за динамичната, иновативна и конкурентна Европа секако е постоењето на ефикасен финансиски пазар – клучен фактор во функционирањето на модерните економии.

Да се конкурира на светските економски сили во областа на финансиските услуги значи да се воспостават јасни и единствени правила за банкарството, услугите на осигурителните друштва, друштвата за пензиско осигурување, тргувањето со хартии од вредност и можностите за вложување (инвестициски услуги).

Законската рамка за оваа област е опфатена во Поглавјето 9. Финасиските услуги во Европската унија се остваруваат врз основа на два принципи:

- Принципот на европски пасош (European Passport), кој овозможува некои финансиски институции да работат во која било држава-членка на Унијата без да поседува посебна дозвола од државата домаќин, и
- Принципот на контрола од странска држава во којашто финансиската институција има седиште, што се остварува по пат на основање подружници во други држави или давање прекуграничнифинансиски услуги.

Одредбите поврзани со банкарството и финансиските конгломерати се однесуваат на правилата на основање, работење и мониторинг на сите видови кредитни институции. Со споменатите прописи се уредува и областа на адекватност на капиталот за кредитните институции и инвестициски компании, деловни активности во врска со електронски пари и осигурување на депозити. Со оглед на тоа дека голем број на банки и други финансиски институции работат во повеќе држави на Европската унија, законската рамка на ова Поглавје содржи и одредби за нивното сметководство, правила на реорганизација и ликвидација итн.

Дел од правилата се однесуваат и на функционирањето на осигурителните и пензиските фондови. Кај осигурувањето има единствени

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 83**

**Банкарство, осигурување и други финансиски служби**

**Страните ќе соработуваат за да воспостават и да развиваат соодветна рамка за поттикнување на банкарскиот, осигурителниот и секторот на финансиските служби во Република Македонија.**

**Соработката ќе биде насочена кон:**

- **усвојување заеднички сметководствен систем, компатибилен со европските стандарди;**
- **јакнење и преструктуирање на банкарскиот, осигурителниот и другите финансиски сектори;**
- **подобрување на супервизијата и регулирањето на банкарската и другите финансиски служби;**
- **размена на информации, особено во однос на законодавството што се подготвува.**
- **подготовка на преводи и терминолошки речници.**

**Страните ќе соработуваат за да развиваат ефикасен систем на финансиска ревизија во Република Македонија, којшто ќе биде во согласност со хармонизираните методи и процедури на Заедницата.**

**Соработката ќе биде насочена кон:**

- **техничка помош за Службата на ревизори на Република Македонија;**
- **основање одделенија за внатрешна контрола во агенциите на државата;**
- **размена на информации во однос на системот на ревизија;**
- **стандардизација на ревизорската документација;**
- **обука и советодавни активности.**

прописи за издавање на дозвола за работа, како и за контрола на осигурителните друштва, со посебни правила кои важат за системот на неживотно осигурување. Пропишана е и обврската за дополнителна контрола на група осигурители, отстранување на сите пречки за вршење на активности со реосигурување и законска рамка за посредување и застапување во осигурување. Како и во секторот на банкарството, и во областа на осигурувањето постојат правила за сметководство, реорганизација и ликвидација на друштвата за осигурување кои работат во повеќе држави-членки на Унијата. Посебна точка во ова Поглавје е делот за осигурување на моторни возила, со кој, меѓу другото, се одредува укинувањето на граничните контроли за осигурување на моторни возила со цел да се обезбеди слободно движење на луѓе и стоки во рамките на Унијата.

Инфраструктурата на финансискиот пазар е уредена низ прописи кои се однесуваат на платните системи (платниот промет) и на финансиските гаранции.

Бидејќи хартиите од вредности и инвестициските услуги сочинуваат важен сегмент на финансиското работење, и за таа област се одредени прописи и мерки за имплементација. Овие прописи и мерки се однесуваат на работењето и контролата на инвестициските компании, на уредените пазари, како и на активностите за тргување со хартии од вредност на берза. Со цел да се заштитат правата на инвеститорот, на ниво на Европската унија е одредено на самиот инвеститор да му се дадат јасни и сеопфатни информации, потребни за донесување на одлуката за вложување. Правилата се однесуваат и на забраната за злоупотреби и манипулации со пазарот и забраната за злоупотреба на привилегирани информации во тргувањето со хартиите од вредност.



ПОГЛАВЈЕ 10

# ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ

# ПОГЛАВЈЕ 10

## ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 93**

**Информации и комуникации**

**Заедницата и Република Македонија ќе преземат мерки неопходни за стимулирање на заемната размена на информации. Ќе биде даден приоритет на програми насочени кон обезбедување на јавноста со основни информации за Заедницата, а на професионалните кругови во Република Македонија со поспецијализирани информации.**

Имате малку слободно време и одлучивте да го поминете гледајќи филм на телевизија, а филмот само што почна и веќе емитуваат реклами. Рекламите траат, траат и траат. Додека го гледате филмот, сфаќате дека сте изгледале куп реклами по неколку пати, така што се откажувате од филмот. Ви звучи познато? Да видиме како Европската унија го решава овој, но и сличните вакви проблеми.

### Што е Телевизија без граници?

Дел од законодавството на ЕУ за аудиовизуелна политика е директивата за Телевизија без граници (Television without frontiers Directive – TWF) која утврдува услови за пренос на телевизиско емитување во рамките на единствениот европски пазар. Директивата бара од државите-членки да го координираат националното законодавство за да обезбедат, на пример, почитување на максималниот опсег на рекламирање кој каналите може да го спроведат во текот на одреден период (мерено во минути по час или ден), отстранување на пречките за слободното движење на телевизиски програми на единствениот пазар, и овозможување на пошироката јавност пристап до важните настани без дополнително плаќање на телевизискиот канал. Последната одредба главно се однесува на емитување на меѓународни спортски натпревари како што се Олимписките игри, Светското фудбалско првенство итн. Законската рамка на ЕУ што ги дефинира правилата на аудиовизуелната политика, но и услугите на информатичкото општество и електронските комуникации е содржана во 10 Поглавје.

Која продукција на телевизиски програми, според ваше мислење, зазема најголем простор? Американската или европската? Точниот одговор, се разбира, е американската продукција. Интересен е податокот дека во државите-членки на ЕУ се снимаат повеќе филмови отколку во САД, но дури 75% од приходот во европските кино сали доаѓа од американските филмови. Со цел да ја заштити сопствената културна разновидност и да ја промовира локалната продукција, ЕУ на државите-членки им пропишува обврска да резервираат барем половина од времето на телевизиските



програми за емитување на европски филмови и програми. ЕУ во Светската трговска организација барала и обезбедила т.н. „културен исклучок" кој им овозможува на државите-членки на Унијата да не го отворат својот пазар за културните производи како што се филмовите, слично како и кај другите стоки увезени од државите кои не се членки на ЕУ.

Освен тоа, Европската унија, преку различните програми, финансиски ја поддржува продукцијата на европските филмови и телевизиски програми – квантитативно и квалитативно - и ја зголемува конкурентноста на локалната индустрија на меѓународно ниво. Програмата „Медиуми плус" троши 60% од средствата на меѓународната дистрибуција на европски филмови и програми, вклучувајќи ја и помошта на мрежата „Европски кина" (Europa Cinemas) која има 570 кино сали во повеќе од 60 земји.

Промоцијата на европската продукција се спроведува и со организирање на фестивали и изложби на коишто се презентираат европските дела.

## Без телефон и Интернет? Незамисливо!

Можете ли да го замислите секојдневниот живот без телефон и Интернет? Резултатите покажуваат дека во просек 61% од домаќинствата во Европа имаат пристап и до фиксната и до мобилната телефонија (најмногу во Шведска каде овој процент изнесува 93%). Законската рамка на Поглавјето 10 ја дефинира областа на електронските комуникации и услугите на информатичкото општество и ги содржи правилата кои овозможуваат ефикасно функционирање на заедничкиот пазар и на телекомуникациските услуги и мрежи за промоција, развој и нивна широка достапност. Целта на ЕУ е на корисниците да им обезбеди услуги по поволни цени (телефон, факс, пристап до Интернет, бесплатни повици за итна помош) преку стимулирање на пазарната конкуренција и намалување на доминацијата на монополите кои и натаму се одржуваат за одредени услуги (на пример: Интернет пристап со големи брзини).

Приоритет на ЕУ е и спречувањето на „дигиталниот јаз" кој се создал меѓу богатите и сиромашните региони на ЕУ. Тоа делумно се однесува и на намалување на разликите во развојот на телекомуникациските мрежи меѓу 15-те „стари" членки на ЕУ и „новите" членки кои пристапиле во 2004 и 2007 година.

Поврат на данок и на ДДВ, регистрација на нов автомобил, промена на сопственоста над автомобилот и тоа електронски, од сопствениот

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 94**

**Соработка на аудио-визуелното поле**

**Страните ќе соработуваат на унапредување на аудио-визуелната индустрија во Европа и ќе поттикнуваат копродукција на полето на филмот и телевизијата.**

**Страните ќе ја координираат, а онаму каде што е оправдано ќе ја усогласуваат, политиката за регулирање на содржинските аспекти на прекуграничното емитување, посветувајќи особено внимание на прашањата во врска со стекнувањето право на интелектуална сопственост за програмите и емитувањето преку сателит или кабелска мрежа.**

дом, без чекање во ред и без губење време... Иако звучи малку веројатно, ова станува реалност во Европската унија. Со спроведувањето на иницијативата и2010 се поттикнува развој и употреба на информациските технологии за унапредување на работата на јавните служби. Крајната цел е да се креира заеднички европски информатички простор и да се поттикне воведување на иновации за остварување на една од задачите на Лисабонската стратегија: креирање на општество кое ќе се темели на знаење и високо конкурентна Европа во глобални рамки.



ПОГЛАВЈЕ 11

# ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

# ПОГЛАВЈЕ 11

## ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 24**

**Дефиниција**

**Одредбите од ова Поглавје се однесуваат на трговијата со земјоделски и рибни производи, што потекнуваат од Република Македонија или од Заедницата.**

**Изразот „земјоделски и рибни производи" се однесува на производите што се наведени во Поглавјата 1 до 24 од Комбинираната номенклатура и на производите што се наведени во Анексот И, параграф 1, (ii), од Договорот за земјоделство (ГАТТ 1994).**

**Оваа дефиниција ги опфаќа рибите и рибните производи од глава 3, тарифни ознаки 1604 и 1605 и под-ознаки 0511 91, 2301 20 00 и дел од 1902 201*.**

Кои се првите асоцијации кои ги имате кога ќе го слушнете зборот „земјоделство"? Полиња, ливади, жито, сено, жетва, стадо овци и насади на винова лоза? Или: агроберза, земјоделски информатички системи, земјоделски менаџмент и стратегија за одржување на развојот?

Современото земјоделство опфаќа се од погоре наброеното. Освен обработката на земјиштето и одгледувањето на добиток, земјоделството вклучува и модерен систем на управување, разработена стратегија за планирање на производството, истражување на пазарот, користење на модерни технологии и заштита на потрошувачите итн. На кој начин може земјоделците да се вклучат во овој, на прв поглед, имагинарен систем, учејќи од примерите на воспоставување и успешно функционирање на Заедничката земјоделска политика на Европската унија?

Заедничката земјоделска политика се развива од самиот почеток на основањето на Европската унија (од крајот на 50-тите) во период на растечка меѓународна трговија со земјоделски производи, со што со заеднички пристап на важните прашања се обезбеди висока конкурентност на Европската унија на глобално ниво. Друга, не помалку важна цел на заедничкото работење, се однесува на уредувањето на внатрешниот земјоделски пазар меѓу државите-членки како и обезбедувањето на доволни количества храна на европскиот континент. Во таа смисла, донесени се низа прописи кои овозможуваат успешно функционирање на земјоделството во и надвор од Унијата. За разлика од некои поглавја за кои постојат помал број на европски закони и за кои поголемиот дел од надлежностите се оставени на самите држави-членки, земјоделството е во исклучива надлежност на ЕУ и опфаќа дури 45% од европското законодавство. Тоа опфаќа систем за поддршка на земјоделците, основање на надлежни институции за спроведување на Заедничката земјоделска политика, воспоставување и водење

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 25**

**Протоколот 3 ги пропишува трговските аранжмани за преработените земјоделски производи кои се наведени во него.**

на сметководствени податоци на економиите, прашања во врска со промоциите на земјоделските производи и организација на пазарите за одредени групи на производи (посебно за житарки, шеќер, млеко и млечни производи, овошје и зеленчук, месо, јајца и живина итн.). Една од остварените мерки за успешно спроведување на Заедничката земјоделска политика било и укинувањето на царината за увоз и извоз на земјоделски производи меѓу државите-членки на Унијата.

## За што служат земјоделските квоти и заедничките пазарни организации?

Проблемите на земјоделството од 50-тите години се разликуваат од денешните, а понекогаш се дури и спротивни. Додека во минатото главната задача била да се обезбеди доволно количество на храна за жителите на државите-членки, денес Европската унија се бори со пазарни вишоци. За решавање на проблемот на можното заситување на заедничкиот пазар со преголемо количество од одреден производ, воведени се ограничувања на производите во форма на производни квоти кои се определени за секоја држава-членка посебно, зависно од просекот на производството во текот на последните неколку години (т.н. референтен период).

За единствениот систем на тргување со земјоделски производи внатре во Унијата се воспоставиле таканаречените заеднички пазарни редови, со кои се уредува целокупното земјоделско производство за одредени групи на производи: жито, месо, млеко, овошје, зеленчук, вино итн. Воспоставувањето на пазарните организации вклучува и определување на ценовни нивоа за одредени производи, како и најниска загарантирана цена по единица мерка со што се избегнуваат поголеми нарушувања на домашниот пазар на одредени производи и се обезбедува стабилен доход и животен стандард на земјоделските производители, како и на преработувачите.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 26**

**Со стапувањето во сила на Спогодбата, Заедницата ќе ги укине сите квантитативни ограничувања, како и мерки кои имаат еднакво влијание на увозот на земјоделски и рибни производи што потекнуваат од Република Македонија.**

**Со стапувањето во сила на Спогодбата, Република Македонија ќе ги укине сите квантитативни ограничувања, како и мерки кои имаат еднакво влијание, на увозот на земјоделски и рибни производи што потекнуваат од Заедницата.**

## Земјоделската политика денес

На земјоделските производи во однос на индустриските, побрзо и посилно се одразуваат промените на светскиот пазар, ценовните флуктуации, како и промените во трошоците на индустријата и транспортот. Според тоа, логично е дека без оглед на светскиот тренд на либерализација на трговијата, земјоделската по-

литика и натаму ќе има задача да го штити домашното производство, но во комбинација со различните мерки за унапредување на целиот рурален простор. Земјоделската политика не е статична појава. Тоа е процес кој се обликува и приспособува на барањата на стопанското опкружување – внатре во националната заедница, но и под влијанијата кои доаѓаат од светскиот пазар. Од таа причина, Заедничката земјоделска политика од 2000 година доживува реформи како би се приспособила на новите глобални услови и со тоа би ја обезбедила својата конкурентност.

Една од значајните карактеристики на реформите на Заедничката земјоделска политика се состои во воведување на новиот систем на стимулации на земјоделците, односно систем за единствено плаќање по стопанство. Во тој систем стимулациите веќе не зависат од количеството на производството, туку од почитувањето на добрата земјоделска практика и на еколошките услови на производство. Со други зборови, земјоделскиот призводител добива одредени средства без оглед дали воопшто ги произведува тие производи.

Реформата на земјоделската политика посветува поголемо внимание на руралниот развој во државите-членки што вклучува:

- зачувување на животната средина
- обнова и развој на селата
- зачувување на културното богатство, селските обичаи и манифестации
- активности за остварување на дополнителни или алтернативни извори на приходи
- селски туризам и традиционални селски занаети
- подобрување на руралната инфраструктура поврзана со развој на земјоделството промоција на вински и на други туристички патишта, како и квалитетни еколошки и автохтони производи.

Руралниот развој ги вклучува и мерките на социјалната политика, бидејќи тие се стремат кон модернизација на земјоделското производство и мотивирање на младите да останат во руралните области преку популаризација на образованието и стимулирање на нивното вклучување во системот на модерното земјоделство. Поради се поголемата свест на потрошувачите за својствата на храната како и за зголемувањето на куповната моќ на потрошувачите во Европската унија, порасна и побарувачката за автохтони и еколошки (органски) производи, со што еколошкото земјоделство стана една од важните ставки во финансирањето на европската Заедничка земјоделска политика и перспектива за натамошен рурален развој.

## Постојат ли забрани во производството на домашните земјоделски производи?

Европската унија не забранува, напротив, го поттикнува производството на домашните земјоделски производи, но преку следниве мерки: исполнување на условите за чување на добитокот, условите за здравствена исправност на добиточната храна, технолошките услови на производство, ветеринарните услови итн, се со цел за постигнување на повисок степен на безбедност на храната во Европската унија. Автохтоните производи може да содржат и ознака на географското потекло, а на одредени производи,

## СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

Член 27

Земјоделски производи

Од денот во стапување на сила на оваа Спогодба, Заедницата ќе ги укине царинските давачки и другите давачки кои имаат ист ефект за увозот на земјоделските производи по потекло од Република Македонија, освен оние 1 * Делот од 1902 20 е за „теста полнети, варени или неварени или поинаку приготвени, со содржина повеќе од 20 % по маса на риби, черупкари, мекотелци или други водни безрбетници" опфатени со тарифните ознаки 0102, 0201, 0202 и 2204 од Комбинираната номенклатура.

За производите опфатени со Поглавјата 7 и 8 од Комбинираната номенклатура, за кои Заедничката царинска тарифа предвидува плаќање царина на вредноста и на посебни давачки, укинувањето на давачките се однесува само на царината на вредноста.

Од денот во стапување на сила на оваа Спогодба, Заедницата ќе ги утврди царинските давачки што ќе се применуваат при увозот во Заедницата на телешко месо („baby-beef") производи дефинирани во Анекс III по потекло од Република Македонија, на 20% од царината на вредноста - давачката и 20% од посебната давачка утврдена во Заедничката царинска тарифа на Европските заедници, во рамките на ограниченот обем од годишната тарифна квота од 1 650 тони изразени во обработена тежина (carcass).

Од денот во стапувањето на сила на оваа Спогодба, Република Македонија:

а) ќе ги укине царинските давачки што се применуваат при увозот за некои земјоделски производи, по потекло од Заедницата, наведени во Анекс IV (а);

б) ќе ги укине царинските давачки кои се применуваат при увозот на некои земјоделски производи по потекло од Заедницата, наведени во Анексот IV (б), согласно тарифните квоти определени за секој производ во тој Анекс. За количините што ги надминуваат тарифните квоти, Република Македонија ќе ги намали прогресивно царинските давачки, во согласност со временскиот распоред определен за секој производ во тој Анекс.

в) прогресивно ќе ги намали царинските давачки што се применуваат при увозот на некои земјоделски производи по потекло од Заедницата, наведени во Анекс IV(c) во рамките на ограничувањата на тарифните квоти и во согласност со временскиот распоред што се однесува за секој производ во овој Анекс.

Трговските аранжмани за виното и алкохолните пијалаци ќе бидат дефинирани во одделен договор за вино и алкохолни пијалаци.

доколку ги задоволуваат европските норми, може да им се доделат и ознаки за автентичност или ознака за традиционален углед. Доколку некој земјоделски производ е наменет за лична потрошувачка, а не за пазарот, на тој производ не се применуваат мерките на Заедничката земјоделска политика. Оттука, актуелниот страв на јавноста од забрана за производство на домашна ракија е неоправдан.

## Што мора да направат државите членки на Европската унија за да се вклучат во Заедничката земјоделска политика?

Главните услови за сообразност со земјоделската политика на ЕУ се: единствено означување на земјоделските парцели, развој на системот за идентификација на домашните животни во согласност со законодавството на ЕУ, модернизација на преработувачката на млечни и месни производи со што би се исполниле високите технолошки и хигиенски стандарди, а посебно внимание се посветува на единствениот систем за прибирање на податоци (статистика) во согласност со стандардите и методологијата на ЕУ.

Членството на државите во ЕУ значи и зголемување на стимулациите за земјоделците, кои се исплаќаат по фарма во рок од 60 дена. Искуствата на новите држави-членки покажуваат дека вредноста на стимулациите во земјоделството со пристапувањето во Европската унија се зголемила за 30 до 40%.

## Многу ветува, но кој го финансира тоа?

Мерките на земјоделска политика се финансираат со помош на два структурни фондови: Европскиот земјоделски гарантен фонд и Европскиот земјоделски фонд за рурален развој, кои, пак, се полнат од парите што ги издвојуваат државите-членки. Заедничката земјоделска политика има голем удел во буџетот на ЕУ. Во финансиската перспектива на ЕУ за периодот 2007-2013, тој удел изнесува дури 39%.

Секоја држава-членка, како корисник на споменатите фондови е обврзана да основа Платежна агенција која ќе ги координира и контролира стимулациите од фондовите кои се даваат на земјоделците.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 100**

**Земјоделство и агро-индустриски сектор**

**Соработката на ова поле за своја цел ќе ја има модернизацијата и преструктуирањето на земјоделството и агро-индустрискиот сектор, водостопанството, руралниот развој, постепеното усогласување на ветеринарното и фитосанитарното законодавство со стандардите на Заедницата и развој на рибарството и шумарството во Република Македонија.**

ПОГЛАВЈЕ 12

# БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА



# ПОГЛАВЈЕ 12

## БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

Микрочипови за бележење на животни, систем на алармирање за храната и билните пасоши се теми со коишто, можеби, досега не сте се сретнувале, но кравјото лудило, салмонелата, трихинелозата и птичјиот грип сигурно ви се познати. Ова, но и други тематски поврзани прашања се вклучени во Поглавјето 12.

### Како се справува Европската унија со проблемот на безбедност на храната?

Со одредувањето на квалитетот и здравствената исправност на храната денес се занимаваат националните власти и производителите, а (не)безбедноста на храната е предмет на се поголем интерес на самите потрошувачи.

Стратегијата на Европската унија за безбедноста на храната од 2004 година е насловена „од фарма до виљушка" („from the farm to the fork"), а нејзината цел е обезбедување на висок степен на безбедност на храната во сите фази на нејзиното патување, кој временски и просторно може да биде многу долго: од производството и превозот до складирањето и подготовката на храната. Споменатата стратегија содржи четири основни репери: регулирање на безбедноста на храната за луѓето и животните, независно мислење и ставот на јавното здравство, конкретни активности за спроведување на регулативите и контролите на процесот, и признавање на правата на потрошувачите на избор врз основа на целосна информација за потеклото и составот на храната.

Прифаќањето и примената на одредбите кои ги пропишува ЕУ за производството и преработувачката на храната бараат особено големи заложби. Поради тоа „новите" државичленки на ЕУ (членките од 2004 и 2007 година) имаат одреден период на транзиција за приспособување на законодавството во ова Поглавје. Најважната компонента на законодавството е научната

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 100**

**Земјоделство и агро-индустриски сектор**

**Соработката на ова поле за своја цел ќе ја има модернизацијата и преструктуирањето на земјоделството и агро-индустрискиот сектор, водостопанството, руралниот развој, постепеното усогласување на ветеринарното и фитосанитарното законодавство со стандардите на Заедницата и развој на рибарството и шумарството во Република Македонија.**

проценка на ризикот, по која следува анализата на ризикот како почетна точка поврзана со безбедноста на храната. Заради анализата на ризикот, во 2002 година е основана Европска агенција за безбедност на храната (European Food Safety Agency – EFSA) со седиште во Парма, Италија. Спроведувањето на законот и контролите се врши, меѓу другото, преку таканаречениот систем за брзо алармирање за храна (Rapid Alert System for Food and Feed – RASFF). Овој систем овозможува пристап до информации за новите ризици во најкраток рок, со што потрошувачите би добиле целосна информација за храната која ја купуваат и конзумираат, а пропишано е и посебно означување на производите.

## Што се подразбира под приспособување на заеднички стандарди за безбедност на храната?

Нас како потрошувачи природно ни е сите прехранбени производи од полиците во продавниците да бидат здравствено исправни и обележани на вистински начин, и најчесто не размислуваме колку е долга и сеопфатна подготовката која е потребна за секој производ да се најде на пазарот. Почетните точки за вклучување на државата-членка во единствениот систем на функционирање се донесувањето на закони за храната, изработка на национална стратегија за безбедност на храната во согласност со барањата на ЕУ, како и основање на институција за координација и контрола на нивното спроведување – Агенција за храна. Нивната задача е да ги проценат ризиците кај храната и да ја информираат јавноста за резултатите и потенцијалните опасности. Порано, проценката на ризикот главно се спроведуваше преку лабораториски анализи, но денес таа подразбира една посложена постапка: анализа на прехранбените навики, водејќи сметка на чувствителни групи на потрошувачи и анализа на епидемиолошките податоци и на научните сознанија.

Дел од приспособувањето кон системот на ЕУ го вклучува и воспоставување на систем за управување со безбедноста на храната (Hazard Analysis and Critical Control Point – HACCP) којшто е прифатен

**Примери за пораки во системот на брзо алармирање:**

| датум | Причина за алармирање | Држава на потекло |
|---|---|---|
| 04/01/2007. | Истечен рок на употреба на атлантскиот лосос | ЧИЛЕ |
| 05/01/2007. | Измама – променет рок на употреба на конзерви со риби | ПОЛСКА |
| 09/01/2007. | Парчиња стакло во чоколади | ХОЛАНДИЈА |

на меѓународно ниво (потврден од Светската здравствена организација и од Европската унија) со цел да се заштитат потрошувачите. Добивањето на HACCP-сетификат е предуслов за пласман на производите на пазарот на ЕУ. Според споменатиот систем, секој субјект кој работи со храна, освен примарниот производител, е должен да воспостави систем на самоконтрола во објектите за производство на храна, што бара дополнителни вложувања во образованието на експертите и во инфраструктурата за спроведување на ефикасни производни и хигиенски практики.

## Декларирање на прехранбените производи пред пуштање на пазарот

Можеби листата на задолжителни податоци за секој прехранбен производ пред негово пуштање на пазарот ќе ви се чини долга и непотребна, но обидете се да замислите производ на продажна полица без:



- име
- листа со состојки
- количество на одредени состојки
- нето тежина
- рок на траење
- услови за чување и употреба, каде што е тоа потребно, односно ако може да влијае на рокот на траење на храната
- име и адреса на производителот
- за увозните производи, освен името и адресата на производителот, потребно е да се наведе и седиштето на увозникот и земјата на потекло
- упатство за употреба, каде што е тоа потребно заради правилно користење
- вистинска јачина на алкохолот по волумен, за пијалоци кои содржат повеќе од 1,2 волуменски удел на алкохол.

Дали би купиле прехранбен производ на којшто го нема означено рокот на траење или листата со состојки ако сте, на пример, склони кон алергии или дијабетичар? Дали и по овие прашања листата и натаму ви се чини предолга?

## Што предвидува ветеринарниот систем на ЕУ?

За да го усогласи својот ветеринарен систем со оној на ЕУ, секоја држава-членка мора да воспостави електронска база на податоци за евидентирање на животните. На пример, пропишано е означувањето на свињите со ушна маркица. Овластена организација им издава на сопствениците потврда со податоци за земјата на потекло, бројот на животното и датумот на раѓање на животното, полот, бројот на мајката (ако е позната), бројот на таткото (ако е познат), податоци за сопственикот (име и презиме, адреса, шифра на фармата) и датумот на обележувањето, како и ИСО-шифрата на земјата на потекло. При

колењето на свињата, сопственикот со пропишаниот примерок за преглед на месото на трихенолоза, на овластената ветеринарна организација мора да и ја достави ушната маркица на закланото животно, така што во случај на откривање на зараза би се знаело од која фарма потекнува заразеното животно. Обележувањето на преживарите се врши со помош на електронски капсули кои трајно остануваат во чкембето на преживарот и се отчитуваат со помош на електронски читач. За разлика од ушната маркица, електронските капсули не може да се отстранат. Другите барања се однесуваат на системот за издавање пасоши на животните, разработка и спроведување на план за ветеринарни прегледи на граничните премини со трети земји (држави кои не се членки на Унијата) и на постојано вложување во инфраструктура и во зголемување на стручноста на луѓето.

## Фитосанитарни услови на ЕУ

Фитосанитарната политика на ЕУ вклучува контрола на штетните организми, на средствата за заштита на растенијата и контрола на квалитетот на семињата и на садниот материјал. Државите-членки се должни да основаат станици за контрола заради заштита од штетни организми, лаборатории за испитување на остатоците од пестициди во храната, како и контролни точки на увозот и извозот на растенија, при што се издаваат билни пасоши за растенијата воведени во Регистерот на производителот, преработувачот, увозникот и дистрибутерот на одредено растение, растителен производ и на други надгледувани предмети кои се прицврстуваат на самото растение или на растителениот производ, односно на неговото пакување или на превозното средство со кое се пренесува.




12


HACCP



ПОГЛАВЈЕ 13

# РИБАРСТВО

# ПОГЛАВЈЕ 13

## РИБАРСТВОТО

Ако на географската карта ги преброите државите кои излегуваат, на пример, на Северното Море, ќе заклучите дека има осум, од кои седум држави се членки на Европската унија.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 24**

**Дефиниција**

**Одредбите од ова Поглавје се однесуваат на трговијата со земјоделски и рибни производи, што потекнуваат од Република Македонија или од Заедницата.**

**Изразот „земјоделски и рибни производи" се однесува на производите што се наведени во Поглавјата 1 до 24 од Комбинираната номенклатура и на производите што се наведени во Анексот I, параграф 1, (ii), од Договорот за земјоделство (ГАТТ 1994).**

**Оваа дефиниција ги опфаќа рибите и рибните производи од глава 3, тарифни ознаки 1604 и 1605 и под-ознаки 0511 91, 2301 20 00 и дел од 1902 201*.**

Зачувувањето на залихите на риби и регулирањето на меѓусебните односи по воведувањето на индустриските појаси меѓу нив, како и потребата за решавање на нивните специфични проблеми се некои од причините за воспоставување на Заедничката политика за рибарство (Common Fisheries Policy – CFP).

Мерките на Заедничката политика за рибарство, по последните реформи од 2003 година, опфаќаат: зачувување на рибните ресурси, ограничување на рибарските флоти, управување, следење и контрола на рибниот фонд, економски и социјални прашања, заштита на животната средина, аквакултура, меѓународни прашања и заедничкиот пазар.

### Ограничено ловење на риби

Планот за зачувување на рибните ресурси бил направен како резултат на претераниот улов на риби, кој во последната деценија го достигнал критичното ниво од кое се заканува опасност за сериозно нарушување на морскиот еко-систем. Во насока на спречување на натамошни негативни последици, направени се низа правила за обновување и одржлив развој на рибниот фонд преку спроведување на конкретни мерки. Една од нив е правењето на повеќегодишни планови за управување и обновување на рибните ресурси. Централна улога во координацијата на спроведувањето на донесените планови има Општата управа за рибарство на Европската комисија. Така, на пример, Европската комисија за 2005 година го одредила бројот на излегувања на море во лов на лист-риба во Ла Манш на 20 дена месечно, забранила лов на бакалар на истокот на Балтичкото Море и во Келтското Море и го

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 26**

**Со стапувањето во сила на Спогодбата, Заедницата ќе ги укине сите квантитативни ограничувања, како и мерки кои имаат еднакво влијание на увозот на земјоделски и рибни производи што потекнуваат од Република Македонија.**

**Со стапувањето во сила на Спогодбата, Република Македонија ќе ги укине сите квантитативни ограничувања, како и мерки кои имаат еднакво влијание, на увозот на земјоделски и рибни производи што потекнуваат од Заедницата**




намалила уловот на инчун во Бискајскиот Залив за 10% (на дотогашните 33.000 тони).

Контролата на уловените количества и користењето на рибарската опрема и бродови во државите-членки ја спроведуваат рибарските инспекции и сателитските системи за контрола и следење на рибарските бродови (Vessel Monitoring System – VMS). Заради контрола и мониторинг, ЕУ ја формира и Агенцијата за контрола на рибарењето.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 28**

**Рибни производи**

**Со стапувањето во сила на оваа Спогодба, Заедницата целосно ќе ги укине царинските давачки за риби и рибни производи по потекло од Република Македонија. Производите наведени во Анекс V(а) ќе бидат предмет на одредбите што се наведени подолу.**

**Со стапувањето во сила на оваа Спогодба, Република Македонија ќе ги укине сите давачки што имаат ист ефект со царинските давачки и истите ќе ги намали за риби и рибните производи по потекло од Европската заедница за 50% од царините што важат за најповластена нација. Преостанатите давачки ќе бидат намалувани за период од шест години и ќе бидат укинати до крајот на тој период.**

**Правилата содржани во оваа точка нема да се применуваат на производите наведени во Анекс V(b), што ќе бидат предмет на царински намалувања наведени во споменатиот Анекс.**

Зошто контрола на риболовната опрема? Причината за тоа е едноставна: видовите на опрема и подвижната моќ на бродовите во голема мера го одредуваат количеството улов и поради тоа и на ова поле се спроведуваат инспекциски мерки.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 29**

**Земајќи ги предвид обемот на трговијата на земјоделски и рибни производи меѓу Страните, нивната особена чувствителност, правилата на Заедничката политика за земјоделство и рибарство на Заедницата, прописите за земјоделската политика на Република Македонија, улогата на земјоделството во стопанството на Република Македонија, производниот и извозниот потенцијал на нејзините традиционални гранки и пазари и последиците од мултилатералните трговски преговори во рамките на СТО, Република Македонија и Заедницата во рамките на Советот за стабилизација и асоцијација не подоцна од 1 јануари 2003, ќе ги испитаат, производ по производ, на утврдена и реципрочна основа, можностите за меѓусебно доделување понатамошни концесии во поглед на спроведување на поголема либерализација на трговијата за земјоделските и рибните производи.**

**Одредбите од ова Поглавје во ниеден случај нема да влијаат врз примената на поповолни мерки од едната или од другата Страна, на унилатерална основа.**

## Најважното прашање: пазарот на риби и рибни производи

Патот на рибата и рибните производи до пазарот воопшто не е едноставен како што можеби се претпоставува. Што се му претходи на пласманот на пазарот - обврска за почитување на заедничките стандарди кај пазарот на риби и рибни производи, информирање на потрошувачите, основање на здруженија на производители, разработка на системот на ценовна помош преку интервенции и почитување на правилата за тргување со трети земји односно со земјите надвор од Европската унија.

Наброените одредби не мора веднаш да се оценат како негативни. Нивната цел е исправка на негативните последици кои ги причинуваат неусогласеноста на понудата и побарувачката, стабилизирање на цените со што на рибарите би им се загарантирало минимално ниво на приходи, како и генерално јакнење на конкурентноста на рибарските флоти на државите-членки на Европската унија на светскиот пазар.

## Рибарството и заштитата на животната средина

За загадување на водната животна средина, освен уловот на риби, придонесуваат и самите бродови како и опремата која се користи во рибарството. За во иднина да се постигне функционално рибарство, во согласност со принципите на одржливиот развој, Европската унија формирала Регионални советодавни комитети, кои ги вклучуваат рибарите, научниците и другите интересни групи.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 30**

**Независно од другите одредби од оваа Спогодба, а особено од членот 37, имајќи ја предвид особената чувствителност на земјоделските и рибните пазари, доколку увозот на производите што потекнуваат од една од двете Страни, кои се предмет на концесии доделени во согласност со членот 25, 27 и 28, предизвикуваат сериозни нарушувања на пазарите или на нивните домашни регулативни механизми, на другата Страна, двете Страни веднаш ќе пристапат кон консултации за да се изнајде соодветно решение. Барајќи решение, засегнатата Страна може да преземе соодветни мерки што ги смета за неопходни.**

## Задачи на државите-членки

Почитувањето и спроведувањето на законските правила поврзани со рибарството во ЕУ, за секоја држава-членка значи: ограничување на риболовните активности како и креирање на рамка за системско прибирање податоци, воспоставување на регистер на флоти и воведување на сателитски систем за контрола на бродовите. Потоа треба да се основа организација на производители на рибни производи и да се користат единствените пазарни стандарди, како и основање на организација за спроведување на структурната политика на ЕУ. При финансирањето на проектите поврзани со рибарството, Европската унија ја нагласува важноста за подобрување на сигурноста и работните услови на бродовите. За спроведување на мерките на Заедничката рибарска политика воспоставен е Европски фонд за рибарство (European Fisheries Fund - EFF).





## Три мориња – три групи на правила

Со оглед на тоа што рибарската дејност во ЕУ се одвива на Балтичкото Море, Североисточниот Атлантски Океан и на Средоземното Море, при креирањето и спроведувањето на прописите се земаат предвид специфичностите на наведените морски површини. Целите на рибарската политика на ЕУ е потешко да се спроведат на Средоземното Море, отколку на другите области на ЕУ поради традицијата и формата на риболов на земјите од Средоземјето кои се значајно посложени од оние во северните морија.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 100**

**Земјоделство и агро-индустриски сектор**

**Соработката на ова поле за своја цел ќе ја има модернизацијата и преструктуирањето на земјоделството и агро-индустрискиот сектор, водостопанството, руралниот развој, постепеното усогласување на ветеринарното и фитосанитарното законодавство со стандардите на Заедницата и развој на рибарството и шумарството во Република Македонија.**



ПОГЛАВЈЕ 14

# ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА



# ПОГЛАВЈЕ 14

## ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА

### Како да се вклучите?

Секојдневниот живот тешко би можел да се замисли без користење на различни видови транспорт. Автомобилите, железницата, авионите итн., ни овозможуваат пристигнување до саканите дестинации без оглед на нивната оддалеченост. Меѓутоа дали нашето гледање на транспортот е секогаш позитивно? Сигурно сте се нашле во непрегледна колона за време на шпицот. Додека не доживеавте повеќечасовно доцнење на летот во преполниот аеродром, мислевте дека тоа се случува само во филмовите?

Според статистиките на Европската комисија, дневниот сообраќаен метеж зафаќа 10% или 7500 км автопат во Европската унија, додека на 16 најголеми аеродроми во ЕУ, 30% од летовите доцнат повеќе од 15 минути.

### Транспортната политика во ЕУ

Ефикасното функционирање на заедничкиот пазар на ЕУ, односно непречениот проток на луѓе, стоки, капитал и информации подразбира спроведување на прописите содржани во Поглавјето 14, кое сочинува околу 10% од вкупната законска рамка на ЕУ. Донесените прописи се креирани токму со цел да се решат проблемите како што се застојот во транспортот, доминантноста на патниот во однос на другите видови транспорт, загадувањето на животната средина, слабата врска кон оддалечените региони на ЕУ, слабата поврзаност на националните транспортни мрежи и сл.

Спроведувањето на заедничката транспортна политика означило отворање на конкуренција на националните транспортни пазари (посебно во патниот и авионскиот транспорт, а во железничкиот транспорт пазарот е отворен за товарен транспорт) што довело до намалување на цените и поголема поврзаност меѓу државите-членки.

Споменатиот чекор овозможил постоење на заеднички правила кои се применуваат на меѓународниот превоз на територииите на државите-членки, односно на превоз преку територијата на една или повеќе држави-членки, а утврдени се и услови под коишто превозниците кои немаат седиште на територијата на некоја држава-членка можат во рамки на таа држава да вршат услуги за превоз. Или со конкретен пример: камион кој пренесува товар од Холандија во Австрија не мора да се враќа празен во Холандија, туку услугите на превоз може да ги извршува за Австрија, но под точно утврдени правила.

ЕУ ги дефинира техничките, безбедносните и социјалните правила и стандарди во областа на

патниот, железничкиот, комбинираниот транспорт, транпортот на внатрешните пловни патишта на морскиот и воздушниот транспорт, како и правилата за пазарна конкуренција и доделување на помош во сите гранки на транспортот.

Пример за еден од социјалните услови е дозволеното траење на времето на возење и минималното траење на одмор за професионалните возачи во патниот сообраќај; задолжителниот период за одмор за тешките камиони изнесува од 8 до 9 часа, додека нивното вкупно време на возење е ограничено на 56 часа неделно (дневно до 11 часа, кое трипати неделно може да се намали на 9 часа).

Техничките услови опфаќаат, на пример, правила за превезување на опасни материи, стандарди за изработка на рибарски бродови итн. Голем дел од законодавството го сочинуваат и безбедносните стандарди и стандардите за заштита, како што се заштита на воздушниот транс-

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 98**

**Сообраќај**

**Покрај „Спогодбата меѓу Европската заедница и Република Македонија во областа на сообраќајот", Страните ќе ја развиваат и ќе ја засилат соработката со цел на Република Македонија да и овозможат:**

- **да го преструктуира и модернизира сообраќајот и неговата инфраструктура;**
- **да го подобри движењето на патници и стоки и пристапот кон сообраќајниот пазар со отстранување на административните, техничките и други пречки;**
- **да постигне оперативни стандарди соодветни на оние во Заедницата;**
- **да развие свој сообраќаен систем, компатибилен и усогласен со системот на Заедницата;**
- **да ја подобри заштитата на животната средина во сообраќајот, намалувањето на штетното влијание и загадувањето.**

**Соработката ќе ги вклучи следниве приоритетни области:**

- **развој на патната, железничката, аеродромската и пристанишната инфраструктура и други важни правци од заеднички интерес и трансевропските и пан-европските врски;**
- **управување со железниците и аеродромите, вклучувајќи и соодветна соработка меѓу соодветните национални власти;**
- **патен сообраќај, вклучувајќи ги и даночните, социјалните и аспектите во врска со животната средина;**
- **комбиниран железнички и патен сообраќај;**
- **хармонизација на меѓународната сообраќајна статистика;**
- **модернизација на техничка сообраќајна опрема во согласност со стандардите на Заедницата и помош за финансирање за таа цел, особено што се однесува на патно-железнички сообраќај, мулти-модалниот транспорт и претовар;**
- **унапредување на заеднички технолошки и истражувачки програми;**
- **усвојување на координирана сообраќајна политика којашто е компатибилна со политиката што ја применува Заедницата.**

порт и безбедносните правила во железничкиот транспорт, како и правилата за контрола на споменатите прописи.

Пратениците на Европскиот парламент гласале за воведување на единствена возачка дозвола во Европската унија која ќе ги замени сегашните 110 различни возачки дозволи кои се разликуваат по големина, рок на траење, како и можноста за фалсификување.

Единствената европска возачка дозвола би ги заменила различните возачки документи кои во моментов ги користат повеќе од 200 милиони возачи во Европската унија. Главните цели со воведувањето на оваа единствена возачка дозвола се подобрување на безбедноста во сообраќајот, олеснување на слободата на движење на возачите во Европската унија, но и спречување на измами. Новата директива ќе значи дека граѓанинот на ЕУ на којшто возачката дозвола му е одземена, било поради возење во алкохолизирана состојба, било поради други причини или од здравствени причини, не смее да премине граница и да побара нова дозвола во друга држава-членка – што досега беше случај во Европа. Директивата ќе започне да се применува од 2013 година, а новите издадени дозволи би требало да имаат облик на кредитни картички. Новите возачки дозволи ќе важат најмногу 15 години, а рокот за замена на сите возачки дозволи е 2033 година.

## Транспорт и заштита на животната средина

Во белата книга за транспорт од 2001 година, Европската комисија како приоритет го истакнала одржливиот развој. Се повеќе се посветува внимание на промовирање на начини на транспорт кои се прифатливи за животната средина. И во патничкиот и во товарниот транспорт доаѓа до несоодветно користење на одредени форми. Така, патниот сообраќај зазема 79% од патничкиот транспорт, железничкиот 6%, а воздушниот 5%. Пренасочувањето на стоките и патниците од патиштата кон формите за превоз кои се прифатливи за животната средина (како на пример железницата) ќе биде клучен фактор во политиката на одржливиот транспорт.

Уште еден фактор ќе биде способноста за интегрирање на различните начини на превоз со комбинирање на елементи пат-железница, море-железница и железница-авион. Мерките за одржлив развој на прометот ја поттикнуваат употребата на алтернативни горива и плаќање за причинето загадување, бидејќи транспортните средства (главно патничките возила) испуштаат 28% јаглерод-диоксид, што е главната состојка за ефектот на стаклена градина. Во авионскиот транспорт, новите прописи се однесуваат на намалување на бучавата и загадувањето од авионите и исклучување на одредени типови авиони од транспортот, посебно бучните.



# ЕНЕРГИЈА

ПОГЛАВЈЕ 15

# ПОГЛАВЈЕ 15

## ЕНЕРГИЈА

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 99**

**Енергија**

**Соработката ќе ги одрази начелата на пазарната економија и Договорот за европската енергетска повелба и ќе се развива во насока на постапното интегрирање во европските пазари на енергија.**

**Соработката особено ќе го вклучи следново:**

- **формулирање и планирање на енергетската политика, вклучувајќи модернизација на инфраструктурата, подобрување и диверсификација во снабдувањето и подобар пристап кон пазарот на енергија, вклучувајќи и олеснување на транзитот;**
- **управување и обука за енергетскиот сектор и трансфер на технологија и знаења;**
- **поттикнување за штедење енергија, ефикасноста на енергијата, обновливата енергија и проучување на влијанието на производството и потрошувачката на енергија врз животната средина;**
- **формулирање на рамковни услови за преструктуирање на енергетските капацитети и соработка меѓу претпријатијата во овој сектор.**

### Сепак во согласност со одржливиот развој

Природната снежна покривка која на скијачките терени знаеше да се задржи до доцна пролет сега ја има само во сеќавањата на старите скијачи. Повисоките температури значат и потопли зими со помалку снежни врнежи. Тоа не влијае само на уживањето на скијачите, туку и на стопанството на одредени региони, па и земјите чијшто туризам во голема мерка е поврзан со зимскиот туризам (на пример, Австрија). Енергетската политика и новите законски одредби на Поглавјето 15 од законската рамка на ЕУ нудат нови стратегии за решавање на споменатите, но и на други енергетски предизвици.

### Цели на енергетската политика на ЕУ – амбициозни и/или изводливи?

Енергетската политика на ЕУ се однесува на следењето и регулирањето на побарувачката за енергија и користењето на најчестите извори на енергија – фосилни горива (нафта, природен гас и јаглен), обновливите извори на енергија, нуклеарната и на електричната енергија како секундарен облик на енергија.

Според структурата на користење на одредени извори на енергија, ЕУ не е исклучок: како и повеќето држави во светот, најинтензивно

## СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

**Член 103**

**Животна средина и нуклеарна безбедност**

**Страните ќе ја развиваат и зајакнуваат нивната соработка во однос на суштествените цели на борбата против деградација на животната средина со цел да се поддржи нејзината одржливост.**

**Соработката ќе се насочи врз следниве приоритетни области:**

- **борба против локалното, регионалното и прекуграничното загадување (квалитетот на воздухот и водата, вклучувајќи и пречистување на отпадните води и загадување на водата за пиење) и воспоставување ефикасно набљудување;**
- **развој на стратегии во однос на глобални и климатски прашања;**
- **ефикасно, одржливо и чисто производство и потрошувачка на енергијата, безбедност на индустриските капацитети;**
- **класификација и безбедно ракување со хемикалии;**
- **намалување на отпадот, рециклирање и безбедно депонирање на отпад и спроведување на Базелската конвенција за контрола на прекугранично пренесување на опасен отпад и негово депонирање (Базел 1989);**
- **влијанието на земјоделството врз животната средина; ерозија на земјиштето и негово загадување со земјоделски хемикалии;**
- **заштита на шумите, флората и фауната; зачувување на биодиверзитетот;**
- **уредување на градовите и селата, вклучувајќи ги градежништвото и урбанизмот;**
- **проценка на влијанијата врз животната средина и стратешка проценка на животната средина;**
- **континуирано приближување на законите и регулативите кон стандардите на Заедницата;**
- **меѓународни конвенции од областа на животната средина во кои Заедницата е членка;**
- **соработка на регионално ниво, како и соработка во рамките на Европската агенција за животната средина;**
- **образование, информации и јавна свест за прашања од животната средина.**

**На полето на заштитата од природни непогоди, целта на соработката е да се осигури заштита на луѓето, животните, имотот и животната средина од катастрофи предизвикани од човекот. За оваа цел соработката би можела да ги вклучи овие области:**

- **размена на резултатите од научни и истражно-развојни проекти;**
- **заемен надзор, системи за рано предупредување и известување за катастрофите и нивните последици;**
- **спасувачки и акции за пружање помош и системи за помош во случај на катастрофи;**
- **размена на искуство за рехабилитација и обнова по катастрофи;**

**Соработката на полето на нуклеарната безбедност би можела да ги опфати следниве теми:**

- **подобрување на законите и регулативата на Република Македонија за нуклеарната безбедност и јакнење на надзорните власти и нивните ресурси;**
- **заштита од радијација, вклучувајќи го и набљудувањето на радијацијата во животната средина;**
- **управување со радиоактивен отпад. Република Македонија се обврзува да му обезбеди информации на Советот за стабилизација и асоцијација за секоја намера да увезе или да складира радиоактивен отпад;**
- **да поттикне склучување спогодби меѓу државите-членки на Европската унија или Евроатом и Република Македонија за рано известување на податоците во случаи на нуклеарни незгоди, а доколку има потреба, и општо за прашања од областа на нуклеарната безбедност;**
- **зајакнување на надзорот и контролата на транспортот на материјали кои се подложни на радиоактивно загадување.**

15

е искористувањето на необновливи извори на енергија, поточно фосилни горива, кои во голема мера се увезуваат од други делови на светот. Покрај проблемот со намалување на залихите на фосилни горива, зависноста на ЕУ од увозот на споменатите енергенси од други држави и варирањето на цените, тука е и прашањето на загадувањето на животната средина со емисии на гасови во атмосферата кои влијаат на ефектот на стаклената градина и го забрзува глобалното затоплување. Според Кјото-протоколот, а почитувајќи ги принципите на одржливиот развој, ЕУ се обврза да ја намали емисијата на штетни гасови од индустриските погони и од транспортните средства (посебно во авионскиот транспорт) и поефикасно да ја користи произведената енергија. Приоритетите за развој на енергетската политика на ЕУ во следниот период се:

- Развој на внатрешниот пазар на електрична енергија и гас
- Подобрување на безбедноста и конкурентноста
- Снабдување преку подобрување на нејзината одржливост и ефикасност
- Користење на обновливи извори на енергија
- Заштита на животната средина.

Ефикасното функционирање на внатрешниот пазар, меѓу другото, подразбира и обврска за заедничко преземање мерки за безбедност при снабдувањето со електрична енергија и со природен гас и вложување во инфраструктурата.



## Минимални залихи на нафта – обврска на секоја држава-членка

На ниво на Европската унија постојат обврски за одржување на минимални залихи на сурова нафта и/или нафтени деривати во вредност од 90-дневна просечна потрошувачка во земјата од претходната година. Локацијата за чување на залихите не е ограничена да биде на територијата на одредена држава, што значи дека складирањето може да биде и во други држави во ЕУ со гаранција за нивна достапност во случај на потреба.

## Користење на обновливи извори на енергија – (не)возможна мисија?

Се пократкотраењето на снежната покривка, а со тоа и на скијачката сезона поради глобалното затоплување ја натера ЕУ да понуди нова стратегија за користење на енергенсите на иднината. Така, на пример, во Европа веќе се користи електрична енергија добиена од ветерници за придвижување на главните жичарници во елитните скијачки центри, сончеви колектори за греење, гориво добиено од рециклирано масло за јадење (биодизел) итн., со што се намалува годишната емисија на јаглерод-диоксид, а со тоа и ефектот на стаклена градина. Ако сте скијач, а имате хибриден автомобил (бензински + електричен мотор), во одредени скијачки центри во Европа во текот на целиот одмор може да добиете бесплатно место за паркирање.

Овие, а и некои други чекори, се дел од енергетските политики на ЕУ во врска со промоцијата за користење на обновливи извори на енергија (енергија од вода, ветер, биомаси итн.). Програмата за промоција на користење на обновливите извори и истражувањата за постигнување на нивно што поквалитетно искористување е насловена Интелигентна енергија Европа (Intelligent Energy Europe). Целта е уделот на обновливите извори на енергија во вкупната маса на енергенси да изнесува 12% до 2010 година.

## Нуклеарна енергија – да или не?

Во поглед на користењето на нуклеарната енергија, нуклеарната безбедност и заштитата од зрачење, ЕУ врз основа на Договорот за Европската заедница за атомска енергија, пропишува правила за снабдување со нуклеарни материјали, мерки на заштита при користењето на нуклерна енергија, заштита на жителите, контрола на контаминацијата на прехранбените производи, складирање на нуклеарниот отпад и неширење на нуклеарното оружје.

И покрај опасностите од нуклеарни несреќи и од зрачење, вредноста на нуклеарните електрани е во фактот што произведуваат енергија без емисија на јаглерод-диоксид и други штетни гасови, со што во структурата на користењето на енергенси и во иднина ќе зазема важно место, посебно ако се земе во предвид недостатокот на енергетски ресурси во одредени држави на ЕУ, несигурната набавка и непредвидливата цена на природниот гас, ограничувањата за изградба на термоелектрани на јаглен поради емисијата на штетни гасови итн.

Во духот на енергетската политика на ЕУ, која промовира ефикасно користење на енергијата, и самите вие може да се вклучите уште денес. Корисен совет: при купување на нов уред за домаќинството, побарајте знак дека производот ги исполнува критериумите на енергетска ефикасност. Производите се означени со буквите А, Б, Ц, Д, Е, Ф, Г. Уредите со ознаката А трошат најмалку енергија.





# ДАНОЦИ

ПОГЛАВЈЕ 16

# ПОГЛАВЈЕ 16
## ДАНОЦИ

### Да се биде даночен обврзник во европската унија

*„На овој свет ништо не е извесно освен даноците и смртта."* - Бенџамин Френклин

Даноците, чие прво користење е забележано пред 6000 години, до денес останале единствен познат начин за прибирање на средства за финансирање на јавните расходи за стоки и услуги со кои сите ги користиме. Даноците се секаде околу нас: данокот на доход и придонесите ни се одбиваат од плата, данокот на додадена вредност ја зголемува цената на производите кои ги купуваме, кога купуваме стан плаќаме данок на промет на недвижности, кога автомобилот го полниме со бензин или пиеме вино во ресторан плаќаме акцизи.

Зошто? Даноците се цената на јавните добра со кои секојдневно се служиме, а најчесто не се прашуваме колкава е нивната вредност. Јавни добра се јавната здравствена заштита, јавното образование, јавната безбедност, музеите итн.

Во ЕУ не постои обврска за усогласување на сите видови на даноци, бидејќи даночната политика е еден од симболите на суверенитетот на секоја држава. Законската рамка на ЕУ во областа на даноците се однесува главно на индиректното оданочување (данок на додадена вредност, акцизи), додека директните даноци (персонален данок на доход и данокот на добивка) се опфатени во помала мера и се препуштени на државите-членки. Целта на заедничката даночна политика на Европската унија е да се обезбеди усогласеност на даночните правила со целите на функционирањето на единствениот пазар, слободното движење на стоки, капитал, луѓе, услуги и знаење.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 89**

**Оданочување**

**Страните ќе воспостават соработка на полето на оданочувањето, вклучувајќи и мерки кои се насочени кон натамошната реформа на даночниот систем и модернизација на даночните служби, со цел да се обезбеди ефикасност во прибирање даноци и борба против даночните измами.**

### Индиректни даноци – во владеење на Европската унија

Индиректните даноци се однесуваат на данокот на додадена вредност (ДДВ) и акцизите (данок на енергенси, тутунски производи, алкохол

и сл.), кои непосредно влијаат на слободното движење на стоки и слободата на давање услуги и поради тоа треба да се усогласат на ниво на ЕУ, бидејќи промените и разликите во ДДВ или акцизите за гориво, пиво или цигари многу лесно може да ја искриват пазарната конкуренција.

Данокот на додадена вредност (ДДВ) е воведен во 1970 година, како општ данок на потрошувачката, применлив на секоја фаза од производството и дитрибуцијата на стоки и услуги.




Минималната стапка на ДДВ во ЕУ изнесува 15% и важи за повеќето стоки и услуги.

Разлики постојат кај државите-членки во ЕУ и тие се движат од 15% на Кипар и Малта, преку стапки од 19% во Холандија, па се до највисоките стапки од 25% во Данска и Унгарија. Стапките пониски од просекот се дозволени за производи и услуги кои не се конкурентни со производите и услугите од други држави-членки, пример лекови и сл.

Акцизите и законската рамка на ЕУ во врска со нив опфаќаат прописи со цел да се усогласат во трите категории на производи: тутунски производи, алкохолни пијалоци и енергенси. Наведените прописи, меѓу другото, ја одредуваат минималната стапка на данок за секоја од наброените групи на производи. Минималните даночни стапки за гориво, природен гас, струја и јаглен се во интерес на лојалната конкуренција и претставуваат алатка за поттикнување на заштеда на енергија и за користење на еколошки прифатливи горива.

Сепак, прописите на ниво на ЕУ се доволно флексибилни за да овозможат посебни национални услови. Државите-членки можат да одредат посебни даноци и на други категории на производи чија примена не смее да прави пречки во слободното движење на стоки надвор од територијата на таа држава.

## Директни даноци – во владеење на државите-членки

16

Директните даноци се тие кои ги уплатуваме лично или за нас тоа го прави работодавачот, а се пресметуваат во одреден процент од нашиот доход или имот. Повеќето одредби за овие видови на даноци, државите-членки ги одредуваат сами, почитувајќи ги четирите слободи од Договорот за Европската заедница (слободно движење на стоки, услуги, луѓе и капитал), а во поново време и петта слобода – слободата на движење на знаењето.

Законската рамка на ЕУ за директните даноци се однесува главно на данокот на добивка (кој го плаќаат компаниите). Целта на ЕУ е спречување на штетна даночна конкуренција меѓу државите-членки и потпирање на принципите на слободно движење на капиталот. Непостоењето на овие правила во минатото довело до давање на претерани даночни стимулации во одредени држави-членки со цел привлекување на странски инвестиции, често на сметка на другите држави од ЕУ во коишто вложувањето било економски

пооправдано. Со цел да се отстранат штетните даночни мерки државите-членки се обврзуваат со Етички кодекс (Code of Conduct for Business Taxation).

Со заедничките правила, ЕУ обезбедува усогласеност на даночните стапки за прекугранични плаќања на камати, како и авторски права, за прекугранична продажба на стоки и услуги во претпријатијата (т.н. трансферни цени).

## Живеам во една држава-членка, штедам во друга - каде да се плати данок?

Државјаните на ЕУ може да ја ставаат својата заштеда таму каде што мислат дека ќе добијат најдобра камата, но должни се данокот да го платат во државата каде што престојуваат. За заштита од непријавување на камати на заштедите во странство, државите на ЕУ од 1 јули 2005 година разменуваат информации за заштедите на жителите од други држави, додека некои од нив применуваат данок по одбивање, а најголем дел од доходот од тој данок го пренесуваат во матичната држава на инвеститорот, каде што навистина се должи.



# ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА

**ПОГЛАВЈЕ** 17



# ПОГЛАВЈЕ 17

## ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА

Одењето од една држава во друга значело, а и денес често значи, менување на пари: од германска марка во француски франк, од австриски шилинг во грчка драхма. Губењето на време стоејќи во ред пред менувачница и губење на дел од парите со менување од една валута во друга се појави кои на сите ни се познати. Тие проблеми веќе ги нема во дел од државите на ЕУ благодарение на воведување на еврото. Воведувањето на единствената европска парична единица – еврото во 1999 година како пресметковна единица е доживување кое го паметиме, а најчесто го поврзуваме со поимот „Економска и монетарна унија". Меѓутоа, овој поим значи многу повеќе: подразбира усогласување на економските политики на државите-членки и заедничко планирање на интеграциите на економиите, стимулирање на економскиот раст, обезбедување на работни места и конкурентност на економијата во ЕУ воопшто на глобално ниво. Со стапувањето во полноправно членство, обврска на секоја држава е директно да ги примени правилата на ЕУ кои се однесуваат на усогласување на националната економска политика со заедничката европска економска политика, што значи вклучување во Пактот за стабилност и раст (Stability and Growth Pact – SGP) чија цел е остварување на балансиран буџет. Сите држави-членки на ЕУ се дел од Европската економска и монетарна унија (Economic

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 80**

**Република Македонија и Заедницата ќе воспостават тесна соработка со цел да придонесат за развојот и потенцијалите за растеж на Република Македонија. Таквата соработка ќе ги зајакне постоечките економски врски на најширока можна основа, во корист на двете Страни.**

**Политиката и другите мерки ќе имаат за цел да воспостават економски и социјален развој на Република Македонија. Со ваквата политика треба да се обезбеди уште од самиот почеток грижата за животната средина да биде целосно вклопена и поврзана со барањата за рамномерен социјален развој.**

**Политиката за соработка ќе биде вклопена во регионалната рамка за соработка. Особено внимание ќе треба да се посвети на мерките со кои ќе може да се негува соработката меѓу Република Македонија и нејзините соседи, вклучувајќи ги и државите-членки, со што се придонесува за регионалната стабилност. Советот за стабилизација и асоцијација може да ги дефинира приоритетите во рамките на политиката за соработка, опишана подолу.**

and Monetary Union – EMU), која подразбира усогласување во три фази:

- Првата фаза се однесува на остварување слободно движење на капитал меѓу државите-членки, усогласување на економските политики, поблиска соработка на економските политики и соработка меѓу централните банки.
- Втората фаза подразбира конвергенција на економските и монетарни политики на државите-членки (за обезбедување стабилност на цените и јавните финансии).
- Третата фаза означува неповратно фиксирање на курсот и воведување на единствена валута – евро.

Државите кои се служат со заедничката валута – еврото – ја сочинуваат Еврозоната. Тие држави се: Австрија, Белгија, Финска, Франција, Грција, Ирска, Италија, Луксембург, Холандија, Германија, Португалија, Словенија и Шпанија. Од „старите" членки на ЕУ, еврото го немаат воведено Данска, Обединетото Кралство и Шведска, а од „новите" членки (од 2004 и 2007 година) досега еврото го имаат воведено Словенија, Кипар, Малта и Словачка. И покрај неприпаѓањето кон Еврозоната, сите држави-членки имаат обврска да ја усогласат својата монетарна политика и да функционираат според заедничките прописи што ги наложува ЕУ.

## Како да се приспособат?

Со стапувањето во членство во ЕУ, државата истовремено пристапува и кон Економската монетарна унија, што не значи автоматско воведување на еврото како валута во оптек.

Државата-членка може да го воведе еврото дури кога ќе се исполнат таканаречените критериуми на конвергенција:

1. фискалните (буџетските) дефицити мора да бидат помали од 3% од БДП
2. јавниот долг помал од 60% од БДП
3. мора да се остварува ниска инфлација и долгорочно ниски каматни стапки
4. стабилен девизен курс
5. мора да се применува механизам за курсеви наречен ERM II[1] најмалку две години.

Критериум за воведување евра е и двегодишен стабилен курс за размена на пари, во чија насока е основан Курсниот механизам на европскиот монетарен систем (Exchange Rate Mechanism, ERM), кој помага за движење на флуктуации во однос на еврото и националните валути во дозволени граници.

За одржување на сложениот систем на водење на заедничката монетарна политика е задолжена Европската централна банка (European Central Bank, ECB) со седиште во Франкфурт, заедно со националните централни банки во државите-членки. Европската централна банка и националните централни банки во државите кои вовеле евро го сочинуваат Евросистемот, чија цел е одржување на стабилност на цените со водење на единствена монетарна политика во Еврозоната. Во воведувањето на еврото како единствена валута, националните централни банки имаат клучна оперативна улога. Тие се задолжени за воведување

---

[1] ERM II – систем на приспособливи курсеви по пример на основниот Курсен механизам на европскиот монетарен систем (Exchange Rate Mechanism, ERM) во којшто курсевите на државите-членки на ЕУ флуктуирале во рамки на дефинираните граници. ERM II е креиран како помош за државите кои немаат евро да се подготват за членство во ЕУ, почитувајќи ги заедничките економски критериуми.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 81**

**Економска политика**

**Република Македонија и Заедницата ќе го олеснат процесот на економска реформа преку соработка за подобрување на основите на нивните стопанства и спроведување на економската политика во пазарните економии.**

**За овие цели Република Македонија и Заедницата ќе соработуваат за:**

**размена на информации за макроекономските резултати и предвидувања, како и за развојните стратегии;**

**заеднички анализи на економски прашања од заемен интерес, вклучувајќи и дефинирање на економската политика и инструментите за нејзино спроведување;**

**На барање на властите од Република Македонија, Заедницата може да обезбеди помош за поддршка на напорите на Република Македонија за воведување целосна конвертибилност на денарот и за постапно приспособување на нејзината политика со политиката на Европскиот монетарен систем. Соработката во оваа област ќе вклучи неформална размена на информации кои се однесуваат на начелата и функционирањето на Европскиот монетарен систем и Европскиот систем на централни банки.**

на еврото во своите држави и заменување на националната валута со еврото, за собирање на националните валути кои се повлекуваат од оптек, како и за информирање на јавноста.

## Што со државите кои се уште не воведе евро?

Националните централни банки на сите членки на ЕУ, што значи и на оние земји кои барем засега не ја оствариле третата фаза од приспособувањето кон Економската монетарна унија (т.е. не го прифатиле еврото како своја валута), заедно со Европската централна банка го сочинуваат Европскиот систем на централни банки. Државите надвор од Еврозоната, исто така, се вклучени во спроведување на единствената монетарна политика која ја применуваат на своите територии, без оглед на фактот што не го користат еврото како своја валута.

## За и против Евросистемот

Со воведувањето на еврото исчезнуваат загубите при менување на пари од една во друга валута, а споредбата на цените е полесна, што поттикнува конкурентност на заедничкиот пазар. Меѓутоа, државите истовремено мора да се соочат и со заедничката контрола на стапките на инфлација, каматните стапки и девизните курсеви.

## Со влезот во ЕУ, а со тоа и во ЕМУ, автоматски ќе пораснат цените?

На механизмот за воведување на еврото му претходи повеќегодишно замрзнување на курсевите на националните валути во однос на еврото, што значи



дека со воведувањето на еврото цените едноставно се пресметуват без промена во вредностите. Во насока на заштита на потрошувачите задолжително е пред воведувањето на еврото сите цени да бидат истакнати во двете валути – во националната валута и во евра. Растот на цените во некои „нови” држави-членки на ЕУ е резултат на исполнување и на некои други критериуми на конвергенција, на пример остварување на ниски стапки на инфлација која не смее да биде поголема од 1,5% во однос на стапката на инфлација во трите држави-членки на ЕУ со најстабилни цени.

Влезот во Еврозоната т.е. воведувањето на еврото, го искористија трговците и приватните производители кои пресметувањето во евра го користат како причина за поскапување, иако самото воведување на еврото не причинува покачување на цените, со напомена дека нема законски механизам кој може да ги принуди да ги задржат цените кои ги имале пред еврото. Влијание на спречувањето на поскапувањето можат да имаат само, и единствено, потрошувачите.


10
EURO
20
EURO
CENT
50
EURO
CENT
1
EURO
CENT
2
EURO
1
EURO
2
EURO
CENT
5
EURO
CENT

# СТАТИСТИКА



ПОГЛАВЈЕ 18

# ПОГЛАВЈЕ 18

## СТАТИСТИКА

### Статистички податоци во Европската унија

Економскиот раст, т.е. растот на бруто домашниот производ (БДП) во ЕУ во 2006 година изнесувал 4,8% со што благо е надминат резултатот од двете претходни години кога изнесувал 4,3%. Просечните бруто плати во 2006 година изнесувале:

- Во Унгарија 7797 €
- Во Германија 41.691 €
- Во Австрија 36.032 €
- Во Португалија 4712 €
- Во Белгија 36.672 €.

На ниво на целата Европска унија (тогашните 25 држави-членки) бруто платата изнесувала 34.400 €.

Со слични податоци, споредби и анализи се сретнуваме често, но ретко се прашуваме како, кога и каде се собрани. Наведените статистики се собрани од националните статистички заводи на државите-членки на Европската унија, а соединувањето и обработката се прави во рамки на проектот Европски статистички систем. Тоа е статистички модул направен за обработка на анализи и за споредување на состојбите во економиите на државите-членки и претставува само еден од заедничките проекти на Евростат, посебна служба на Европската комисија, скелет на Европскиот статистички систем (ЕСС). Целите на Европскиот статистички систем се одредуваат за период од 5 години, а ги донесува Статистичкиот програмски комитет. Со нив претседава Евростат, а го сочинуваат челниците на националните статистички заводи на државите-членки.

Евростат е основан во 1953 година во служба на Европската заедница за јаглен и челик. Со текот на времето неговите задачи се проширувале. Државите-членки на ЕУ собираат статистички податоци, кои ги анализира овластено статистичко тело на национално ниво, по што се праќаат во Евростат. Евростат и натаму ги систематизира и соединува, обезбедува нивна споредливост, и сето тоа помага во хармонизирањето на методологијата. Освен државите-членки на ЕУ, Европскиот статистички систем опфаќа и држави од Европскиот економски простор (Исланд, Норвешка и Лихтенштајн). Покрај тоа, постои блиска соработка со меѓународните организации како што се ОН, ОЕЦД, Меѓународниот монетарен фонд и Светскта банка. Една од целите на Евростат е и координација за подобрување на статистичкиот систем во трети земји (кои не се членки), посебно со кандидатите за членство во ЕУ. Законската рамка на ЕУ во врска со статистичкиот систем и неговото функционирање

е предмет на Поглавјето 18. Ова Поглавје е од пресудна важност, бидејќи квалитетните и споредливи статистички податоци се неопходни за донесување одлуки во спроведувањето на заедничките политики на ЕУ. Меѓу најсложените области за статистичко следење се вбројуваат статистиката на земјоделството, монетарната и финансиската политика и многу други.

Квалитетот и споредливоста на статистичките податоци ги сочинуваат основните принципи на официјалната статистика, а како важна ставка се издвојува и навременоста во производството и доставувањето на податоците. Со цел да може да се обезбеди споредливост, податоците во државите-членки мора да се прибираат и доставуваат до Евростат во еднакви утврдени временски

## СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

**Член 82**

Соработка во областа на статистиката

**Соработката во областа на статистиката ќе има за цел развој на ефикасен и одржлив статистички систем способен во догледно време да обезбеди сигурни, објективни и точни податоци потребни за планирање и надзор на процесот на транзиција и реформи во Република Македонија. Тоа ќе му овозможи на националниот статистички систем, координиран од Државниот завод за статистика, подобро да ги задоволува потребите на неговите корисници од државната администрација и од приватниот деловен сектор. Статистичкиот систем треба да ги почитува основните начела на статистиката издадени од Обединетите нации и одредбите од Европското законодавство за статистика и да се развива во правец на заедничкото европско законодавство (acquis communautaire) во областа на статистиката.**

**За оваа цел Страните можат да соработуваат особено на следново:**

- **унапредување на развојот на ефикасна статистичка служба во Република Македонија, врз основа на соодветна институционална рамка;**
- **развој и одржување на националните капацитети за прибирање, обработка и соопштување статистички податоци со висок квалитет, употребувајќи ги модерните технологии на најефикасен начин;**
- **обезбедување соодветни социо-економски податоци неопходни за следење на државните реформи за стопанските субјекти од јавниот и од приватниот сектор и за истражувачката заедница;**
- **овозможување на националниот статистички систем да ги усвои начелата и стандардите од Европскиот статистички систем;**
- **обезбедување на доверливоста на личните податоци.**

**Соработката на ова поле ќе вклучува обезбедување информации за методите, учество во избрани работни групи на ЕУРОСТАТ и размена на статистички податоци, но нема да биде ограничена само на ова.**

18

интервали. На пример, за да добиеме вистинска слика за вработеноста на жените во ЕУ, важно е таа статистика во Германија да биде водена на ист начин како и во Италија, Португалија или во која било друга држава-членка. Поради тоа, Евростат заедно со државите-членки работи на дефинирање на заедничка методологија за водење на официјалната статистика и/или бара државите-членки при собирањето на национални податоци да вклучат соодветни прашања.

На телевизија, во весниците и во другите средства за јавно информирање се сретнуваме со статистички податоци. Покрај останатите активности, Евростат во рамки на својата Канцеларија за новинари, на корисниците има дава информации, односно податоци за ЕУ, за државите-членки и за нивните партнери, подготвува кратки статистички белешки за важните одлуки на ЕУ и настаните како што се важни конференции и слично.

Статистичките податоци по одредени области и политиките на ЕУ и детали за оваа тема може да се најдата на Интернет страницата на Европската комисија http://epp.eurostat.ec.europa.eu



# СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ

**ПОГЛАВЈЕ** 19

# ПОГЛАВЈЕ 19

## СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ

### Еднакви услови за сите

Лисабонската стратегија и развој на општество засновано на знаење се основа за политиката на вработување и социјалната политика на Европската унија искажани преку Европската стратегија за вработување (за создавање нови работни места), Европската стратегија за реформа на пазарот на труд и Социјалната агенда, осмислена со цел да обезбеди секој во општеството и во секој регион да има корист од поволностите на растот на ЕУ. Законската рамка на тие политики е искажана во поглавјето 19. Ова поглавје ги опфаќа следниве области:

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 90**

**Социјална соработка**

**Во однос на вработувањето, соработката меѓу Страните ќе се насочи посебно врз унапредување на службите за вработување и советодавните служби за професионално насочување, обезбедување мерки за поддршка и унапредување на локалниот развој за да се помогне при преструктуирањето на пазарот на производство и труд.**

**Таа исто така ќе вклучи мерки, како што се студии, помагање на експерти и активности за информирање и обука.**

**Во однос на социјалното осигурување, со соработката меѓу Страните ќе се настојува да се приспособи системот на социјално осигурување на Република Македонија спрема новите економски и социјални барања, имено обезбедувајќи услуги од експерти и организирање активности за информирање и обука.**

**Соработката меѓу Страните ќе вклучи приспособување на законодавството на Република Македонија во однос на работните услови и еднакви можности за мажите и жените.**

**Страните ќе развиваат меѓусебна соработка со цел да се подобри нивото на заштитата на здравјето и безбедноста на работниците, земајќи го како појдовна точка нивото на заштитата што постои во Заедницата**

- Здравје и заштита на работа
- Социјална заштита
- Социјална вклученост
- Лица со посебни потреби
- Трудово право
- Социјален дијалог
- Политика на вработување
- Европски социјален фонд (ЕСФ)
- Политика за антидискриминација
- Еднакви можности за жените и за мажите.

Специфичноста на ова Поглавје е во тоа што покрај постоењето на законската рамка во облик на директиви и одредби кои се однесуваат на прашањата за здравјето и заштитата на работа, областа на трудовото законодавство, политиката против дискриминација и еднаквите можности на жените и на мажите, голем дел од областите опфатени во Поглавјето се регулирани по пат на таканаречената мека законска легислатива, односно со користење на отворениот метод на координација по пат на препораки и резолуции (вработување, социјална вклученост, социјална заштита), што значи дека делот за носење одлука за спроведување на тие политики припаѓа на државите-членки.

## Европска стратегија за вработување

Заедничките приоритети и поединечните цели на политиката за вработување на државите-членки се напишани во повеќегодишните директиви околу кои се сложиле сите држави-членки на ЕУ. Сегашните директиви го опфаќаат периодот од 2009 до 2012 година и ја прават рамката за државите-членки, кои сами треба да ја донесат одлуката на кој начин ќе ги спроведат целите на Лисабонската стратегија за промовирање на знаење и иновации.

## Социјална агенда 2005. – 2010.

Со овој документ е разработена политиката за борба против сиромаштијата и промовирање еднакви можности за сите, со посебен акцент на младите и жените. Во нејзиното спроведување се вклучени сите јавни тела на сите нивоа – од локални до национални – претставници на работодавачите и на работниците, како и невладините организаци. За да се промовираат еднаквите можности за сите и да се обезбеди помош во наоѓањето работа, во Европската унија постои систем на финансирање за вложување во човечки капитал и тоа преку Европскиот социјален фонд. Посебно внимание се посветува на финансирањето на областите на ЕУ со високо ниво на невработеност или со низок просечен доход.

## Здравје, заштита на работа и политика против дискриминација

Во рамки на оваа политика влегува и обезбедување на пристојно работно окружување ширум Европа и заштита на правата на работниците по пат на заеднички минимални правила за условите на работа и за здравјето и безбедноста на работа, на пример, заштита од бучава и изложеност на хемикалии за бремени жени и работници на возраст до 18 години. ЕУ ја казнува дискриминацијата врз основа на пол, раса или етничко потекло, инвалидитет, сексуална ориентација, возраст, вера или убедување.

Еднаква плата за еднаква работа за мажите и за жените е основна вредност на ЕУ, за што говори и податокот дека директивата за еднаква плата

од 1975 година е првата прифатена европска директива од областа на еднаквост на жените и на мажите. Стапката на невработеност на жените во ЕУ во 2006 година изнесувала 9,6%, а за мажите 7,6%. За да се реши тој проблем, државите-членки донесуваат и применуваат стратегија која ги забранува сите видови на родова дискриминација и законски ги обврзуваат претпријатијата на еднаков третман на мажите и на жените при вработувањето, стручното усовршување и при плаќањето. Во поголемиот дел од новите држави-членки на ЕУ, жените заработуваат во просек 76% од платата на мажите (Романија, Литванија), потоа до 80% (Унгарија, Латвија), додека Словенија бележи највисоко ниво од околу 85% од платата на мажите.

Сепак, со примената на заедничките одредби во врска со промоцијата на родовата еднаквост, ситуацијата се подобрува: статистичките податоци покажуваат општа тенденција на пораст на платите на жените во однос на платите на мажите. Најбрзо премостување на јазот во платите почуствувале жените во Словенија, Романија и во Полска. Во служба на европската социјална политика и политиките на вработување, основани се три агенции кои спроведуваат истражувања и даваат технички информации:

- Европската агенција за здравје и безбедност на работа во Билбао
- Европската фондација за подобрување на работните и животните услови во Даблин
- Европскиот центар за мониторинг на расизам и ксенофобија во Виена.



# ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

**ПОГЛАВЈЕ** 20

# ПОГЛАВЈЕ 20

## ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

### Европа: Колевка на индустријата и бизнисот, но и на промени

До пред неколку децении конкурентноста на европската индустрија и претпријатијата на глобално ниво можеби и не бил некој главен предизвик. Меѓутоа, со појавата на новите точки на развој, Северна Америка од една страна и таканаречените азиски тигри од друга страна, стана јасно дека опстанокот на глобално ниво треба на големо да се изедначи со поимите како што се подобрување на претприемачките стратегии, нови индустриски стратегии и сл. Оттука, Поглавјето 20 ги содржи директивите за развој на ЕУ. Индустриската политика и претприемништвото на ЕУ е под директно влијание на новата Лисабонска стратегија. Имено, Лисабонската стратегија претставува одговор со којшто Европа се подготвува за предизвиците на глобализацијата, конкурентноста и напредокот. Со спроведувањето на реформи се бара одговор на предизвиците од демографските промени и одржливиот развој со што би се постигнало конкурентно општество засновано на знаење за Европа да стане најконкурентна економија до 2020 година. Приоритетите на ЕУ во насока на остварување на оваа амбициозна, но достижна цел за следните неколку години се однесуваат на насочување на политиката на економски раст и поголема стапка на вработеност, социјална кохерентност и еколошка одржливост.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 84**

**Унапредување и заштита на инвестиции**

**Соработката меѓу Страните ќе има за цел воспоставување поволна клима за приватни домашни и странски инвестиции.**

**Конкретни цели на соработката ќе бидат:**
- **Република Македонија да ја подобри правната рамка која ќе биде поволна и ќе ги заштитува инвестициите;**
- **склучување билатерални договори со државите-членки, каде што е тоа можно, за унапредување и заштита на инвестиции;**
- **спроведување соодветни аранжмани за трансфер на капиталот;**
- **подобрување на заштитата на инвестициите.**

### Да се стане (и остане) меѓународно конкурентен – рецепт на ЕУ

Основна задача на државите-членки на ЕУ е создавање и спроведување на политика која на деловните субјекти на ЕУ ќе им обезбеди еднакви услови за конкурирање во однос на остатокот од светот. Тоа конкретно значи, на пример, заштита

на интелектуалната и индустриската сопственост против пиратството и фалсификувањето. Истовремено се настојува да се намалат трошоците при задоволувањето на високите стандарди поврзани со енергетиката, животната средина и социјалните стандарди.

При креирањето на конкурентна индустрија и претпријатија, тежиштето се става на користење на високи технологии и иновации заради што ЕУ се повеќе дава финансиска помош за истражување и за правење на клима која поттикнува иновации.

За остварување на наведените цели, потребен е таканаречениот хоризонтален пристап, односно примена и координирано дејствување на повеќе политики на ЕУ: слободно движење на стоки, закон на интелектуална сопственост, јавни набавки, политика на конкуренција, заштита на животната средина итн., со напомена дека мерките за остварување на поставените политики не смеат да доведат до нарушување на пазарната конкуренција, да влијаат на даноците или на правата и интересите на работниците.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 85**

**Индустриска соработка**

**Соработката ќе има за цел унапредување на модернизацијата и преструктуирањето на индустријата и посебните сектори во Република Македонија, како и индустриската соработка меѓу стопанските субјекти на двете Страни, а особено ќе има за цел јакнење на приватниот сектор под услови со кои ќе се обезбеди дека се заштитува животната средина.**

**Иницијативите за индустриска соработка ќе ги одразуваат приоритетите што ги определуваат двете Страни. Тие ќе ги земат предвид регионалните аспекти на индустрискиот развој и, кога е тоа значајно, унапредувањето на транс-националното партнерство. Со иницијативите треба особено да се настојува да се воспостави соодветна рамка за претпријатијата за да го подобрат управувачкиот кноњ-хоњ и да се унапредат пазарите, транспарентноста на пазарите и деловната клима.**

## Зошто баш мали и средни претпријатија?

Во креирањето на заедничката политика на претпријатијата во предвид се земени точно потребите на малите и на средните претпријатија коишто ги има 23 милиони во Европската унија и во кои работат 75 милиони луѓе, бидејќи малите и средните претпријатија се сметаат за двигатели кај вработувањето, развивањето претприемнички иновации и влијанието врз социјалната и локалната интеграција во Европа. Тие претпријатија сочинуваат 99% од сите претпријатија на кои ЕУ им овозможува соучество во конкретни проекти за истражување и иновации. Прописите за државната помош и другите облици на финансирање се поповолни за малите и за средните претпријатија отколку за големите компании.

Целите на ЕУ се креирање на пријателско деловно окружување за развој на претпријатија, промоција на претприемништво и вештини, подобрување на пристапот до пазарите за малите и средните претпријатија, намалување на административните пречки, промоција на претприемничкото размислување, основање на сопствени претпријатија, давање помош за жените и малцинствата итн., а сето тоа во соработка со Европската инвестициона банка (European Investment Bank – EIB) која финансира програми за

20

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 86**

**Мали и средни претпријатија**

**Страните ќе имаат за цел да ги развиваат и зајакнат малите и средни претпријатија (МСП) во приватниот сектор, основањето нови претпријатија во области кои нудат потенцијал за развој и соработка меѓу МСП од Република Македонија и Заедницата.**

поттикнување на развојот на претприемништвото, посебно во новите држави-членки на ЕУ – земјите од Средна и Источна Европа. Затоа, ако сте претприемач во Европската унија и барате партнери за проект за истражување и иновации, во тоа може да ви помогне Европската комисија преку организирана мрежа која ја сочинуваат 32 европски земји и Чиле, делумно финансирајќи го вашиот проект.

## Чиста, одржлива индустрија

За развој на конкурентската индустрија, ЕУ се залага за темелни структурни промени во индустрискиот сектор. И покрај нагласувањето на важноста на услугите, преработувачката индустрија во светот, па и во Европа, е најважна гранка (и по приходи и по број на вработени). Затоа, предуслов за модерната индустрија во Европа е вложување во технологија и иновации и развој на модерни индустриски гранки, со тоа следејќи ги модерните светски трендови и достигнувајќи го нивото на другите точки на развој во светот. Тоа значи развој на електронската, автомобилската, хемиската индустрија, роботиката, биотехнологијата и вселенската технологија. Одредбите на оваа политика ги штитат природните ресурси и животната средина со што развојот на индустријата во просторот не би го уништувал самото наследство на којашто е изградена. Одржливиот раст не е само прашање на креаторот на политиките на ЕУ, туку секое претпријатие е одговорно за социјалните и еколошки чувствителни политики.





# ТРАНСЕВРОПСКИ МРЕЖИ

ПОГЛАВЈЕ 21

# ПОГЛАВЈЕ 21

## ТРАНСЕВРОПСКИ МРЕЖИ

Делови од Европа во ноември 2006 година останале без електрична енергија неколку часа. Причината за тоа била дефект на електроенергетскиот систем од падот на фреквенцијата на погоните во Германија, бидејќи повеќе електрани (пред се ветерници) излегле од системот, што преку енергетските електромрежи се проширило и на другите држави. За да се обезбеди поголема сигурност во снабдувањето и користењето на енергијата, но и транспортот и телекомуникациите, Европската унија со помош на Поглавјето 21 обезбедува финансиска помош во областа за изградба на трансевропските транспортни, енергетски и телекомуникациски мрежи и дава општи насоки за развојот, целите и приоритетите во финансирањето на проекти од заеднички интерес на трансевропските мрежи. Проектите за развојот на трансевропски мрежи (Trans European Network – TEN) се поврзани со идејата за создавање на заеднички пазар, а се однесуваат на воспоставување заедничка транспортна, енергетска и телекомуникациска инфраструктура во ЕУ.

Имено, без модерна инфраструктура која би ги поврзала различните регионални и национални мрежи не е можно да се воспостави слободен проток на стоки, услуги и работници. Освен тоа, развојот на трансевропските мрежи е важен елемент за остварување на економски раст и вработеност, односно економска и социјална кохезија на Европската унија.

### Трансевропски транспортни мрежи (Trans European Transport Network – TEN-T)

Европските автопати обезбедуваат слободно движење на луѓе и стоки како составен дел од функционирањето на заедничкиот пазар. Планот на Европската комисија за транспортната инфраструктура е модернизација на постоечките транспортни правци за сите видови транспорт и изградба на нови во транспортно послабо поврзаните региони. Со остварувањето на приоритетни проекти до 2020 година ТЕН-Т ќе вклучи 89.500 км автопати, 94.000 км железнички пруги, 11.250 км внатрешни водени патишта со 210 речни и 294 морски пристаништа и 366 аеродроми. Освен предноста за патничкиот транспорт со скратување на времето на патување, развиената и разгранета транспортна мрежа е потребна за растечкиот товарен превоз во ЕУ за којшто во периодот до 2020 година се очекува пораст за две третини во однос на 2000 година.

## СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

**Член 98**

**Сообраќај**

Покрај „Спогодбата меѓу Европската заедница и Република Македонија во областа на сообраќајот”, Страните ќе ја развиваат и ќе ја засилат соработката со цел на Република Македонија да и овозможат:

- да го преструктуира и модернизира сообраќајот и неговата инфраструктура;
- да го подобри движењето на патници и стоки и пристапот кон сообраќајниот пазар со отстранување на административните, техничките и други пречки;
- да постигне оперативни стандарди соодветни на оние во Заедницата;
- да развие свој сообраќаен систем, компатибилен и усогласен со системот на Заедницата;
- да ја подобри заштитата на животната средина во сообраќајот, намалувањето на штетното влијание и загадувањето.

Соработката ќе ги вклучи следниве приоритетни области:

- развој на патната, железничката, аеродромската и пристанишната инфраструктура и други важни правци од заеднички интерес и трансевропските и пан-европските врски;
- управување со железниците и аеродромите, вклучувајќи и соодветна соработка меѓу соодветните национални власти;
- патен сообраќај, вклучувајќи ги и даночните, социјалните и аспектите во врска со животната средина;
- комбиниран железнички и патен сообраќај;
- хармонизација на меѓународната сообраќајна статистика;
- модернизација на техничка сообраќајна опрема во согласност со стандардите на Заедницата и помош за финансирање за таа цел, особено што се однесува на патно-железнички сообраќај, мулти-модалниот транспорт и претовар;
- унапредување на заеднички технолошки и истражувачки програми;
- усвојување на координирана сообраќајна политика којашто е компатибилна со политиката што ја применува Заедницата.

## Програмата на Европските заедници eTEN (European Community programme – eTEN)

Програмата eTEN дава помош за ширење на употребата на високите технологии, посебно компјутерските, во сите сегменти на општественото и економското функционирање, а со цел поттикнување на економскиот раст, вработувањето, социјалната кохезија и развојот на општество кое се заснова на знаење. Програмата не подразбира поттикнување изградба на телекомуникациска инфраструктура, туку поддршка за воведување на нови технологии, финансирање на почетната фаза на нејзиниот развој и употребата.

Иако финансирањето и приоритетните проекти се однесуваат главно на поттикнување на употребата на високи технологии, во рамки на подобрување на ефикасноста на телекомуникациските мрежи, Европскиот парламент расправа и за други, поврзани прашања. Кога одиме на годишен одмор во странство, стравуваме од телефонската сметка која не чека, бидејќи цените на роаминг-услугата (користење на мобилен телефон надвор од матичната држава) во Европа се четири до петпати повисоки отколку националните повици.

Еден австриски новинар, кој еден месец ја следел велосипедската трка Tour de France, платил телефонска сметка од 9.000 евра. Овој и некои слични примери ги мотивирале пратениците во Европскиот парламент да расправаат за намалување на цените на роамингот. Крајната одлука за тоа прашање се очекува од страна на Одборот за индустрија, истражување и енергетика на Европскиот парламент.

Програмата eTEN заврши во 2006 година, но продолжува со новата програма наменета за јакнење на конкурентноста и иновациите (Competitiveness and Innovation Framework Programme – CIP), која ќе се спроведува во периодот од 2007 – 2013 година. Со промовирање на развојот на претприемништвото, поттикнувањето на иновациите и енергијата, таа програма дава поддршка во развојот на информатичко-комуникациските технологии преку иницијативата ICT PSP (Information and Communication Technologies Policy Support Programme).

## Трансевропски енергетски мрежи (Trans European Energy Network– TEN-E)

Снабдувањето со енергија е актуелна тема со оглед на тоа дека потребата за енергија е во пораст, а залихите на најкористените енергенси се во опаѓање. Европската унија увезува 50% од енергенсите, а зависноста на увозот од други држави и натаму расте со проширувањето на Унијата. Главниот извор на фосилни горива за ЕУ се Норвешка, Руската Федерација и Северна Африка, а во иднина тоа ќе бидат и државите на Блискиот Исток и Каспиското Езеро. Со цел зачувување на животната средина се промовира користење на обновливи извори на енергија. Целта е до 2020 година да се покријат 20% од енергетските потреби токму преку обновливи извори на енергија (ветер, вода, сонце, биомаси итн.).

# РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ

**ПОГЛАВЈЕ** 22



# ПОГЛАВЈЕ 22

# РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ

***РЕГИОНАЛНИ РАЗЛИКИ – ОТСЕКОГАШ И ЗАСЕКОГАШ?***

## Кога би ја споредувале развиеноста на одредени региони во областа, кои показатели би ги користеле?

Поголемиот дел од вас, веројатно, ќе го земе предвид бруто домашниот производ по жител во државата, односно регионот, стапката на невработеност и слично. Во склоп на регионалната политика на Европската унија, споменатате и некои слични показатели, се главна насока за вложување во економскиот и социјален развој на државите, регионите и другите области кои заостануваат зад просекот на ЕУ, со цел во што поголема мерка да се изедначат нивоата на развиеност на тие области и за да се овозможат еднакви животни услови за сите граѓани во Европската унија. Законодавството во врска со оваа тема е содржано во Поглавјето 22.

## Причини за креирање на заедничката регионална политика на ЕУ

Доходот по глава на жител во споредба со куповната моќ во регионот Хамбург во Германија е четирипати повисок отколку во Алентего во Португалија (а шестпати поголем од најсиромашните области на Унгарија). Третина од средствата од буџетот на ЕУ се наменети за решавање на овој, но и на слични проблеми – намалување на развојните разлики во согласност

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 101**

**Регионален и локален развој**

**Страните ќе ја зајакнат соработката за регионален развој со цел да придонесат за економскиот развој и намалување на регионалната неурамнотеженост.**

**Посебно внимание ќе се посвети на прекуграничната, транс-националната и меѓу-регионалната соработка. За оваа цел ќе се воспостави размена на информации и експерти.**

со некои од основните предуслови на европските интеграции: поимот на солидарност и заедничкото дејствување.

## Регионални разлики

Колку време би ви било потребно да одлучите доколку ви се укаже можност да живеете и работите во Бордо, Франција, или во Коимбри, Португалија? Овие два града се наоѓаат во слично климатско поднебје, тие се стопански, културни и универзитетски центри на своите држави. Сепак, согледувајќи ги привлечните фактори за живот и работа во некоја област, помалку ќе ги земаме предвид културните и климатски показатели, а повеќе развојните показатели на овие градови, односно региони и држави во кои тие се наоѓаат. Земајќи во обѕир некои од нив, поголемиот дел од нас брзо ќе одлучи за одговорот на ова, при тоа одлучувајќи се за попривлечниот, попросперитетниот регион, кој е активно вклучен во економското функционирање на Европа.

Разлики во развиеноста меѓу државите и регионите на ЕУ постоеле отсекогаш, но тие со време се продлабочуваат со процесот на економската интеграција на пазарот на ЕУ. Додека одредени региони поуспешно се приспособуваат на промените, други региони се повеќе заостануваат зад просекот на ЕУ, со што се креираат се поголеми разлики во приходите, производството и стапката на невработеност.

## Финансирање на проекти за регионален развој

Регионалната политика на Европската унија е најважниот инструмент за поттикнување на приспособувањe кон новите движења и заедничките политики, а подразбира финансиска поддршка на проекти за реструктуирање на проблематичните области (развој на инфраструктурата, намалување на невработеноста, стимулирање на индустријата и сите форми на стопанисување) точно во насока на намалување на разликите меѓу регионите и подобрување на конкурентноста на локалните економии на внатрешниот пазар на ЕУ.

Финансирањето се спроведува во рамките на три фондови: Европскиот фонд за регионален развој, Европскиот социјален фонд и Кохезиониот фонд.

Средствата на Европскиот фонд за регионален развој се наменети за вложување во производство (посебно за малите и средните претпријатија), вложување во локална и регионална развојна инфраструктура (бизнис, истражувачка, образовна, животна средина, транспортна, здравствена, енергетска) и вложување во јакнење на економскиот потенцијал на некоја област (јакнење на туристичката понуда, истражувачкиот и иновацискиот потенцијал, потенцијалот за соработка меѓу фирмите, примената на информатички и комуникациски технологии за да се намали периферноста на некоја област).

Европскиот социјален фонд обезбедува помош за земјите во нивните региони кои се погодени со висока стапка на невработеност и генерално имаат лоша состојба на пазарот на работна сила. Од овој фонд се финансираат проекти кои имаат за цел зголемување на приспособливоста на работниците и претпријатијата кон состојбата на пазарот, развој на активни мерки за вработување и вклучување во пазарот на работна сила, како и јакнење на социјалната вклученост, посебно на загрозените општествени групи, и борба против дискриминацијата на пазарот на работната сила.

Кохезиониот фонд ги финансира проектите од национално значење во областа на транспортната

инфраструктура и во животната средина. Средствата се доделуваат на државите (а не на регионите) чијшто бруто домашен производ по глава на жител е под 90% од просекот на ЕУ. Со последното проширување на ЕУ, корисници на средства од овој фонд се сите „нови” државичленки, а имајќи предвид дека со проширувањето и влезот на транзициските земји просечниот БДП на ЕУ е намален, на некој од „старите” членки им е намален износ на помош, додека други „стари” членки прекинале да бидат негови корисници.

## На кој начин Европската комисија ги утврдува регионалните разлики?

ЕУ утврдува кои земји и региони објективно имаат потреба за помош од буџетот на ЕУ и кој вид на помош им е потребна врз основа на повеќе показатели: БДП по глава на жител, стапката на невработеност, вработеност во земјоделството, рибарството, индустријата, густината на населението, нивото на образование итн. Овие показатели се следат на ниво на држави-членки и на пониски нивоа – на таканаречените статистички региони (НУТС) кои според бројот на жители се споредливи низ целата ЕУ. Постојат три категории на региони, зависно од нивото на неразвиеност и видот на помош која му е потребна на некое подрачје и секој има посебна цел. Целта број 1 „Конвергенција” е наменета за најмалку развиените региони (БДП по глава на жител под 75% од просекот на ЕУ) и за земјите чијшто бруто национален доход по глава на жител е под 90% од просекот на ЕУ (значи го задоволува условот за користење на Кохезиониот фонд). Целта број 2 „Регионална конкурентност и вработување” може да ја користат сите региони на ЕУ, а износот кој може да го добијат зависи од нивната стапка на невработеност, вработеноста во помалку перспективните економски сектори, нивото на образование, густината на населението итн. Целта број 3 „Европска територијална соработка” е наменет за прекугранична, меѓународна и транснационална соработка на регионите низ ЕУ, во врска со специфичните заеднички прашања за одржлив развој.

Големината на регионите на кои им се доделува финансиска помош се разликува според наведените цели, а освен фондовите на Европската унија, проектите за регионален развој ги поддржуваат и националните влади. Нивниот удел во финансирањето се разликува од проект до проект. Проектот за ревитализација на градскиот кварт во Грац, Австрија, во траење од 1996 до 1999 година, со цел намалување на стапката на невработеност и зголемување на животниот стандард, во поголем процент го финансирала самата држава, додека уделот на Европскиот фонд за регионален развој и Европскиот социјален фонд изнесувал околу 15%. Во истиот период спроведен е проект за реструктуирање на текстилната индустрија во Португалија, каде што уделот на Европскиот фонд за регионален развој во финансиската помош изнесувал 75%. Преку овие примери може да се види разликата во големината на финансираните региони: првиот пример се однесува на помош на развојот на градски кварт со околу 10.000 жители, додека вториот пример опфаќа цела држава со околу 10 милиони жители.

## Кои услови мора да ги исполнат државите членки за спроведување на регионалната политика на ЕУ?

ЕУ пред државите-членки и државите-кандидатки ги поставува следниве задачи: воспоставување законодавна рамка која претпоставува планирање на буџетот и кофинансирање на проекти за регионален развој, како и усогласеност со политиката на Заедницата. Регионалната политика е специфична област, која, меѓу другото, бара и високо ниво на усогласеност со другите заеднички политики, на пример со социјалната политика, политиката за заштита на животната средина, политиката за заштита на конкуренцијата итн. Освен тоа, државата мора на основа на својата територијална организација да ги утврди статистичките региони, а потоа ЕУ го утврдува нивото и формата на поддршка за одреден регион. Друга задача е ефикасното функционирање на институциите во државите-членки кои управуваат со средствата од тие фондови, од нивното програмирање преку мониторингот и контролата до крајната евалуација на резултатите од спроведените проекти.

Државите-кандидати, како подготовка за идното учество во политиката за регионален развој, до крајот на 2006 година, користеле различни претпристапни фондови: SAPARD, ISPA и PHARE. На почетокот на 2007 година означен е нов период, бидејќи сите тие програми се унапредени и заменети со Инструментот за претпристапна помош (Instrument for Pre-Accession Assistance – IPA) кој со пристапувањето во ЕУ ќе биде заменет со Структурните фондови и Кохезиониот фонд.

Ефикасноста во спроведувањето на регионалната политика е видлива во многубројни позитивни примери. Од пристапувањето во ЕУ во 1986 година до денес, во Португалија е намалена стапката на невработеност, пораснала конкурентноста на традиционално неразвиените области во внатрешноста и зголемен е уделот на услужниот сектор. Ако се вратиме на прашањето за изборот меѓу Бордо и Коимбри, дали и по читањето на овој текст за резултатите на регионалната политика на ЕУ, пред конечниот одговор сепак би размислиле двапати?




22


F.Y.R.O.M. - The Former Yugoslav Republic of Macedonia
Greenland (DENMARK)
Jan Mayen (NORWAY)
Greenland Sea
Barents Sea
Norwegian Sea
ICELAND
Reykjavik
NORWAY
SWEDEN
FINLAND
RUSSIA
Murmansk
Hammerfest
Tromsø
Kiruna
Luleå
Oulu
Umeå
Trondheim
Tórshavn
Faroe Islands (DENMARK)
SHETLAND ISLANDS
ORKNEY ISLANDS
HEBRIDES
Rockall
Bergen
Oslo
Stavanger
Stockholm
Gävle
Turku
Helsinki
Tampere
St. Petersburg
Tallinn
ESTONIA
LATVIA
Riga
LITHUANIA
Vilnius
BELARUS
Minsk
Moscow
North Atlantic Ocean
North Sea
UNITED KINGDOM
Aberdeen
Glasgow
Edinburgh
Belfast
Dublin
IRELAND
Leeds
Manchester
Liverpool
Birmingham
Cardiff
London
DENMARK
Copenhagen
Malmö
Göteborg
Baltic Sea
Kaliningrad
Gdańsk
POLAND
Warsaw
Poznań
Łódź
Wrocław
Kraków
Brest
UKRAINE
Kiev
L'viv
Chernivtsi
Rivne
Amsterdam
NETH.
Rotterdam
Brussels
BEL.
Lille
Hamburg
Bremen
Berlin
GERMANY
Essen
Cologne
Bonn
Leipzig
Frankfurt am Main
Luxembourg
LUX.
Stuttgart
Munich
Prague
CZECH REPUBLIC
SLOVAKIA
Bratislava
Vienna
AUSTRIA
Budapest
HUNGARY
Chisinau
MOLDOVA
Cluj-Napoca
ROMANIA
Bucharest
Constanța
Black Sea
Celtic Sea
English Channel
Guernsey (U.K.)
Jersey (U.K.)
Paris
Nantes
Strasbourg
FRANCE
Bay of Biscay
Lyon
Bordeaux
Toulouse
Marseille
MONACO
Andorra la Vella
ANDORRA
Zürich
Bern
Geneva
LIECH.
Vaduz
Milan
Turin
Venice
Genoa
SLOVENIA
Ljubljana
Zagreb
CROATIA
BOSNIA AND HERZEGOVINA
Sarajevo
Belgrade
SERBIA
MONTENEGRO
BULGARIA
Sofia
Varna
Skopje
MACEDONIA
Tirana
ALB.
Thessaloniki
GREECE
Athens
TURKEY
Istanbul
Bursa
Izmir
Aegean Sea
Ionian Sea
Adriatic Sea
Tyrrhenian Sea
Ligurian Sea
SAN MARINO
Florence
ITALY
Rome
VATICAN CITY
Naples
Corsica
Sardinia
Cagliari
Palermo
Sicily
A Coruña
Bilbao
Porto
PORTUGAL
Lisbon
Madrid
Zaragoza
Barcelona
SPAIN
Valencia
Sevilla
Málaga
Gibraltar (U.K.)
Ceuta (SPAIN)
Melilla (SPAIN)
BALEARIC ISLANDS
Balearic Sea
Mediterranean Sea
Oran
Algiers
ALGERIA
Rabat
Casablanca
MOROCCO
Tunis
TUNISIA
Valletta
MALTA
Crete
Rhodes
Scale 1: 19,500,000
Lambert Conformal Conic Projection, standard parallels 40°N and 56°N
300 Kilometers
300 Miles
Boundary representation is not necessarily authoritative



# СУДСТВО И ТЕМЕЛНИ ПРАВА

ПОГЛАВЈЕ 23

# ПОГЛАВЈЕ 23

## СУДСТВО И ТЕМЕЛНИ ПРАВА

**ДА СЕ БИДЕ (ИЛИ НЕ) ПРАВНА ДРЖАВА**

Според статистичките показатели во поголемиот дел од државите-членки на ЕУ, повеќе од една третина од судските постапки траат подолго од една година. Покрај тоа, многу предмети остануваат нерешени, застаруваат и со тоа се отстрануваат од натамошна постапка. Споменатите проблеми не се ниту нови, ниту непознати и со нив граѓаните секојдневно се среќаваат. Со заедничкото дејствување во таа насока во ЕУ се согледува важноста од постоењето на независно и ефикасно судство, дефинирано преку препораки за остварување непристрасност, интегритет и високи стандарди на судењето. Тие се содржани во Поглавјето 23, а со цел намалување на бројот на нерешени предмети, забрзување на времето на постапката, јакнење на правната сигурност на граѓаните, обезбедување пристап до судството и подобрување на функционалната организација во поглед на траењето на постапката.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 2**

**Почитување на демократските принципи и човековите права, прокламирани во Универзалната декларација за човекови права и како што е дефинирано во Финалниот акт од Хелсинки и Париската повелба за нова Европа, почитувањето на правилата од меѓународното право и владеењето на правото, како и начелата за пазарно стопанство содржани во Бонската конференција на КЕБС за економска соработка, ја формираат основата за домашната и надворешната политика на Страните и претставуваат основни елементи на оваа Спогодба.**

### Задачи пред државите-членки и државите-кандидатки

Како Македонија како држава-кандидат се приспособува кон темелените принципи на ЕУ во судството? Реформата на судството подразбира донесување и ефикасна примена на закони, кои се однесуваат на функционирањето на судството и одредуваат критериуми за работа, на пример, на судиите, правила за нивно задолжително образование, воведување на судска инспекција, оценување на нивната работа и слично. Меѓу другото, потребно е и креирање на форум за жалби со што на странките би им се овозможила комуникација со меродавните тела чии услуги ги користат, а на судовите и на другите институции поврзани со судството би им се дале насоки за натамошно дејствување и евентуална потреба за промени. Еден од предусловите за ефикасност е и креирање на компјутерски статистички систем за регистрација на нови предмети, како и обезбедување на други технички уреди за

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 74**

**Јакнење на институциите и владеење на правото**

**Во нивната соработка во областа на правдата и внатрешните работи, Страните ќе посветат особено внимание на зајакнување на институциите на сите рамништа во областите на администрацијата воопшто и примена на правото и механизмите на правдата особено. Ова особено го вклучува јакнењето на владеење на правото.**

**Соработката на полето на правдата ќе се насочи особено кон независноста на судството, подобрување на неговата ефективност и обука на кадрите од правните професии.**

работа, како на пример, организирање на систем за ефикасна испорака на судски документи.

## Корупција – кој, што, како, кога, каде?

Корупцијата е појава со која секој од нас секојдневно се сретнува. Дали барем еднаш во соседството сте слушнале приказна за некоја личност која се обидела потврдата за образование, дипломата или испитот на училиште или факултет да ги купи со пари? Или од таа личност, во истата смисла, било барано мито? Наведениот случај е само еден од многуте примери, а освен во образованието и науката, корупцијата се јавува и во други дејности на сите нивоа на функционирање. Според официјалните дефиниции, корупцијата е злоупотреба на службената должност заради лична корист и/или стекнување на сопствена добивка. Кои дејности, според ваше мислење, се најподложни на оваа појава?

Веројатно вашите одговори во голема мерка би се совпаднале со одговорите на анкетираните репрезентативни групи на граѓани од различните земји во Европа кои одговарале на прашањето: Во кои дејности би било најнеопходно да се намали корупцијата? Најмногу испитаници сметале дека е најнеопходно да се спроведе ефикасна анти-корупциска политика во судството (21%), на второ



23

место е политиката (19%), потоа Полицијата (13%), царината (9%) и образованието (7%).

Намалувањето на корупцијата е предуслов за стабилност на демократското општество и владеење на правото, а за да може да се оствари таа цел, ЕУ пропишува не само цврста законодавна рамка, туку и институции способни за спроведување на доследна политика на превенција и спречување на корупција. Приспособувањето на државите-кандидатки подразбира креирање на национални програми за борба против корупцијата со конкретни мерки. Во здравството, на пример, тоа е компјутеризација на примарната здравствена заштита, редовно спроведување на анкети за корупција меѓу лекуваните пациенти, водење попис на причини кои предизвикуваат листи на чекање со програма за нивно отстранување, овозможување увид на јавноста во податоците за бројот на кревети во болниците и слично.

## Темелни човекови права

Последните неколку години заштитата на човековите права зазема централно место во креирањето на политиката на ЕУ. Во Ница во 2000 година, свечено е објавена Повелбата за темелните права на Европската унија, која ги опфаќа граѓанските, политичките, економските и социјалните права на граѓаните на ЕУ поврзани со почитување на темелните слободи, еднаквоста и солидарноста.



# ПРАВДА, БЕЗБЕДНОСТ И СЛОБОДА

**ПОГЛАВЈЕ** 24

# ПОГЛАВЈЕ 24

## ПРАВДА, БЕЗБЕДНОСТ И СЛОБОДА

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 74**

**Јакнење на институциите и владеење на правото**

**Во нивната соработка во областа на правдата и внатрешните работи, Страните ќе посветат особено внимание на зајакнување на институциите на сите рамништа во областите на администрацијата воопшто и примена на правото и механизмите на правдата особено. Ова особено го вклучува јакнењето на владеење на правото.**

**Соработката на полето на правдата ќе се насочи особено кон независноста на судството, подобрување на неговата ефективност и обука на кадрите од правните професии.**

Канарските Острови се привлечна дестинација за европските туристи, но и цел на други интересни групи. Се работи за шпанска територијална сопственост, но со својата географска положба тие се поблиску до Африка поради што со години се цел на имигрантите од државите на африканскиот северозапад. Потврда за тоа е и податокот за истоварување на 18.000 илегални африкански имигранти на Канарските Острови во текот на 2006 година. За да го реши овој проблем, ЕУ ја иницирала првата заедничка гранична патрола во летото 2006 година, но и низа други акции во кои соработуваат сите држави-членки со што би се смалил илегалниот наплив на имигранти.

Имиграцијата е едно од најконтроверзните, најемоционалните и најсложените прашања со кои денес се соочени државите на ЕУ. Токму поради тоа, Поглавјето 24 е едно од најдинамичните, бидејќи постојано се менува и приспособува на новите проблеми и услови во Заедницата. Ова Поглавје носи наслов Правда, слобода и безбедност. Правдата подразбира судска соработка во решавањето на граѓанските и кривичните прашања, слободата се однесува на движењето на луѓе, миграција и визи, а безбедноста примарно опфаќа полициска и царинска соработка во борбата против организираниот криминал и тероризам.

## Политика за азил и миграција

За да се избегнат случаи на барање и добивање азил во државите со поблаги критериуми, со подоцнежно отселување во други држави на ЕУ, државите-членки на ЕУ изградиле единствена политика на давање азил во 1990-тите. Причина за тоа била и зголемениот број на луѓе кои почнале да бараат заштита во ЕУ. Целта на политиката е воведување на единствена постапка на давање азил

## СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

**Член 75**

**Визи, гранична контрола, азил и миграција**

**Страните ќе соработуваат во областите на визите, граничната контрола, азилот и миграцијата и ќе воспостават рамка за соработка, вклучувајќи го и регионалното ниво, во овие области.**

**Соработката по прашањата наведени во точка 1 ќе се заснова врз взаемни консултации и тесна координација меѓу Страните и треба да вклучи техничка и административна помош за:**

- **размена на информации за законодавството и практика;**
- **подготовка на текстови на закони;**
- **јакнење на ефикасноста на институциите;**
- **обука на персонал;**
- **безбедност на патните документи и откривање на лажни документи;**

**Соработката особено ќе биде насочена:**

- **во областа на азилот врз развојот и спроведувањето на националното законодавство за да ги достигне стандардите од Женевската конвенција од 1951 година и со тоа да обезбеди дека се почитува начелото на невраќање (нон-рефоулемент).**
- **во областа на легалната миграција врз правилата за адмисија и правата и статусот на примените лица. Во врска со миграцијата, Страните се согласуваат да им доделат правичен третман на државјани од други држави кои престојуваат легално на нивните територии и да ја унапредуваат политиката на интеграција со цел ним да им дадат права и обврски слични на оние на нивните државјани.**

**Советот за стабилизација и асоцијација може да препорача, во рамките на овој член, дополнителни области за проширување на соработката .**

низ целата ЕУ, при што се избегнува истовремено поднесување на барања во повеќе држави и се елиминираат и опасноста од префрлување на одговорноста за разгледување на барањето од една во друга држава.

Единствениот систем за давање азил произлегува од јасната политика за миграција која од една страна ги дефинира правата на легалните мигранти, што во ЕУ главно доаѓаат од економски причини, а од друга страна преку јасни правила за начинот и условите за влез и одмор во ЕУ, придонесува за спречување на илегалните вселувања.

## Граници во ЕУ

Шенгенската спогодба се смета за една од најважните настани за едноставно движење и патување во ЕУ. Потпишана е во 1985 година во Луксембург, а резултирала со укинување на контролите за луѓе на заедничките граници на ЕУ, изедначување на правилата за контрола на надворешните граница и со договор за воведување на заедничка визна политика.

Со креирањето на територија без внатрешни граници - позната како Шенген-зона - се јавил проблемот на безбедност во државите-членки поради што ЕУ посебно внимание посветува на

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 76**

**Спречување и контрола на нелегална имиграција; реадмисија**

**Страните се согласуваат да соработуваат со цел да ја спречат и контролираат нелегалната имиграција. За оваа цел:**

- **Република Македонија се согласува да го прими назад секој свој државјанин кој нелегално престојува на територијата на држава-членка, по барање на таа држава и без натамошни формалности, штом таквото лице ќе биде идентификувано како такво;**
- **и секоја држава-членка на Европската Унија се согласува да го прими назад секој свој државјанин кој нелегално престојува на територијата на Република Македонија, по нејзино барање и без натамошни формалности, штом таквото лице ќе биде идентификувано како такво.**

**Државите-членки на Европската унија и Република Македонија на своите државјани ќе им обезбедат соодветни документи за идентификација и ќе им ги пружат административните услуги неопходни за такви цели.**

**Страните со согласуваат, по барање, да склучат договор меѓу Република Македонија и Европската заедница за регулирање на посебните обврски за Република Македонија и за државите-членки на Европската унија за реадмисија, вклучувајќи ја и обврската за реадмисија на државјани на други држави и на лица без државјанство.**

**Се додека не се склучи договорот со Заедницата, предвиден во точка 2, Република Македонија се согласува, а по барање на која било држава-членка, да склучи билатерални договори со поединечните држави-членки на Европската унија за регулирање на конкретните обврски за реадмисија меѓу Република Македонија и засегната држава-членка, вклучувајќи ја и обврската за реадмисија на државјани од други држави и лица без државјанство.**

**Советот за стабилизација и асоцијација ќе испита какви дополнителни заеднички напори може да се вложат за да се спречи и контролира илегалната имиграција, вклучувајќи ја и трговијата со луѓе.**

мерките за безбедност на надворешните граници. Тоа претставува значајна одговорност за новите држави-членки на ЕУ, коишто поради својата географска положба сега го преземаат управувањето со голем дел од тие граници. Тие добиваат финансиска помош од ЕУ за зголемување на соработката меѓу граничарите, полициските и царинските службеници, но и за прифаќање на модерни техники како што се компјутеризирани отпечатоци на прсти и лични податоци за идентификација.

Во Шенген-зоната денес припаѓаат „старите” држави-членки на ЕУ: Австрија, Белгија, Данска, Финска, Франција, Грција, Италија, Луксембург, Холандија, Германија, Португалија, Шпанија и Шведска, а од државите кои не се членки тука спаѓаат Норвешка и Исланд. Кон нив на 1 јануари 2008 година, се приклучија „новите” 10 држави-членки на ЕУ во 2004 година. Обединетото Кралство и Ирска, иако се надвор од Шенген-зоната, ги имаат прифатено и ги спроведуваат заедничките политики за борба против организираниот криминал и соработката кај судските прашања.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 77**

**Борба против перењето пари**

**Страните се согласуваат за неопходноста од вложување секакви напори и соработка со цел да се спречи употребата на нивните финансиски системи за перење пари од криминални активности воопшто, а особено од прекршоци поврзани со дрогата.**

**Соработката во оваа област може да вклучи административна и техничка помош со цел да се развие спроведувањето на регулатива и ефикасното функционирање на соодветните стандарди и механизми за борба против перење пари, еквивалентни на оние усвоени од Заедницата и меѓународните форуми на ова поле.**

## Стоп за организираниот криминал, перењето пари и тероризмот

Клучен дел од борбата против криминалот е ефикасната соработка меѓу полициските, судските и царинските тела на државите-членки. Најголем напредок во последните неколку години е постигнат со основањето на Европската полициска управа (Еуропол). Тоа тело го сочинуваат полициски и царински службеници, а нивната задача е координација на полициската соработка на државите-членки во областа на превенцијата и борбата против сите облици на организиран меѓународен криминал. Во ЕУ најчесто се шверцува стока која подлежи на високи даноци, како што се цигари и алкохол, со цел да се остварат големи незаконски профити преку продажба на добро организирани црни пазари. Од таа причина, организираните криминални групи ја насочуваат продажбата на шверцувани стоки кон илегалните пазари на земјите од северниот дел на ЕУ, кои имаат повисоки стапки на данок. Овој, но и

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 78**

**Спречување и борба против криминалот и другите незаконски активности**

**Страните се договорија да воспостават рамка за соработка заради борба против криминалот и незаконските активности и за нивно спречување, а особено против организираниот криминал, како што е:**

- **трговија со луѓе;**
- **незаконски стопански активности, а особено корупција и незаконски трансакции кои вклучуваат стоки, како што се индустриски отпад, радиоактивен материјал и фалсификувани и пиратски производи;**
- **нелегална трговија со дроги и психотропни супстанци;**
- **шверцување;**
- **нелегална трговија со оружје;**
- **тероризам;**

**Соработката во однос на погоре наведените прашања ќе подлежи на консултации и тесна координација меѓу Страните.**

**Техничката и административна помош на ова поле може да вклучи:**

- **подготовка на текстови на закони на полето од кривичното право;**
- **јакнење на ефикасноста на институциите задолжени за борбата против криминалот и за негово спречување;**
- **обука на персонал и развој на истражните капацитети;**
- **формулирање мерки за спречување на криминалот.**

другите облици на организиран криминал во ЕУ, се настојува да се спречи преку соработка на државите-членки, со помош на компјутерски бази на податоци и координативен центар сместен во Хаг, кој собира, анализира и дава информации за криминални активности.

ЕУ, исто така, работи и со партнерски земји, особено со САД, Русија и медитеранските земји, како и со меѓународни организации како што е Канцеларијата на високиот комесар за бегалци на ОН, на осмислување и спроведување на мерките на заедничката политика на слобода, безбедност и правда.



## Политика на судска соработка

Ако некој во една држава-членка на ЕУ направи кривично дело, може ли да го избегне судскиот систем со бегство во друга држава-членка? Или, што ако бракоразводната парница се води меѓу луѓе кои живеат во различни држави? ЕУ ја сочинуваат 27 држави-членки кои се разликуваат во поглед на своите законодавни и административни системи. Целта е преку судска соработка во граѓански предмети да им овозможи пристап на граѓаните на ЕУ до судовите во која било држава-членка и примена на судските одлуки на територијата на целата ЕУ, без оглед на разликите во националните законодавства.

За да има што поефикасна борба против организираниот криминал, се развила и политика на судска соработка во кривичните предмети. Со соработката во казнените предмети е намалена должината и сложеноста на постапката на екстрадиција меѓу државите-членки, т.е. постапката на фаќање и предавање на лицето со цел да се спроведе кривичната постапка или да се изврши казната затвор или притвор.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 79**

**Соработка за недозволени дроги**

**Во доменот на нивните овластувања и надлежности, Страните ќе соработуваат со цел да обезбедат изедначен и интегриран пристап кон борбата против дрогите. Политиката и активностите на борба против дрогата ќе бидат насочени кон намалување на понудата, прометот и побарувачката на недозволени дроги, како и поефикасна контрола на прекурзори.**

**Страните ќе се договорат за потребните методи за соработка за да се постигнат овие цели. Нивните дејства ќе се засноваат врз заеднички усогласени начела, во согласност со Стратегијата на Европската унија за дрогите.**

**Соработката меѓу Страните ќе опфати техничка и административна помош, особено во следниве области: подготовка на текстови на закони и политика; основање институции и информативни центри; обука на персонал и истражување во врска со дрогата; спречување на пренасочувањето на прекурзорите заради недозволено производство дроги. Страните може да се согласат да вклучат и други области.**



# НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

**ПОГЛАВЈЕ** 25

# ПОГЛАВЈЕ 25

## НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

**ВЛОЖУВАЊЕ ВО ИДНИНАТА**

### Цел на ЕУ: најконкурентна светска економија до 2020 година?

Истражувачкото минато на европскиот континент се истакнува со богатство и разновидност на сите полиња: од големите географски откритија, индустриската револуција, па се до мобилните телефони и авионот Ербас.

ЕУ на полето на науката и истражувањата се соочува со силна конкуренција во глобалната економија. Со цел да ја задржи конкурентноста, ЕУ денес поттикнува соработка на државите-членки, бидејќи се покажало дека поединечните претпријатија и националните истражувачки институти не можат да ја остварат целта самите. Одредбите за развојот на научните и истражувачки активности се дефинирани со Поглавјето 25, почитувајќи ги спецификите на поединечните држави-членки.

Изработката и примената на одредбите содржани во наведеното поглавје ги координира Европската комисија во соработка со Заедничкиот истражувачки центар (Joint Research Center – JRC) кој е составен од мрежа на институти што ги спроведуваат истражувањата за пронаоѓање научно-технички решенија за подобри политиките на ЕУ и за зголемување на конкурентноста на индустриите во ЕУ.

Со креирањето на единствениот европски пазар, ЕУ има рамковни програми за поттикнување на научно-истражувачки активности и соработка чиишто приоритети се менуваат во согласност со развојните потреби. Со Лисабонската стратегија е нагласена основната цел на ЕУ: економијата на ЕУ да стане најконкурентна и најдинамична светска економија до крајот на 2020 година. Еден од начините за остварување на оваа цел



**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 102**

**Соработка во областите на истражување и технолошки развој**

**Страните ќе ја унапредуваат билатералната соработка во јавното научно истражување и технолошки развој (ИТР) врз основа на заемна корист и земајќи ја предвид достапноста на ресурсите ќе поттикнуваат соодветен пристап кон нивните програми, под услов да постои соодветно ниво на ефективна заштита на правата на интелектуална, индустриска и трговска сопственост.**

**Научната и технолошката соработка ќе опфати:**

- **размена на научни и технички информации;**
- **организирање заеднички научни состаноци;**
- **заеднички активности за ИТР;**
- **активности за обука и програми за мобилност на научниците, истражувачите и техничарите ангажирани во ИТР на двете страни.**

**Таквата соработка ќе се спроведува според конкретните аранжмани за кои ќе се преговара и кои ќе се склучат во согласност со постапките усвоени од секоја Страна и кои, меѓу другото, ќе предвидат соодветни одредби за правата на сопственост.**

е преку Европскиот истражувачки простор (European Research Area – ERA) како слободен простор за движење на знаење, истражувачи и технологија заради јакнење на соработката, во кој ќе се креира и применува заедничка политика на истражувањата. Како што единствениот пазар ги отстранил пречките за слободно движење на стоки, услуги, луѓе и капитал, така ERA им овозможува на научниците дејствување и соработка на проекти во целата Европска унија. Слободното движење на идеи и ресурси ќе им овозможи на европските истражувачи повеќе можности, какви што веќе имаат нивните колеги во САД. Оттука произлегува и новата петта слобода на внатрешниот пазар – слободата на движење на знаењето.

За да се намалат разликите во областа на вложувањата во секторот на знаење, истражување и технологии меѓу Европа, САД и Јапонија, во ЕУ дошло до зголемување на нивото на вложување во истражување со цел неговиот удел во БДП до 2010 година да биде 3%.[2]

За периодот од 2007 до 2013 година Европската комисија прифати нов предлог за Седмата рамковна програма (Seventh Framework Programme – FP 7), односно изградба на европска територија на наука за раст. Програмата се потпира на науката како најголем европски ресурс и ја нагласува важноста на истражувањето повеќе отколку која било досегашна рамковна програма, наведувајќи го токму истражувањето како темел со којшто европската индустрија во иднина ќе може да го обезбеди првото место во светот.

## Решение за „одливот на мозоци"

Иако ЕУ има повеќе дипломци од САД од областа на науката и инженерството, нивниот број се уште е недоволен за креирање на најконкурентна светска економија. Моментално 85.000 истражувачи родени во ЕУ работат во САД.[3]

[2] Извор:http: //www.europa.eu/scadplus/leg/en/lvb/i23022.htm

[3] Извор: Поглед кон иднината, Научни истражувања во ЕУ, Европска комисија, Општа канцеларија за медиуми и информирање, Брисел, 2004.

За спречување на „одливот на мозоци” предвидени се различни програми за поттикнување на научниците да останат во истражувачките центри, вклучувајќи ја и научната размена во странските институти и лаборатории. Програмата „Marie Curie” им овозможува на 9.000 научници годишно да одат во други држави со помош на Европската мрежа на центри за мобилност со 200 центри во 32 европски држави, која на научниците и нивните семејства им помага во преселбата во друга држава.

Проектите кои чекаат некои идни истражувачи и кои би требало да ја придвижат ЕУ кон светскиот врв ја имаат совладано нуклеарната фузија, процес кој ги придвижува Сонцето и ѕвездите, а со неа би се обезбедила одржлива енергија со минимално влијание врз животната средина. Првата таква електрана би требало да биде сместена во Франција, но до нејзиното остварување ќе треба да почекаме уште неколку децении.

Друг важен проект е наоѓа начин на користење на водородот како извор на енергија, со што би се намалила зависноста од фосилни горива. Веќе постојат прототипови на автомобили на погон на водород, а доколку проектот се покаже успешен, се предвидува негова примена во авионите, зградите, болниците, компјутерите и мобилните телефони.





# ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА

ПОГЛАВЈЕ 26

# ПОГЛАВЈЕ 26

## ОБРАЗОВНИЕ И КУЛТУРА

### Образование во Европската унија

Можеби досега не сте слушнале за поимот Европски простор за високо образование (European Higher Education Area), но Болоњскиот процес сигурно ви е познат. Токму Болоњскиот процес е средство со чија помош Европската унија работи на креирање на Европскиот простор за високо образование до 2010 година. Наведениот процес е само еден пример на мерки кои ЕУ ги презема за јакнење на соработката меѓу државите-членки на полето на образованието.

Образованието во ЕУ денес добива ново значење и станува дел од европската стратегија за вработување. Поглавјето 26 претставува рамка за националните политики која се темели на работната програма на ЕУ насловена „Образование и обуки 2010" (Education & Training 2010). Европската унија располага со многубројни механизми и средства за стимулирање на соработка на ова поле, а како најважни се истакнуваат повеќегодишните акциски програми. Секоја година повеќе од милион граѓани на ЕУ од сите возрасти имаат корист од програмите за образование, од професионалните обуки и од градење на граѓанското општество. Во периодот од 2007 до 2013 година ќе се користи новата програма наречена „Доживотно учење" (Lifelong Learning) која ги опфаќа досегашните четири програми: „Comenius" – за претучилишно и училишно образование, „Erasmus" – за високо образование и напредно усовршување, „Leonardo da Vinci" – за стручно образование и „Grundtvig" – за образование на возрасни.

Новата програма опфаќа учење на странски јазици, информатички и комуникациски технологии и програмата „Jean Monnet"[4] за европските интеграции. По детални информации за програмата и можностите на соработка се достапни на Интернет страната на Европската комисија http://ec.europa.eu/education/policies/2010/et_2010_en.html

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 91**

**Образование и обука**

**Страните ќе соработуваат со цел да го подигнат нивото на општото образование и професионалните квалификации во Република Македонија, земајќи ги предвид приоритетите на Република Македонија.**

**Програмата Темпус ќе придонесе за јакнење на соработката меѓу двете Страни на полето на образованието и обуката, за унапредување на демократијата, владеење на правото и економската реформа.**

**Европската фондација за обука исто така ќе придонесе за унапредување на структурите и активностите за обука во Република Македонија.**

[4] Програмата „Jean Monnet" содржи три клучни активности: Жан Моне – активности, Европски институции и Европски здруженија.

## Младите во Европската унија

Иако и политиката за младите е во делокругот на државите-членки, ЕУ спроведува мерки за поттикнување на заеднички активности на тоа поле. Новата програма за млади која се однесува на периодот 2007 – 2013 година носи наслов Младите во акција (Youth in Action), а поттикнува активно вклучување на младите во Заедницата, поддржува млади луѓе кои сакаат да се вклучат во прекугранична доброволна работа и ги оспособува за управување со проекти кои им помагаат на локалните заедници и сл. Се заснова на неформално образование и учење низ искуство, а го поддржува концептот на доживотно учење и развој на вештини и способности со цел за поттикнување на активна граѓанска свест во насока на развој на заедницата. Информации за проектите и програмите за младите во ЕУ можат да се најдат на Интернет страницата http://www.europa.eu/youth/new.cfm?nid=4989&sid=0&L_id=e

## Европско културно подрачје

Дали ви се чини возможно да се обединат културите на 27 држави-членки на ЕУ? Целта на Европската унија во поглед на културата е двострана: од една страна се однесува на зачувување на националните и регионалните разновидности, а од друга страна на истакнување на заедничкото културно наследство. За остварување на споменатата цел постои рамковна програма на ЕУ за периодот 2007 – 2013 година со наслов Култура 2007 - 2013 (Culture Programme 2007–2013). Спроведувањето на оваа програма започнува во јануари 2007 година, заменувајќи ја програмата Култура 2000 (2000 – 2006 година). Програмата Култура се заснова на три програмски цели – поддршка на мобилноста на културните работници, поддршка на мобилноста на културните дела и поттикнување на меѓукултурен дијалог.



Меѓу другото, Европската унија ги поттикнува владите на државите-членки да промовираат културен развој во сиромашните региони со што би им се помогнало да се зачува идентитетот, да привлечат туристи и да креираат нови работни места во областа како што се интернет услугите и медиумите.

26

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 92**

**Културна соработка**

**Страните се обврзуваат да ја унапредуваат културната соработка. Ваквата соработка, меѓу другото, служи за да се зголеми заемното разбирање и почитување меѓу поединците, заедниците и народите.**

## Јазичната разновидност како дел од европското културно наследство

Денес во ЕУ има 23 службени јазици, во чиј склоп постојат и малцински и регионални јазици (баскиски, бретонски, каталонски, фризиски, велшки итн.). Се проценува дека повеќе од 40 милиони луѓе во ЕУ зборуваат на мајчин јазик кој не е службен јазик во земјата на нивното потекло. Истражувањето на Евробарометар покажува дека најголем процент од домаќинствата кои освен со мајчиниот, активно се служат и со уште еден јазик се наоѓаат во Луксембург (99%) и во Латвија и Малта (93%)[5]. Проектот Култура го поттикнува нивното зачувување, а долгорочна цел е поттикнување на народите во ЕУ да научат два јазици, освен својот мајчин. Покрај тоа, ЕУ бара нејзиното законодавство да биде достапно на сите јазици, па според тоа достапно и на сите граѓани. На сите граѓани им е загарантирана можноста за пишување до некоја институција или тело на ЕУ и добивање на одговор на нивниот јазик. На ист начин пратеникот во Европскиот парламент има право да ги застапува своите гласачи на сопствениот јазик.

Со влезот на Бугарија и Романија во ЕУ од 1 јануари 2007 година, освен новите службени јазици, ЕУ доби и нова службена азбука – покрај латиницата и грчката алфабета тоа е и бугарската кирилица.



5 Извор:Eurobarometer Survey, http://europa.eu/languages/en/chapter/14



# ЖИВОТНА СРЕДИНА

ПОГЛАВЈЕ 27

# ПОГЛАВЈЕ 27

## ЖИВОТНА СРЕДИНА

### КАКО СЕ СПРАВУВА ЕУ СО ЗАГАДУВАЊЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

За казнените дела како незаконското загадување на животната средина кое резултира со лоша миризба, или транспортот на опасен отпад кој нанесува штета на заштитените средини, Европската комисија предложила мерки за кои во моментов се води расправа во Европскиот парламент, а се однесуваат на парични казни во износ од 300.000 до 1,5 милиони евра и затворски казни од една до десет години, зависно од степенот на негрижа на поединецот и/или на компанијата кон животната средина.

Наведените мерки се само дел од напорите на ЕУ за заштита на животната средина во рамките на единствената политики на ЕУ опфатена со Поглавјето 27. Законодавството за заштитата на животната средина опфаќа низа одредби кои се однесуваат на климатските промени, заштитата на биоразновидноста во природата, зачувувањето на здравјето и квалитетот на животот и искористувањето на природните ресурси и природниот отпад. Политиката за заштита на животната средина на ЕУ се темели на уверувањето дека високите еколошки стандарди стимулираат иновации и можности за работа, а со тоа пред државите-членки е поставен предизвик: на кој начин да се комбинира постојан економски раст и да се направи од ЕУ најконкурентна економија на светот, но истовремено да се зачува на животната средина?

### Со кои прашања се занимава Заедничката политика за животна средина?

Квалитетот на воздухот е едно од главните прашања од заштитата на животната средина. Пропишани се методи за следење на квалитетот на воздухот, контрола на граничните вредности за загадување на материите и нивните емисии од мобилни и стационарни извори, а во насока на намалување на загадувањето од аерозагадувачите. ЕУ поттикнува подобрување на квалитетот на горивото и информирање на потрошувачите за нивната економичност и емисии на јаглерод диоксид (главниот предизвикувач на ефектот на стаклена градина) при продажбата на новите патнички возила.

Со спроведувањето на Кјото протоколот, ЕУ настојува да го реши проблемот со климатските промени, поради што се пропишани и одредби за материите кои ја оштетуваат озонската обвивка и за тргувањето со квотите на штетни гасови. За индустриските и енергетските постројки пропишани се дозволени граници за емисија на јаглерод диоксид. Постројките кои нема да ја искористат дозволената квота на емисија на тој гас можат својот „вишок" да го продадат на компании кои ја надминуваат својата граница на емисија, со што избегнуваат високи парични казни. Едно од нерешените прашања, секако, е емисијата на штетни гасови од авионите кои во вкупната еми-

## СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

**Член 103**

**Животна средина и нуклеарна безбедност**

Страните ќе ја развиваат и зајакнуваат нивната соработка во однос на суштествените цели на борбата против деградација на животната средина со цел да се поддржи нејзината одржливост.

Соработката ќе се насочи врз следниве приоритетни области:

- борба против локалното, регионалното и прекуграничното загадување (квалитетот на воздухот и водата, вклучувајќи и пречистување на отпадните води и загадување на водата за пиење) и воспоставување ефикасно набљудување;
- развој на стратегии во однос на глобални и климатски прашања;
- ефикасно, одржливо и чисто производство и потрошувачка на енергијата, безбедност на индустриските капацитети;
- класификација и безбедно ракување со хемикалии;
- намалување на отпадот, рециклирање и безбедно депонирање на отпад и спроведување на Базелската конвенција за контрола на прекугранично пренесување на опасен отпад и негово депонирање (Базел 1989);
- влијанието на земјоделството врз животната средина; ерозија на земјиштето и негово загадување со земјоделски хемикалии;
- заштита на шумите, флората и фауната; зачувување на биодиверзитетот;
- уредување на градовите и селата, вклучувајќи ги градежништвото и урбанизмот;
- проценка на влијанијата врз животната средина и стратешка проценка на животната средина;
- континуирано приближување на законите и регулативите кон стандардите на Заедницата;
- меѓународни конвенции од областа на животната средина во кои Заедницата е членка;
- соработка на регионално ниво, како и соработка во рамките на Европската агенција за животната средина;
- образование, информации и јавна свест за прашања од животната средина.

На полето на заштитата од природни непогоди, целта на соработката е да се осигури заштита на луѓето, животните, имотот и животната средина од катастрофи предизвикани од човекот. За оваа цел соработката би можела да ги вклучи овие области:

- размена на резултатите од научни и истражно-развојни проекти;
- заемен надзор, системи за рано предупредување и известување за катастрофите и нивните последици;
- спасувачки и акции за пружање помош и системи за помош во случај на катастрофи;
- размена на искуство за рехабилитација и обнова по катастрофи;

Соработката на полето на нуклеарната безбедност би можела да ги опфати следниве теми:

- подобрување на законите и регулативата на Република Македонија за нуклеарната безбедност и јакнење на надзорните власти и нивните ресурси;
- заштита од радијација, вклучувајќи го и набљудувањето на радијацијата во животната средина;
- управување со радиоактивен отпад. Република Македонија се обврзува да му обезбеди информации на Советот за стабилизација и асоцијација за секоја намера да увезе или да складира радиоактивен отпад;
- да поттикне склучување спогодби меѓу државите-членки на Европската унија или Евроатом и Република Македонија за рано известување на податоците во случаи на нуклеарни незгоди, а доколку има потреба, и општо за прашања од областа на нуклеарната безбедност;
- зајакнување на надзорот и контролата на транспортот на материјали кои се подложни на радиоактивно загадување.

сија учествуваат со околу 3%, со напомена дека авионскиот сообраќај расте многу брзо.

Европската унија детално ја дефинирала и мерката за управување со отпадот. Примарна цел на политиката на ЕУ е намалување на количеството на отпад што се произведува преку превенција, подобро користење на ресурсите, поттикнување на „почисти” производи и користење на „почисти” производи. Ваквото одржливо управување со отпадот подразбира и прописи за опасниот отпад, постапувањето со депониите, особено според видот на отпад, т.е. дали се работи за автомобилски отпад, амбалажен отпад, отпад од електрична опрема, батерии и акумулатори итн.

А што со загадувањето на реките, езерата и крајбрежјата, значајните делови од животната средина на Европа? Заштитата на водите е, исто така, една од темите на Поглавјето 27. На државите-членки на ЕУ им се пропишува обврска за контрола на емитувањето на опасните материи во водата, прочистување на отпадните води и заштитата на водите од загадување предизвикано од нитрати од земјоделско потекло. Во последно време се повеќе активности се насочени и кон мерките за заштита и зачувување на морската животна средина.

Во насока на заштита на растителните и животинските видови, како и местата од важност за одржување на нивната популација, направена е мрежата НАТУРА 2000. Една од одредбите на ЕУ во врска со заштита на животните се однесува, на пример, на ловот со стапици. Што ако сте ловец на крзнени животни, дури и надвор од ЕУ, а применувате методи на лов кои не ги задоволуваат меѓународните норми или користите стапици? ЕУ забранува откуп на крзно и производи од крзно.

## Загадувачот плаќа!

Сите сегменти од политиката за заштита на животната средина на ЕУ се засноваат на принципот „загадувачот плаќа”. Плаќањето може да биде во облик на:

- Финансиски вложувања потребни за задоволување на потребните стандарди за заштита на животната средина
- Земање назад, рециклирање или фрлање на производот по неговата употреба
- Давачки за работење или за потрошувачите кои користат еколошки неприфатливи производи, како што се некои типови на пакување.

Покрај Европската комисија, важна улога во спроведувањето на политиката за заштита на животната средина има и Европската агенција за животна средина со седиште во Копенхаген.

# ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЗДРАВЈЕ



ПОГЛАВЈЕ 28

# ПОГЛАВЈЕ 28

## ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЗДРАВЈЕ

### *CAVEAT EMPTOR* ИЛИ КУПУВАЧОТ ДА БИДЕ ВНИМАТЕЛЕН ПРИ КУПУВАЊЕТО

Изреката Caveat emptor (купувачот да биде внимателен при купувањето) постоела уште во римското право, а се однесувала на заштитата на потрошувачите. Законската регулатива по ова прашање, како и креирањето на заедничка политика за заштита на потрошувачите во ЕУ, започнува во 70-тите години. Целта на Поглавјето 28 е заштита на здравјето и безбедноста на потрошувачите, заштита на економскиот интерес на потрошувачите, информирање и едуцирање на потрошувачите и ефикасно организирање на потрошувачите за заштита на нивните интереси. Поглавјето се однесува и на усогласување на пристапот на политката за јавното здравје меѓу државите-членки на ЕУ. Единствениот пазар и единствената валута ги отвораат трговските граници, а со растот на употребата на Интернетот, електронската трговија и ширењето на секторот на услугите, важно е граѓаните на 27-те држави-членки да имаат корист од високото ниво на заштита на потрошувачите.

Европската комисија секоја година добива околу 150 известувања за опасни производи. Државите-членки ги испраќаат известувањата до системот на брзо алармирање (Rapid Alert System – RAPEX).



**Што содржи секое известување и за што служи?**

| Број на производот | Држава која ја пријавува неисправноста на производот | Производ | Опасност | Преземени мерки |
|---|---|---|---|---|
| 10064/07 | Германија | Ланче<br>Производител: Зиман<br>Број на моделот: 828300<br>ЕАН код: 200091279802<br>Држава на потекло: Холандија | Труење | Повлекување на производот од пазарот, известување на купувачите за враќање на парите за купениот производ од страна на продавачот |

Извор: *European Commission, DG Health and Consumer Protection, RAPEX*
*http://ec.europa.eu/consumers/dyna/rapex/create_rapex.cfm?rx_id=115*

По известувањето, се повлекува производот од пазарот, производителот ја известува јавноста за опасностите, се собираат и тестираат наведените производи и производителот го гарантира правото на оштета на купувачите.

Законодавството за заштитата на потрошувачите е само една од мерките на заедничките политики на ЕУ. Другите методи вклучуваат заедничко регулирање меѓу потрошувачките и деловните организации и насоки за добри практики. Силните потрошувачки организации исто така имаат важна улога, особено на новите пазари на државите-членки на ЕУ.

Заштитата на потрошувачите е неопходно поврзана со политиката на внатрешниот пазар и тоа право на заштита на потрошувачите се развивало како придружна појава при формирањето на внатрешниот пазар. Ако единствениот пазар функционира добро, тој ќе ја стимулира довербата на потрошувачите во прекуграничните трансакции и ќе има позитивен ефект на конкуренцијата и на цените во корист на сите граѓани на ЕУ.

Усогласувањето на законодавството во областа на заштитата на потрошувачите е специфично од повеќе причини. Политиката на заштита на потрошувачите е, пред се, хоризонтална политика, односно политика чиишто цели мора да се земаат предвид и при донесувањето на прописи за други прашања. Така, прописите кои се однесуваат на безбедноста на храната, играчките или слободното движење на стоки и услуги мора да содржат одредени норми кои се релевантни за заштитата на потрошувачите. Во минатото, рамката за развојот на оваа политика ја сочинувале тригодишните планови на Европската

комисија, а во последно време тоа е Стратегија за заштита на потрошувачите 2007–2013 со која се дефинирани основните здравствени и безбедносни стандарди за одредени производи, заштита од нелегалната трговија, план за информирање на потрошувачите за нивните права и нивното активно вклучување во натамошното дефинирање на одредби во другите политики на ЕУ: транспортната, финансиската, земјоделската, како и политиката за заштита на животната средина.

Луѓето мора да бидат сигурни и да имаат доволно точни информации пред да купат нешто и да уживаат јасни законски права кога трансакциите ќе тргнат во погрешна насока. Од таа причина се потребни јасно усогласени правила со што би се гарантирало соодветно ниво на заштита.

Во насока на интензивирање на комуникациите со потрошувачите, Европската комисија основала Мрежа на европските потрошувачки центри (European Consumers Centres Network, ECC- Net), со која се поврзаните центрите во сите државичленки.

## Задачи на државите-членки

Поголемиот дел од директивите прифатени на ниво на ЕУ се директиви за минимална хармонизација, што значи дека Заедницата прифаќа само минимални стандарди кои се неопходни за да се обезбеди заштита на здравјето, безбедноста и економските интереси на потрошувачите, додека државите-членки може да ги задржат или да воведат построги правила за заштита на потрошувачите под услов со тоа да не го оневозможат слободното движење на стоки и услуги на внатрешниот пазар.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 97**

**Заштита на потрошувачи**

**Страните ќе соработуваат со цел да ги усогласат стандардите за заштита на потрошувачите во Република Македонија со оние во Заедницата. Ефикасна заштита на потрошувачите е неопходна со цел да се осигури дека пазарната економија дејствува соодветно, а оваа заштита ќе зависи од развојот на административна инфраструктура со цел да се обезбеди надзор над пазарот и спроведување на законот на ова поле.**

**За таа цел, а со оглед на нивните заеднички интереси, Страните ќе поттикнат и ќе обезбедат:**

- **сообразување на законодавството и усогласување на заштита на потрошувачите во Република Македонија со законодавството и заштитата што се во сила во Заедницата;**
- **политика на активна заштита на потрошувачите, вклучувајќи и засилено информирање и развој на независни организации;**
- **ефективна правна заштитата за потрошувачите со цел да се подобри квалитетот на стоките за широка потрошувачка и да се одржат соодветните безбедносни стандарди**

## Здравството во ЕУ

Иако примарната одговорност за здравствената грижа ја имаат државите-членки, многу прашања од јавното здравство најдобро се решаваат по пат на заеднички одговор на ЕУ. Заедничката политика се остварува преку промовирање на здравјето и контролата над остварувањето на целите на здравствената политика, борбата против заразните болести, ретките болести и ракот, спречување на зависности, незгоди и болести поврзани со загадувањето на животната средина, како и зајакнување на способноста за брзо и соодветно дејствување во случаи кои се опасни по здравјето. Целите на политиката за заштита на здравјето на ЕУ се:

- Усогласување на законодавството за здравствена заштита во ЕУ
- Заштита на граѓаните од опасност по здравјето
- Промовирање на политики кои водат до поздрав животен стил
- Придонес во намалувањето на појавата на посериозни болести во ЕУ
- Придонес за развојот на ефикасен здравствен систем
- Пристап до информации за здравјето
- Пристап до правото на граѓаните да го изразат своето мислење за здравствените прашања.

Проширувањето на ЕУ претставува посебен предизвик во решавањето на нееднаквоста, бидејќи животниот век во „новите" држави-членки е понизок, а стапката на смртност е поголема.



## Епидемија – што тогаш?

Во случај на опасност од епидемија, ЕУ изработува координативен план со одговори. Со основањето на Европскиот центар за превенција и контрола на болести, со седиште во Стокхолм, и формирањето мрежа на информативни центри овозможено е брзо дејствување, важно за спречување на ширењето на епидемии. Центарот дава информации, совети и обука за приоритетните закани. Тие вклучуваат воспаление на бели дробови, СИДА, микроби отпорни на лекови и туберколоза. Комисијата, исто така, ги проценува здравствените ризици кои настануваат по употребата на супстанци како што се на пример, боја за коса или некои нови технологии.



# ЦАРИНСКА УНИЈА

ПОГЛАВЈЕ 29

# ПОГЛАВЈЕ 29

# ЦАРИНСКА УНИЈА

## ЦАРИНИ

Подрачјето без гранични контроли во Европската унија овозможува испорака на француски автомобили во Данска без плаќање на какви било царини. Царината на автомобилите увезени од САД се плаќа во моментот кога автомобилот првпат ќе влезе во ЕУ, по што не поминува низ дополнителни проверки или плаќања. Царинската унија е создадена во 1968 година, додека граничните премини меѓу државите-членки се отстранети во 1993 година. Правилата за нејзиното функционирање се содржани во Поглавјето 29.

## Европа без граници – кој, како, зошто?

Царинската унија е еден од темелите на Европската унија, неопходен за постоење на внатрешниот пазар. Заедничкиот пазар може да функционира правилно само ако постои еднаква примена на заедничките прописи на сите негови надворешни граници.

Царинската унија ја опфаќа целокупната трговија на стоки и вклучува забрана за примена на царински давачки на увозот и извозот и на акцизи со ист ефект меѓу државите-членки, како и донесување на заедничка царинска тарифа во односите на државите-членки на ЕУ со трети земји. Европската унија ги утврдува своите увозни царини и други царински правила врз основа на меѓународни спогодби (поголем дел од нив се договорени во рамките на Комитетот за царинска соработка и Светската трговска организација). Тие правила се применуваат на сите увози, но ЕУ има трговски договори кои нудат влез со

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 16**

**Одредбите од оваа Поглавје ќе се однесуваат на производите што потекнуваат од Заедницата или од Република Македонија, наведени во Поглавјата 25 до 97 од Комбинираната номенклатура, со исклучок на оние производи што се наведени во Анексот I, параграф I (ii) од Спогодбата за земјоделство (ГАТТ 1994).**

**Одредбите од Членовите 17 и 18 нема да се однесуваат ниту на текстилните производи ниту на производите од челик, како што е наведено во Членовите 22 и 23.**

**Трговијата меѓу Страните со производите, што се опфатени со Договорот за основање Европска заедница за атомска енергија, ќе се извршува во согласност со одредбите од тој Договор.**

пониска цена и често безцарински пристап за стоките од соседните земји, економиите во развој и земјите во развој. Тоа ги вклучува и другите земји од Европскиот економски простор (Исланд, Лихтенштајн и Норвешка), Швајцарија, поранешните британски, француски и португалски колонии во Африка, Карибите и Пацификот, државите од Југоисточна Европа и државите-кандидати во Унијата.

## Контрола на надворешните граници на ЕУ

Царинските службеници на границите на Европската унија спрема трети земји го обезбедуваат придржувањето до правилата во ЕУ и меѓународните правила за заштита на животната средина, здравјето и безбедноста на потрошувачите. За време на еколошка криза, тие се одговорни за следење на движењето на загадената или озрачена храна, со што истовремено обезбедуваат враќање на храната во земјата на потекло. Меѓу другото, цариниците проверуваат дали производите ги задоволуваат (посебно електричните уреди) определените стандарди за пласман и продажба на внатрешниот пазар на ЕУ.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 17**

**Царинските давачки за увозот на производите во Заедницата, што потекнуваат од Република Македонија, ќе бидат укинати штом ќе стапи во сила оваа Спогодба.**

**Квантитативните ограничувања на увозот и мерките кои имаат исто влијание врз увозот во Заедницата, за производите што потекнуваат од Република Македонија, ќе бидат укинати на денот од стапување во сила на оваа Спогодба.**

Царинските службеници обезбедуваат заштита на загрозените видови преку проверка на трговијата со слонова коска, заштитени животни, птици и растенија. Заштитата на културното наследство се спроведува со следење на шверцот на уметнички дела и проверка на легитимноста на извозот на чувствителна технологија која би можела да се искористи за изработка на нуклеарно или хемиско оружје. Сепак, почесто од чувствителната технологија преку границите на државите се шверцува стока како мобилни телефони и лекови, како и пиратски производи (дискови, облека и сл.).

Дали ви се чини едноставно препознавањето на разликите меѓу фармерки или часовник кои навистина ги изработиле големите имиња на модните куќи и производите кои се копии?

За функционирањето на единствениот пазар царинските службеници придонесуваат со собирање на податоци за структурата на стоките која се увезува и извезува, што на креаторите на економската политика им помага во откривањето на современите економски трендови и во приспособување на понудата кон побарувачката на пазарот.

## Царинските служби на државите-членки

Националните царински служби на државите-членки се задолжени за секојдневната операционализација на царинската политика. Тие наплатуваат царински давачки, акцизи и данок на додадена вредност на увезените производи од трети земји и се грижат за почитување на увозните квоти и другите ограничувања. Царинските давачки претставуваат еден од изворите на приходи на буџетот на ЕУ. Од износот на вкупно наплатените царински давачки, државите-членки задржуваат 25%, а останатите 75% ги уплаќаат во буџетот на ЕУ.

**Член 18**

**Царинските давачки за увозот во Република Македонија за стоките што потекнуваат од Заедницата, освен оние наведени во Анексите И и ИИ, ќе бидат укинати со стапувањето во сила на оваа Спогодба.**

**Царинските давачки за увозот во Република Македонија на производите што потекнуваат од Заедницата, наведени во Анекс И, ќе бидат прогресивно намалувани во согласност со следниов временска распоред:**

- **на 1-ви јануари од првата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 90% од основната давачка;**
- **на 1-ви јануари од втората година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 80% од основната давачка;**
- **на 1-ви јануари од третата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 70% од основната давачка;**
- **на 1-ви јануари од четвртата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 60% од основната давачка;**
- **на 1-ви јануари од петтата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 50% од основната давачка;**
- **на 1-ви јануари од шестата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 40% од основната давачка;**
- **на 1-ви јануари од седмата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 30% од основната давачка;**
- **на 1-ви јануари од осмата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 20% од основната давачка;**
- **на 1-ви јануари од деветтата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба секоја царинска давачка ќе биде намалена на 10% од основната давачка;**
- **на 1-ви јануари од десеттата година од стапувањето во сила на оваа Спогодба преостанатите царински давачки ќе бидат укинати.**

**Царинските давачки на увозот во Република Македонија за производите што потекнуваат од Заедницата, наведени во Анекс II, ќе бидат прогресивно намалувани и укинати во согласност со временскиот распоред наведен во Анексот.**

**Квантитативните ограничувања на увозот и мерките кои имаат исто влијание врз увозот во Република Македонија за производите што потекнуваат од Заедницата ќе бидат укинати со денот на стапување во сила на оваа Спогодба.**

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 19**

**Со стапувањето во сила на оваа Спогодба, Заедницата и Република Македонија меѓусебно ќе ги укинат сите давачки во трговијата кои имаат исти ефекти како царинските давачки на увозот.**

## Царините и информатичката технологија

За подобро и поточно ажурирање, за автоматизирање на постапката на трговијата во рамките на внатрешните и надворешните граници на ЕУ, како и за поголема безбедност на податоците и забрзување на транзитот, од 2003 до 2005 година воведен и Нов компјутерски транзит систем (New Computerised Transit System - NCTC).

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 20**

**Со стапувањето во сила на оваа Спогодба, Заедницата и Република Македонија ќе ги укинат сите царински и други давачки кои имаат ист ефект врз извозот.**

**Со стапувањето во сила на оваа Спогодба, Заедницата и Република Македонија меѓусебно ќе ги укинат сите квантитативни ограничувања и мерки кои имаат ист ефект врз извозот.**

НЦТС се користи за сите транзити низ границите на ЕУ, Лихтенштајн, Норвешка, Швајцарија и Турција.

Завршувањето на хартиените царински операции се планира да биде до 2010 година, што значи дека сите држави на Шенген-зоната на царините ќе имаат целосна електронска обработка на податоци.



## СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

**Член 88**

**Царина**

Целта на соработката ќе биде да се гарантира придржување кон сите одредби предвидени за усвојување во областа на трговијата и да се постигне приближување на царинскиот систем на Република Македонија кон системот на Заедницата, со што се помага да се трасира патот за мерките на либерализација планирани според оваа Спогодба.

Соработката ќе го вклучува особено следново:

– размена на информации, вклучувајќи ги и истражните методи;
– развој на прекугранична инфраструктура меѓу Страните;
– можност за меѓусебно поврзување на транзитните системи на Република
– Македонија и на Заедницата, како и усвојување и употреба на Единствениот административен документ (ЕАД);
– поедноставување на инспекциите и формалностите во однос на пренос на
– стоки;
– поддршка за воведување модерни царински информативни системи.

Без да се ограничи натамошната соработка предвидена во оваа Спогодба, а особено во членовите 76, 77 и 78, заемната помош меѓу административните власти по царински прашања на Страните ќе се одвива во согласност со одредбите од Протоколот 5.



# НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ

**ПОГЛАВЈЕ** 30

# ПОГЛАВЈЕ 30

## НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ

### ОДНОСИ СО ДРЖАВИТЕ ОД СВЕТОТ

ЕУ се повеќе соработува со другите држави и со регионалните и меѓународни организации заради промовирање на демократијата, стабилноста, почитувањето на човековите права и економскиот развој. Надворешните односи се средство за претставување на ЕУ во државите кои не се членки.

Законските мерки во таа смисла се дефинирани во Поглавјето 30 чиишто карактеристики се заедничките трговски и развојни политики во глобални рамки.

За да ги продлабочи односите со другите држави и региони, ЕУ одржува редовни состаноци со своите главни партнери: САД, Јапонија, Канада, Русија, Индија и Кина, како и регионални дијалози со земјите од Медитеранот, Блискиот Исток, Азија и Латинска Америка.

Една од целите на ЕУ е да креира територија на слободна трговија до 2010 година, која освен европските држави би ги вклучило и државите околу Јужниот и Источниот Медитеран преку интензивна соработка со меѓународните организации (ОН, НАТО, Советот на Европа) и со регионалните групи ширум светот (пример, со НАФТА). На тој начин се зголемува опфатот на трговијата и вложувањата

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 3**

**Меѓународниот и регионалниот мир и стабилност, како и развојот на добрососедските односи се суштински за Процесот на стабилизација и асоцијација. Склучувањето и спроведувањето на оваа Спогодба се во рамките на регионалниот пристап на Заедницата, дефиниран со заклучоците на Советот од 29 април 1997, заснован врз индивидуалните постигнувања на државите од Регионот.**

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 4**

**Република Македонија се обврзува да воспостави соработка и добрососедски односи со другите држави од регионот, вклучувајќи соодветно ниво на заемни отстапки во однос на движењето на луѓе, стоки, капитал и услуги, како и развивање на проекти од заеднички интерес. Оваа определба претставува клучен фактор за развојот на односите и соработката меѓу Заедницата и Република Македонија и на тој начин придонесува за стабилноста во Регионот.**

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 11**

**Во согласност со нејзините заложби за мир, стабилност и развој на добрососедските односи, Република Македонија активно ќе ја поттикнува регионалната соработка. Заедницата, преку програмите за техничка помош, исто така ќе ги поддржува проектите што имаат регионална или прекугранична димензија.**

**Секогаш кога Република Македонија ќе предвиди да ја зајакне својата соработка со некоја од државите споменати подолу, во Членовите 12 до 14, таа, ќе ја информира и ќе се консултира со Заедницата и со нејзините држави-членки, во согласност со одредбите од Глава X.**

меѓу ЕУ и одредени региони. Така на пример, со одредени азиски држави денес ЕУ, освен трговски договори, одржува и таканаречено подобрено партнерство кое вклучува економска, политичка, социјална и културна соработка.

## Трговска политика на ЕУ

Трговската политика на ЕУ во голема мера потекнува од договорите склучени во рамките на Светската трговска организација. Основниот темел на заедничката трговска политика е заедничката царинска тарифа спрема трети земји. Унијата има склучено многу трговски договори со трети земји, а некои од нив се однесуваат на сите аспекти на трговските односи, додека, пак, други само на одредени производи или на групи на производи.

Договорите, исто така, се разликуваат според опфатот на олеснувањата кои се одобруваат. Тоа посебно се однесува на државите-кандидатки, но освен тие се истакнуваат и договорите склучени со Русија, Украина, државите на Кавказот и во Средна Азија, кои ги опфаќаат областите трговија, енергетика, транспорт, заштита на животната средина, соработка на полето на науката, борба против криминалот и политички дијалог.

ЕУ инсистира сите трговски договори и договорите за соработка со партнерите да содржат клаузула за човекови права, која и обезбедува на ЕУ прекинување на договорот доколку се утврди дека партнерската земја ги злоупотребила човековите права.




## Развојна политика на ЕУ

Развојната политика на ЕУ е насочена кон намалување на сиромаштијата и реформа на социјалните и економските структури во трети земји преку соработка. ЕУ и нејзините држави-членки финансираат речиси половина од целокупната меѓународна официјална развојна помош. Помошта се распределува на корисници

30

## СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

**Член 12**

***Соработка со други држави кои ќе ја потпишат***

***Спогодбата за стабилизација и асоцијација***

**Не подоцна од моментот кога барем една Спогодба за стабилизација и асоцијација ќе биде потпишана со некоја од државите на кои се однесува Процесот на стабилизација и асоцијација, Република Македонија ќе отпочне преговори со определената држава или држави, со цел потпишување на конвенција за регионална соработка чија цел е да за се зголеми обемот на соработка меѓу државите на кои се однесува.**

**Главните елементи на оваа конвенција ќе бидат:**

- **политички дијалог;**
- **основање слободна трговска зона меѓу Страните, усогласена со релевантните одредби на СТО;**
- **заемни концесии во однос на движењето на работници, основање друштва, давање услуги, тековни плаќања и движење на капитал, на ниво еквивалентно на она од оваа Спогодба;**
- **одредби за соработка во други области, било да се регулирани или не со оваа Спогодба, а особено во областа на правдата и внатрешните работи.**

**Оваа конвенција ќе содржи одредби за создавање неопходни институционални механизми, онаму каде што е неопходно.**

**Оваа конвенција за регионална соработка треба да се склучи во рок од две години по стапувањето во сила барем на втората Спогодба за стабилизација и асоцијација. Подготвеноста на Република Македонија за склучување на ваква конвенција ќе биде услов за натамошен развој на односите меѓу Република Македонија и ЕУ.**

на сите континенти и освен за проекти за економски развој, наменети се и за изградба на демократски институции, инфраструктура, развој на макроекономски програми и промоција на човековите права. Тоа посебно се однесува на африканските земји јужно од Сахара, но и на помалку развиените земји од Азија и од Латинска Америка.

Европската унија издвојува големи финансиски средства за хуманитарна помош, односно поддршка и заштита на луѓето во воените области и областите погодени од природни катастрофи според принципот на недискриминација (без оглед на расна и верска припадност, пол, возраст, националност и политичка определба). На пример, за помош во изградба на инфраструктура и грижа за бегалците во Палестина, ЕУ издвојува 100 милиони евра годишно.

## СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

**Член 13**

***Соработка со други држави на кои се однесува Процесот за стабилизација и асоцијација***

**Република Македонија ќе се вклучи во регионална соработка со другите држави на кои се однесува Процесот за стабилизација и асоцијација, во некои или во сите полиња на соработка што се опфатени со оваа Спогодба, особено оние од заеднички интерес. Оваа соработка треба да биде во согласност со начелата и целите на оваа Спогодба.**

## СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

**Член 14**

*Соработка со државите-кандидати за пристапување кон ЕУ*

**Република Македонија може да ја зајакне нејзината соработка и да склучи конвенција за регионална соработка со која било држава-кандидат за пристапување кон ЕУ, од сите области на соработка што се опфатени со оваа Спогодба. Оваа конвенција ќе има за цел постепено да ги зацврснува билатералните односи меѓу Република Македонија и определената држава на утврденото ниво на односите меѓу Европската заедница и државите-членки со оваа држава**



30



# НАДВОРЕШНА, БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА

ПОГЛАВЈЕ 31

# ПОГЛАВЈЕ 31

# НАДВОРЕШНА, БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА

## МИР И БЕЗБЕДНОСТ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Креирањето заеднички живот и воведувањето единствена валута во ЕУ се примери за долготрајни, но успешни процеси на спроведување заеднички политики. Со стапувањето во сила на Договорот за ЕУ во 1993 година зададена е уште една цел: спроведување на Заедничката надворешна и безбедносна политика.

Регионалните судири по падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година, судирите во поранешна Југославија и меѓународниот тероризам ја потврдиле потребата за создавање стратегија и инструменти за заедничка интервенција на ЕУ во однос на споменатите прашања. Основните цели на Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ се: зачувување на заедничките вредности, темелените вредности и независноста на ЕУ; јакнење на безбедноста на ЕУ и на државите-членки во сите форми; зачувување на мирот и јакнење на меѓународната безбедност, промовирање на меѓународна соработка; развој и јакнење на демократијата и владеењето на правото, почитување на човековите права и основните слободи и зајакнување на идентитетот на ЕУ на меѓународната сцена.

### СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА

**Член 7**

**Политичкиот дијалог помеѓу Страните и понатаму ќе се развива и интензивира. Тој треба да го придружува и да го зацврстува приближувањето на Европската унија и Република Македонија и да придонесува кон воспоставување блиски врски на солидарност и пронаоѓање нови форми на соработка меѓу Страните.**

**Политичкиот дијалог е наменет да промовира особено:**

- **зголемена конвергентност на ставовите на Страните за меѓународните прашања, особено за оние прашања кои најверојатно ќе имаат значајно влијание врз Страните;**
- **регионална соработка и унапредување на добрососедските односи;**
- **заеднички гледишта за безбедноста и стабилноста во Европа, вклучувајќи ги и подрачјата опфатени со заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија.**

## Како се спроведува Заедничката надворешна и безбедносна политика?

За разлика од другите заеднички политики на ЕУ, овде не се применуваат правни инструменти, туку заеднички акции, заеднички изјави и заеднички позиции, додека процесот на донесување одлуки се одвива на меѓувладино ниво.

Спроведувањето на оваа политика вклучува и примена на санкции или рестриктивни мерки кои ЕУ ги воведува за трети земји, но и за поединци. Примери за такви мерки се: забрана за увоз на оружје, трговски рестрикции, рестрикција за влез во одредена држава (воведување на виза) и сл.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 8**

**Политичкиот дијалог може да се одвива во мултилатерална рамка или како регионален дијалог, во кој ќе бидат вклучени другите држави од Регионот.**

## Европска безбедносна и одбранбена политика

Во периодот пред создавањето на Заедничката надворешна и безбедносна политика, државите-членки на ЕУ можеле да интервенираат единствено како дел од силите на ОН и на НАТО, како што тоа беше случај со дејствувањето во Босна и Херцеговина и на Косово. Во насока на што посилно надворешно дејствување на ЕУ и креирање на автономни цивилни и воени капацитети за меѓународно спречување на судири и за управување со кризни ситуации настанала Европската безбедносна и одбранбена политика, како дел од

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 9**

**Политичкиот дијалог на министерско ниво ќе се одржува во рамките на Советот за стабилизација и асоцијација, кој ќе ја има општата надлежност за какво било прашање што Страните би сакале да му го упатат.**

**На барање на Страните, политичкиот дијалог може да се одржува и во следниве форми:**

- **состаноци, онаму каде што е потребно тоа, на високи официјални претставници на Република Македонија, од една страна, и Претседавачот на Советот на Европската унија и на Комисијата, од друга страна;**
- **користејќи ги сите дипломатски канали меѓу Страните, вклучувајќи и соодветни контакти во трети држави, како и во рамките на Обединетите нации, ОБСЕ и други меѓународни форуми;**
- **сите други средства кои можат да дадат корисен придонес за зацврснувањето, развојот и забрзувањето на овој дијалог.**

Заедничката надворешна и безбедносна политика. Таа дефинира активности кои воените сили можат да ги преземат во случај на потреба, што подразбира хуманитарни и спасувачки мисии, одржување на мирот, управување со кризни ситуации и воспоставување на мир. ЕУ направи сили за брза реакција, чија воена сила постепено се изградува во текот на неколку години. Акциите се спроведуваат во соработка со различните меѓународни организации, од кои секако најважни се НАТО, ОН и ОБСЕ (Организација за европска безбедност и соработка).

Првите акции на Европската безбедносна и одбранбена политика се поврзани со просторот на

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 10**

**Политичкиот дијалог на парламентарно ниво ќе се одржува во рамките на Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, основан со Членот**

поранешна Југославија. Една од нив, која започна во 2003 година и трае и денес, е полициската мисија на ЕУ со 500 припадници во Босна и Херцеговина која е преземена од меѓународните полициски сили на ОН. Друга таква мисија е замената на силите на НАТО во Македонија (2003 година).

Члениците на ЕУ се договараат за приоритетните подрачја за акции и мисии за дејствување следејќи ја ситуацијата на европскиот континент и во светот. Некои од актуелните мисии секако се борбата против тероризмот, стратегијата за Средниот Исток, сеопфатната политика за Босна и Херцеговина, како и решавање на кризата на Косово. За правовремено решавање на кризните ситуации, ЕУ во рамки на Заедничката надворешна и безбедносна политика именувала и Висок претставник за надворешна и безбедносна политика, кој дејствува во соработка со полициските единици за проценка на кризните состојби, политичкиот и безбедносниот комитет и воениот комитет.

На воените и кризни подрачја во светот денес се распоредени посебни претставници од страна на ЕУ, и тоа на следниве локации: на Големите Езера (Африка), Блискиот Исток, на Балканот, и во Авганистан.





# ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

ПОГЛАВЈЕ 32

# ПОГЛАВЈЕ 32

## ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

Финансиските средства од заедничкиот буџет на ЕУ се собираат и распоредуваат според определени правила. Системот за прибирање на средства во заедничкиот буџет подразбира извори на финансирање, на пример, издвојување на државите-членки од сопствените царински давачки кои ги наплатуваат, дел од приходите од ДДВ и одреден процент од БНП на државата. Парите од буџетот на ЕУ се наменети за различни потреби: земјоделски и рурален развој, вложување во инфраструктурни проекти, развој на послабо развиени региони на ЕУ и слично.

Освен заедничкиот буџет на ЕУ, тука се и националните буџети на државите-членки. За да може собирањето и распределбата на финансиските средства на сите нивоа да функционира ефикасно, организиран е систем за контрола во три области:

- внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор (Public internal financial control – PIFC)
- надворешна ревизија
- заштита на финансиските интереси на ЕУ.

Поглавјето 32 се однесува на стандардите, методите и на меѓународно прифатените принципи на внатрешната финансиска контрола во целиот јавен сектор и контрола на трошењето на средствата од фондовите на Европската унија. Ова Поглавје ја пропишува и обврската за основање и дејствување на систем за финансиско управување, организациска структура на национално, но и наднационално ниво и независен систем на надворешна ревизија.

### Финансиска контрола во јавниот сектор

Овој вид на контрола е поврзан со контролата на финансиското управување со државните средства (без оглед на тоа дали дошле од национални или меѓународни извори) со посебна контрола на распределбата на средства од фондовите на ЕУ.

Кои се целите на финансиската ревизија? Како дел од внатрешната финансиска контрола во јавниот сектор, финансиската ревизија ја утв-

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 83**

**Банкарство, осигурување и други финансиски служби**

**Страните ќе соработуваат за да воспостават и да развиваат соодветна рамка за поттикнување на банкарскиот, осигурителниот и секторот на финансиските служби во Република Македонија.**

**Соработката ќе биде насочена кон:**

- **усвојување заеднички сметководствен систем, компатибилен со европските стандарди;**
- **јакнење и преструктуирање на банкарскиот, осигурителниот и другите финансиски сектори;**
- **подобрување на супервизијата и регулирањето на банкарската и другите финансиски служби;**
- **размена на информации, особено во однос на законодавството што се подготвува.**
- **подготовка на преводи и терминолошки речници.**

**Страните ќе соработуваат за да развиваат ефикасен систем на финансиска ревизија во Република Македонија, којшто ќе биде во согласност со хармонизираните методи и процедури на Заедницата.**

**Соработката ќе биде насочена кон:**

- **техничка помош за Службата на ревизори на Република Македонија;**
- **основање одделенија за внатрешна контрола во агенциите на државата;**
- **размена на информации во однос на системот на ревизија;**
- **стандардизација на ревизорската документација;**
- **обука и советодавни активности.**

рдува ефикасноста и остварувањето на задачи во деловните процеси на буџетскиот корисник, предупредува за неправилности и неусогласености со законските и другите прописи со кои се уредува работењето, и предлага мерки за отстранување на неправилностите и за унапредување на работењето. Основната намена на финансиската ревизија е да даде информација и совет за правилно водење на сметководството и правилно користење на средствата.

## Надворешна ревизија

За разлика од внатрешната ревизија која е дел од одредена институција и која ги информира водечките структури на фирмата за слабостите и проблемите, надворешната ревизија е целосно независна од самата организација чиишто финансиски активности ги анализира. На пример, во приватниот сектор, надворешната ревизија ги известува акционерите, а во јавниот сектор надворешниот ревизор ги известува избраните

претставници – локалниот советник на ниво на локалната власт - Парламентот на национално ниво.

## Заштита на финансиските интереси на Европската унија

За заштита на финансиските интереси на Европската унија основана е Европска канцеларија за борба против измами (ОЛАФ). Оваа служба се бори против корупцијата и другите незаконски активности со финансиски последици. Казните за злоупотреба на финансиските средства од буџетот на ЕУ подразбираат гонење од страна на националните власти, дисциплински постапки, административни и финансиски санкции.





# ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ




ПОГЛАВЈЕ 33

# ПОГЛАВЈЕ 33

## ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 104**

**За да се постигнат целите на оваа Спогодба и во согласност со членовите 3, 108 и 109, Република Македонија може да користи финансиска помош од Заедницата во форма на неповратни средства и на заеми, вклучувајќи и заеми од Европската инвестициона банка.**

Како и на ниво на поединечни држави, така и на ниво на ЕУ постои единствен буџет наменет за различни потреби. Него го полнат сите држави-членки, во зависност од можностите.

### За што се користат парите од буџетот на ЕУ?

Најголем дел од буџетот е наменет за управување со природните ресурси, посебно земјоделството и руралниот развој на државите-членки. Голем дел од финансиските средства се издвојува за регионален развој, т.е. за намалување на разликите меѓу развиените и послабо развиените региони на ЕУ (во економска, општествена, еколошка смисла) и за инфраструктурни проекти – изградба на патишта, аеродроми и морски пристаништа, мостови, унапредување на телекомуникациската инфраструктура итн.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 105**

**Финансиската помош, во форма на неповратни средства, ќе биде изведувана со оперативните мерки утврдени во соодветната регулатива на Советот во вид на повеќегодишна рамка воспоставена од страна на Заедницата по извршени консултации со Република Македонија.**

**Вкупната цел на помошта, во форма на градење институции и инвестиции, треба да придонесе за демократски, економски и институционални реформи во Република Македонија, во согласност со процесот за стабилизација и асоцијација. Финансиската помош може да се користи за сите области на усогласување на законодавството и политиката на соработка од оваа Спогодба, вклучувајќ и ги и правда и внатрешни работи. Целосното спроведување на инфраструктурните проекти од заемен интерес идентификувани во Спогодбата за соработка во областа на сообраќ ајот ќе биде разгледано.**

Освен тоа, ЕУ учествува во финансирањето на економскиот и општествениот развој на државите ширум светот кои не се членки (сиромашните африкански држави, карипските и пацифичките земји), издвојува средства за државите-кандидатки, а го помага и развојот на медитеранските земји – економски партнери.

Поглавјето 33 од преговорите ги опфаќа правилата за сопствените средства кои претставуваат финансиски приходи за буџетот на ЕУ.

## Извори на средства за буџетот на Европската унија

Ова Поглавје содржи правила за издвојување средства за буџетот на ЕУ. Постојат четири видови на средства:

- Земјоделски давачки и давачки на шеќер, кои опфаќаат царински давачки кои се наплатуваат при увозот на земјоделски производи, изогликоза и инулински сируп кои се применуваат на производителите на шеќер од државите кои не се членки на ЕУ.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 106**

**На барање на Република Македонија и во случај на посебни потреби, Заедницата во координација со меѓународните финансиски институции може да ја испита можноста за доделување на макро-финансиска помош по исклучителни основи, што ќе подлежи на одредени услови, земајќи ја предвид, таму каде што е можно, расположливоста на сите финансиски ресурси.**

- Царински давачки, кои се наплаќаат на надворешните граници на ЕУ при увоз на стоки од држави кои не се членки.

Наведените видови на давачки се нарекуваат традиционални сопствени средства и покриваат 15% од приходите во буџетот на ЕУ. Од наплатените финансиски средства државите-членки задржуваат 25% во сопствените национални буџети, а останатите 75% се издвојуваат во буџетот на ЕУ.

Од другите извори на државите-членки во буџетот на ЕУ се издвојува помал дел. Тоа се:

- Уплатите врз основа на приходи од ДДВ. Се работи за финансиски придонеси на државите-членки во висина од 0,5% од приходите од ДДВ според усогласената даночна основица.
- Уплати врз основа на висината на бруто националниот производ (БНП) на државата-членка, а бидејќи БНП е мерка за националното богатство, секоја држава-членка придонесува во буџетот во согласност со своите можности.

Сопствените средства од приходи на име на ДДВ опфаќаат околу 35% од приходите во буџетот на ЕУ, а приходот врз основа на висината на бруто националниот производ сочинува речиси половина од буџетските приходи на ЕУ.

За средствата кои во буџетот ги издвојуваат државите-членки може да се каже дека се различни форми на даноци на државите членки. Финансиските средства собрани од акцизи за увоз на земјоделски производи во Обединетото Кралство можат, на пример, да се потрошат за поддршка на ревитализација и изградба на патни мрежи во руралните подрачја на Бугарија и слично.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 106**

**На барање на Република Македонија и во случај на посебни потреби, Заедницата во координација со меѓународните финансиски институции може да ја испита можноста за доделување на макро-финансиска помош по исклучителни основи, што ќе подлежи на одредени услови, земајќи ја предвид, таму каде што е можно, расположливоста на сите финансиски ресурси.**

Издвојувањето на дел од БНП е најнов извор на средства за буџетот на ЕУ, воведен во 1988 година, од две причини: заради ширење на одговорноста на ЕУ и овозможување на послободна меѓународна трговија (намалување на приходите од царини и акцизи). Обврска на државите-членки, во смисла на почитување на правилата во врска со финансиските и буџетските одредби на Унијата, е да воспостават соодветна административна инфраструктура потребна за координација и обезбедување на исправна и точна пресметка, собирање, плаќање и контрола на сопствените средства.



# ИНСТИТУЦИИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА



**ПОГЛАВЈЕ 34**

# ПОГЛАВЈЕ 34

## ИНСТИТУЦИИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 108**

**Со ова се воспоставува Совет за стабилизација и асоцијација кој ќе врши надзор врз примената и спроведувањето на оваа Спогодба. Тој ќе се состанува на соодветно ниво во редовни интервали и кога тоа го бараат околностите. Тој ќе разгледува кои било поважни прашања опфатени со оваа Спогодба, како и кои било други билатерални или меѓународни прашања од заемен интерес.**

Според студијата која ја спровела Европската комисија во изминатите неколку месеци, пристигнале тужби на неколку илјади патници кои наведуваат дека не се почитуваат нивните права. Понекогаш авионските компании одбивале да платат оштета, а во други случаи националната канцеларија за контрола забележала прекршоци, но сепак не биле исполнети барањата на патниците. Од вкупно 18.000 тужби кои пристигнале во Европската комисија, најмногу биле од Обединетото Кралство (6.090), потоа од Франција (2.700) и од Италија (2.557), а најмалку од Латвија (24), Луксембург (15) и од Малта (13). За да можат патниците во авионскиот сообраќај конечно, брзо и по кратка постапка, да го добијат со закон загарантираното право на оштета заради доцнење на летовите на пример, Европската комисија им дала ултиматум на Европските авио-компании. Европскиот парламент донел закон со кој од 2009 година се забрануваат повеќето тестирања на козметика врз животни, како и продажба на козметика во ЕУ која е тестирана врз животни на некое друго место. Европскиот суд на правдата им дал на државите право да наметнат забрана за продажба на лекови на рецепт преку интернет аптеки, заклучувајќи дека на таков начин продажбата би ја отежнала прописната употреба на лекови.

Во дневниот печат секојдневно се сретнуваме со вакви и слични написи. Но која е всушност улогата на Европскиот парламент, Европската комисија, Советот на Европската унија и на другите институции?

Поглавјето 34 се однесува на структурата и дејствувањето на институциите и телата на ЕУ. Во процесот на стабилизација и асоцијација, државите-кандидатки треба да се приспособат кон правилата на ЕУ за да се обезбеди еднаква застапеност на тие држави во институциите на ЕУ (Европскиот парламент, Европската комисија, Европскиот суд на правдата) и во другите тела, со што би се обезбедило ефикасно функционирање на системот на донесување одлуки, изборот за Европски парламент и слично.

Иако правилата на ЕУ од ова Поглавје не влијаат на внатрешната организација на државите, државите-кандидатки мора да бидат подготвени во целост да учествуваат во процесот

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 109**

**Советот за стабилизација и асоцијација ќе биде составен од членови на Советот на Европската унија и членови на Комисијата на Европските заедници, од една страна, и членовите на Владата на Република Македонија, од друга страна.**

**Советот за стабилизација и асоцијација ќе усвои деловник за работа.**

**Можно е членовите на Советот за стабилизација и асоцијација да бидат претставени со други, во согласност со условите што ќе се предвидат во неговиот деловник за работа.**

**Со Советот за стабилизација и асоцијација наизменично ќе претседава претставник од Европската заедница и претставник од Република Македонија, во согласност со одредбите кои ќе се утврдат во неговиот деловник за работа.**

**Во однос на прашањата кои ја засегаат, во работата на Советот за стабилизација и асоцијација ќе учествува, како набљудувач, и Европската инвестициона банка.**

на донесување одлуки во ЕУ со основање на потребните тела и механизми на национално ниво и избор на претставници за институциите во ЕУ.

Она по што ова Поглавје се разликува од другите е тоа што од државите-кандидатки не се бара правно усогласување во периодот пред пристапувањето. По завршувањето на преговорите за пристапување, во периодот до самото пристапување, се обезбедува интеграција на државата-кандидатка во структурите на ЕУ преку постапки на информирање и консултации.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 110**

**Советот за стабилизација и асоцијација, за да се постигнат целите на оваа Спогодба, ќе има овластување да донесува одлуки во рамките на Спогодбата во случаите предвидени во истата. Донесените одлуки ќе бидат обврзувачки за Страните, кои ќе ги преземат мерките неопходни за спроведување на така донесените одлуки. Кога ќе решава за преминот кон втората фаза, како што е предвидено во членот 5, Советот за стабилизација и асоцијација може исто така да одлучи за кои било можни измени во однос на содржината на одредбите што ја регулираат втората фаза.**

**Во својот деловник за работа Советот за стабилизација и асоцијација ќе ги определи должностите на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кои ќе вклучат подготовка на состаноците на Советот за стабилизација и асоцијација, а ќе одлучи и како ќе функционира Комитетот.**

**Советот за стабилизација и асоцијација може на Комитетот за стабилизација и асоцијација да му пренесе кое било од своите овластувања. Во таков случај Комитетот за стабилизација и асоцијација ќе ги донесува своите одлуки во согласност со условите поставени во овој член.**

**Советот за стабилизација и асоцијација исто така може да донесе соодветни препораки. Тој своите одлуки и препораки ќе ги донесува по договор на Страните.**

## Совет на Европската унија (Council of the EU)

Советот на Европската унија или Советот на министри е највисоката законодавна институција на ЕУ и е составена од министри на националните влади на државите-членки. Тука, на европско ниво, се застапени националните интереси, а својата законодавна улога ја дели со Европскиот парламент.

Составот на Советот на ЕУ се менува во зависност од областа за којашто се одлучува. Ако се одлучува за прашања за заштита на животната средина, во Советот седат министрите за заштита на животната средина од државите-членки, а ако се работи за рурален развој, ќе се состанат министрите за земјоделство или други соодветни ресори од националните влади.

Имајќи предвид дека министрите во Советот на ЕУ се истовремено и министри во сопствените, националните влади, Советот на ЕУ се состанува само повремено. За да постои континуирана работа основан е Комитет на постојаните претставници – КОРЕПЕР (COREPER - Comité des Représentants Permanents). Пред одлучувањето за некое прашање во Советот на ЕУ, за тоа прашање се расправа и гласа во КОРЕПЕР. Во случај да нема тешкотии при гласањето во КОРЕПЕР, министрите во Советот на ЕУ не расправаат за тоа прашање.

## Европска комисија (European Commission) – кој, што, како?

За Комисијата често се вели дека е „нај-европската" институција во ЕУ заради своите наддржавни обележја. Нејзините членови, избирани од државите-членки, не ги промовираат националните интереси туку интересите на ЕУ. Секој член добива по еден ресор на Комисијата и тој се нарекува Генерален директорат (Directorate General – DG). Така, на пример, Мариен Фишер Боел е комесар на ЕК за земјоделство и рурален развој, а Јан Фигел за образование, обука, култура и млади.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 111**

**Секоја Страна пред Советот за стабилизација и асоцијација може да поднесе каков било приговор во врска со примената или толкувањето на оваа Спогодба. Советот за стабилизација и асоцијација може да го реши спорот по пат на обврзувачка одлука.**

Најважните функции на Комисијата се осмислување на политиката на ЕУ и покренување на законодавните постапки. Иако тоа е извршно тело на ЕУ, извршувањето на политиките на ЕУ главно им се препушта на телата на државите-членки, со напомена дека Комисијата надгледува дали државите-членки ги спроведуваат обврските кои произлегуваат од нормите донесени на европско ниво.

## Како функционира Европскиот парламент (European Parliament) и кои се пратеници во него?

Со основачкиот договор за ЕУ, на државите-членки им се доделени пратенички места во Европскиот парламент кои во одредена мера се пропорционални со бројот на жителите на државата-членка. Така, Германија има 99 пра-

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 112**

**На Советот за стабилизација и асоцијација во извршувањето на должностите ќе му помага Комитет за стабилизација и асоцијација, заеднички комитет составен од претставници на Советот на Европската унија и претставници на Комисијата на Европските заедници, од една страна, и од претставници на Република Македонија, од друга страна.**

теници, Италија, Франција и Обединетото Кралство по 78 пратеници, Романија има 35, а пет пратеници доаѓаат од Малта.

Изборите се одржуваат на секои пет години, а седиштето на Европскиот парламент е во Стразбур.

Иако пратениците се избираат според национални квоти, тие, на европско ниво, не се организирани според национална основа, туку според политички определби, бидејќи сродните национални политички партии се организирани во европски партии. Така на пример, националните партии со демократско-христијанска ориентација ја сочинуваат Европската народна партија и слично.

Европскиот парламент има три функции:

- Законодавна
- Контролна (над Европската комисија)
- Донесување на буџет за ЕУ

Парламентот денес има вистинска законодавна улога, освен во одредени прашања како што се Заедничката надворешна и безбедносна политика и полициската и судска соработка. Контролата над Европската комисија вклучува потврдување на составот на Европската комисија, како и нејзиниот претседател, а Комисијата е исто така должна да го известува Парламентот за својата работа. Буџетот на ЕУ го предлага Европската комисија, а заеднички го донесуваат Парламентот и Советот на ЕУ.

## Кои се функциите на Европскиот суд на правдата? (European Court of Justice)

Европскиот суд на правдата е институција која се состои од два суда: Суд на Европските заедници и Првостепен суд. Улогата на судот е оформување на правен поредок на ЕУ и почитување на правата. Со што се занимава Судот на Европските заедници? Овластен е, на пример, за утврдување дали некоја држава-членка ја крши обврската втемелена во правото на ЕЗ, за водење на постапки заради пропуст на некоја од институциите на ЕУ, да донесе акт којшто како институција има обврска да го донесе и слично.

**СПОГОДБА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 113**

**Комитетот за стабилизација и асоцијација може да основа под-комитети.**

**Комитетот за сообраќај, основан според Спогодбата во областа на сообраќајот, ќе му помага на Комитетот за стабилизација и асоцијација.**



# ЗА ДРУГИТЕ ПРАШАЊА



# ПОГЛАВЈЕ 35

## ЗА ДРУГИТЕ ПРАШАЊА

Последното Поглавје носи наслов „Други прашања" и се решава на крајот на процесот на преговори, а вклучува прашања кои не можеле да се појават во текот на преговорите, а ниту се опфатени во рамките на некое од другите поглавја.

Во случајот на Хрватска, едно такво прашање иницирано од ЕУ во врска со науката и истражувањето е очекувањето Хрватска да коучествува во Истражувачкиот фонд за јаглен и челик (Research Fund for Coal and Steel – RFCS). За тоа прашање и за прецизната пресметка за учеството на Хрватска во споменатиот фонд ќе се расправа токму во поглавјето „Други прашања".

### За што служи Истражувачкиот фонд за јаглен и челик?

Основан е во 2002 година за поттикнување на истражувањето и креирање на нови технологии на производство и нивно искористување. Јагленот како извор на енергија е достапен во големи количества и дава околу 40% од електричната енергија во светот. Според тоа, целта на овој Фонд е истражување (и пронаоѓање) на нови, чисти технологии за негова преработка со намалување на емисијата на јаглерод диоксид во атмосферата. Иако Европа е на светскиот врв по производство на челик, овој Фонд се стреми кон унапредување на европската црна металургија и со тоа да стане поконкурентна во однос на растечките економии од Источна Азија.

Подетални информации за програмата се достапни на официјалната Интернет страница на Европската унија ftp://ftp.cor- dis.europa.eu/pub/coal-steel-rtd/docs/rfcs-brief.pdf

### Воведување на заштитни клаузули во Поглавјето „Други прашања"

Во ова Поглавје, во случајот на проширување на ЕУ во 2004 година се воведени три заштитни клаузули:

- Општи економски клаузули
- Посебни заштитни клаузули кои се однесуваат на внатрешниот пазар
- Посебни заштитни клаузули на судството и на внатрешните работи.

Општата економска заштитна клаузула ги опфаќа сите сектори на стопанството или економската состојба на дадената област во „старите” и во „новите” држави-членки. Заштитната клаузула за внатрешниот пазар ги опфаќа сите секторски политики кои се однесуваат на економските активности со прекугранични ефекти, додека заштитната клаузула во областа на судството и на внатрешните работи вклучува взаемно признавање во областа на кривичното право и во граѓанските предмети.

Заштитните клаузули кои се однесуваат на внатрешниот пазар и на судството и внатрешните работи се применуваат единствено на „новите” држави-членки, со напомена дека заштитните мерки можат да се преземат до истекот на тригодишниот период по пристапувањето според горенаведените клаузули, но можат да останат во сила и по тој период.

CIP- Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски”, Скопје

321.728(497.7)
316.422(497.7:4 672 ЕУ)

ПРИСТАПУВАЊЕ во Европската унија: за што ќе преговараме?;
Скопје: Фондација Инситут отворено општество. 2009.-176 стр.
20см: илустр.

ISBN 978-608-218-024-3

а) Општествено-политички реформи-Македонија-Усогласување
Европска унија

COBISS.MK 79144458